UDK 355/359 CODEN SMOOAM ISSN 1409-8199

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Vol. 16, Number 31, 2016

31

ГОДИНА XVI
СКОПЈЕ
ДЕКЕМВРИ 2016



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА | Год. | Број | Стр. | Скопје |
| | 16 | 31 | 1-178 | 2016 |
| CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE | Vol. | No | pp | Skopje |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА
# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

ISSN 1409-8199
*e*-ISSN 1857-887X

Година 16, бр. 31, декември 2016 / Vol. 16, No. 31, December 2016

Скопје
декември 2016



# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Министерство за одбрана
„СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
„Орце Николов“ 116 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276, 02 3113 527
Интернет адреса:
WEB на Министерството за одбрана:
http://www.morm.gov.mk/sovremena-makedonska-odbrana/
Списанието излегува два пати годишно.
ISSN 1409-8199
Скопје, декември 2016 година

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Publisher:
**MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

Ministry of Defence
„CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE“
„Orce Nikolov“ 116 1000 Skopje
Tel.: 02 3128 276, 02 3113 527
Internet adress:
WEB of the Ministry of Defence:
www.morm.gov.mk/contemporary-macedonian-defence/
The magazine is published twice a year
ISSN 1409-8199
Skopje, December, 2016

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ НА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Д-р *Зоран* ЈОЛЕВСКИ, ***претседател на Издавачкиот совет***
Вон. проф. *Александар* ГЛАВИНОВ, полковник, ***главен и одговорен уредник***
Вон. проф. *Мухамет* РАЦАЈ, генерал мајор, ***заменик-главен и одговорен уредник***

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
Проф. д-р *Орце* ПОПОВСКИ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Томе* БАТКОВСКИ, *Факултет за безбедност, Скопје*
Проф. д-р *Билјана* ВАНКОВСКА, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Вон.проф. д-р *Методи* ХАЏИ-ЈАНЕВ, *полковник, Воена академија, Скопје*
Проф. д-р *Цане* МОЈАНОСКИ, *Факултет за безбедност, Скопје*
Доц. д-р *Ненад* ТАНЕСКИ, *потполковник, Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Жанет* РИСТОСКА, *Министерство за одбрана на РМ*
Доц. д-р *Урим* ВЕЈСЕЛИ, *Центар за управување со кризи*

***МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
Проф. д-р *Лидија* ГЕОРГИЕВА, Република Македонија, ***претседател***
Проф. д-р *Арта* МУСАРАЈ, Република Албанија
Проф. д-р *Николај* ПАЛАШЕВ, Република Бугарија
Проф. д-р *Бејтуш* ГАШИ, Република Косово
Проф. д-р *Зоран* ДРАГИШИЌ, Република Србија
Доц. д-р *Абас* ЛЕШИ, бригаден генерал, Република Албанија
Доц. д-р *Ерик* КОПАЧ, Република Словенија
М-р *Лоренцо* ХИПОНИА, САД
Вон. проф. *Ирина* ЧУДОСКА БЛАЖЕВСКА, Република Македонија

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
Проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Доц. д-р . *Билјана* КАРОВСКА АНДОНОВСКА, *ФОН Универзитет*
Проф. д-р *Ризван* СУЛЕЈМАНИ, *Државен универзитет – Тетово*
Проф. д-р *Тони* МИЛЕСКИ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Оливер* БАКРЕСКИ, *Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Скопје*
Проф. д-р *Драге* ПЕТРЕСКИ, полковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Ненад* ТАНЕСКИ, потполковник, *Воена академија, Скопје*
Вон. проф. *Александар* ГЛАВИНОВ, полковник, *Воена академија, Скопје*
Доц. д-р *Димче* ПЕТРОВСКИ, генерал-мајор, *ГШ на АРМ*
Доц. д-р *Атанас* КОЗАРЕВ, *ЕУРМ, Скопје*
Доц. д-р *Жанет* РИСТОСКА, *Министерство за одбрана на РМ*
Проф. д-р *Методија* ДОЈЧИНОВСКИ, полковник, *Воена академија, Скопје*

**В.Д. секретар и лектура:** *доц. д-р Жанет* РИСТОСКА
**Ликовно-графички уредник:** *Билјана* ИВАНОВА

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL OF
THE MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Dr. *Zoran* JOLEVSKI, ***President of the Publishing Board***
Assoc. Prof. *Aleksandar* GLAVINOV, Colonel, ***Editor-in-Chief***
Assoc. Prof. *Muhamet* RACAJ, Major General, ***Deputy Editor-in-Chief***

***PUBLISHING BOARD***
Prof. Dr. *Orce* POPOVSKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Rose* SMILESKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Tome* BATKOVSKI, *Faculty for Security, Skopje*
Prof. Dr. *Biljana* VANKOVSKA, Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje
Ass. Prof. *Metodi* HADZI-JANEV, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Prof. Dr. *Cane* MOJANOSKI, *Faculty for Security, Skopje*
Ass. Prof. *Nenad* TANESKI, *Lieutenant Colonel, Military Academy, Skopje*
Ass. Prof. *Zhanet* RISTOSKA, *Ministry Of Defence of RM*
Ass. Prof. *Urim* VEJSELI, *Crisis Management Center, Skopje*

***INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD***
Prof. Dr. *Lidija* GEORGIEVA, Republic of Macedonia, ***President***
Prof. Dr. *Arta* MUSARAJ, Republic of Albania
Prof. Dr. *Nikolaj* PALASHEV, Republic of Bulgaria
Prof. Dr. *Bejtush* GASHI, Republic of Kosovo
Prof. Dr. *Zoran* DRAGISHIC, Republic of Serbia
Ass. Prof. *Abaz* LLESHI, Brigadier General, Republic of Albania
Ass. Prof. *Erik* KOPAČ, Republic of Slovenia
MA *Lorenco* HIPONIA, USA
Ass. Prof. *Irina* CHUDOSKA BLAZHEVSKA, Republic of Macedonia

***EDITORIAL BOARD***
Prof. Dr. *Zoran* NACEV, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Ass. Prof. *Biljana* KAROVSKA ANDONOVSKA, *FON University*
Prof. Dr. *Rizvan* SULEJMANIU, *State University of Tetovo*
Prof. Dr. *Toni* MILESKI, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Prof. Dr. *Oliver* BAKRESKI, *Institute for Security, Defence and Peace, Faculty of Philosophy, Skopje*
Prof. Dr. *Drage* PETRESKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Ass. Prof. *Nenad* TANESKI, Lieutenant Colonel, *Military Academy, Skopje*
Assoc.Prof. *Aleksandar* GLAVINOV, Colonel, *Military Academy, Skopje*
Ass. Prof. *Dimche* PETROVSKI, Major-General, *GS of the ARM*
Ass. Prof. *Atanas* KOZAREV, *EURM, Skopje*
Ass. Prof. *Zhanet* RISTOSKA, *Ministry Of Defence of RM*
Prof. Dr. *Metodija* DOJCHINOVSKI, Colonel, *Military Academy, Skopje*

**Acting Secretary:** Ass. Prof. *Zhanet* RISTOSKA
**Graphic Designer & Editor:** *Biljana* IVANOVA
**Proofreading and Editing:** MA *Elena* TRAJANOVSKA

# СОДРЖИНА:

Ѓорге ИВАНОВ
**ГЕОСТРАТЕГИСКА И ГЕОПОЛИТИЧКА ПОЗИЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА** ........ 11

Драге ПЕТРЕСКИ
Златко ПАВЛОСКИ
Андреј ИЛИЕВ
**ВОЕНАТА ИНДУСТРИЈА И НЕЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСТАНИТЕ ВО СВЕТОТ** ........ 31

Оливер Бакрески
Драган ТРИВАН
Севил МУАРЕМОСКА
**ПРАВНИ ОСНОВИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРИВАТНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР – КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА** ........ 43

Росе СМИЛЕСКИ
Љупчо ШОШОЛОВСКИ
**СОЗДАВАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ НА РАДИОАКТИВЕН ОТПАД И НЕГОВО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** ........ 55

Александар ГЛАВИНОВ
Горан КАМЧЕВ
**ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ВОЕНИТЕ АКТИВНОСТИ** ........ 69

Билјана КАРОВСКА-АНДОНОВСКА
Рина КИРКОВА
**ЕВРОПСКИ РЕФОРМСКИ ПАКЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ - ПРАВНА РАМКА И ОЧЕКУВАЊА** ........ 83

Назиф МАНДАЧИ
**ЗАГЛАВЕНИ ВО ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА** ........ 99

Ирина ЧУДОСКА БЛАЖЕВСКА
**ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД КОНФЛИКТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИМИГРАНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........................................115

Љупчо РИСТОВСКИ
**МОРАЛНИОТ СТАНДАРД ВО ПРОФИЛИРАЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКИОТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ** ....................................................133

Кире ЈАНЕВ
Методија ДОЈЧИНОВСКИ
Ненад ТАНЕВСКИ
**САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ – ЗАКАНА ПО НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА СОВРЕМЕНИТЕ ДЕМОКРАТСКИ ДРЖАВИ** .........................147

Златко КУЗМАНОВ
**ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА ПОЧЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОФИЦЕРИТЕ** ..........................................................................................163

*Почитувани,*

*„Современа македонска одбрана“ е меѓународно научно списание кое го издава Министерството за одбрана на Република Македонија, во кое имате можност да прочитате научни трудови од еминентни автори коишто се занимаваат со теми од областа на одбраната и безбедноста. Сите трудови се рецензирани и имаат соодветна научна квалификација според УДК-системот за класификација и се дел од меѓународниот систем за класифицирање на научни трудови – EBSCO. Во изминатите 32 броеви на Современа македонска одбрана сме имале чест да имаме кратки воведни обраќање од неколку министри за одбрана.*

*Во овој број на „Современа македонска одбрана“ имаме чест како воведен труд да го објавиме предавањето на претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата, проф. д-р Ѓорге Иванов, кое тој го одржа пред професорите и кадетите на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје, предавање со кое и официјално започна новата академска година на Воената академија.*

*Благодарни сме што имаме можност да го објавиме во целост ова предавање во кое од научна, но и од искуствена и експертска гледна точка се елаборираат некои од најгорливите безбедносни проблеми кои ја засегаат целокупната меѓународна заедница и се од непроценливо значење за согледување на состојбите со мигрантската и бегалската криза во регионот, но и пошироко во глобални рамки. Особено е значајно што се анализираат и проблемите кои се појавија во Република Македонија како земја од „Балканската рута“ преку која поминуваат стотици илјади бегалци и мигранти од кризните подрачја во светот.*

*Главен и одговорен уредник*
*Проф. д-р Александар Главинов*

325.254.4(4)(091)(042)

# ГЕОСТРАТЕГИСКА И ГЕОПОЛИТИЧКА ПОЗИЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА

## Предавање на претседателот на Република Македонија, неговата екселенција, д-р Ѓорге Иванов, на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“

Ние сме генерација којашто живее на преминот од еден милениум во друг милениум, од еден свет во друг свет, од еден систем во друг систем. Уште пред 3 000 години во кинеската „Книга на промени“ се вели дека единствено нешто што не се менува се промените.[1] Но, изминативе години видовме дека и нешто друго не се менува, а тоа е географијата. Миграциите од Африка, Арапската пролет, сведочат за нешто што големиот стратег Николас Спајкман го кажа уште во 1942 г.: „*Географијата не подлежи на убедување, тоа е најфундаменталниот фактор во надворешниот фактор на државите. Бидејќи е најтрајно. Министрите доаѓаат и заминуваат, дури и диктаторите умираат, но планинските венци остануваат непроменети*“. [2]

Живееме на простор каде што отсекогаш се случувале разни движења. Минатата година низ територијата на Република Македонија минаа речиси еден милион бегалци и мигранти. Граѓаните на град Скопје не ја ни почувствуваа таа голема раздвиженост затоа што нашата армија и полиција овозможија речиси да не видат ниту еден мигрант. Послуживме како пример за другите држави како треба да се справуваат со напливите на мигранти. Ние сме дел од балканската рута по која денес се движат мигрантите. Во минатото, по таа иста рута се движеле војските. Затоа оваа рута во време на Римската Империја била наречена „*Via Militaris*“. Наспроти неа е „*Via Egnatia*“ која одела од Исток кон Запад. Мигрантите ја користеа оваа рута бидејќи е најбрза, најевтина и најбезбедна. Во Македонија тоа е долината на Вардар, во Србија долината на Морава, и кога ќе дојдете до Дунав, таа продолжува во Унгарија. Но, кога Унгарија постави ограда, таа рута преку долината на реката Сава се префрли во Хрватска, во Словенија и во Австрија. Цел на мигрантите беше да дојдат до земјите со европски стил на живот или едноставно кажано, да бидат во свет во кој ќе имаат многу подостоинствен живот. Меѓутоа, ние не сме единствената рута што постои. На Медитеранот постојат три рути (Карта 1: Мигрантски рути): [3]

- Западномедитеранската рута преку Мароко доаѓа до Пиринејскиот Полуостров;
- Централномедитеранската преку Либија и Египет до Италија;
- Источномедитеранската и Балканска рута преку Турција и југозападниот Балкан доаѓа до Централна Европа.

Прва мигрантска рута отворена пред уште 15-тина години беше Западно-медитеранската рута. Мигрантите претежно доаѓаа од Мароко, Западна Сахара и Алжир, а нивна цел беше Шпанија. Во Шпанија денес има 5 милиони мигранти од Африка. Но, со регулирањето и со затворањето на таа рута се активираше централно-медитеранската рута или позната по медиумите како остров Лампедуза. Лампедуза беше место каде што се слеваат сите мигранти кои доаѓаа од територијата на Либија и Тунис. По Арапската пролет во овие држави се сруши дотогашниот поредок. Мигранти од Рогот на Африка, од Џибути, Еритреја, Етиопија и Сомалија ја користеа територијата на Либија за да дојдат до Европа. Неколку години ова беше доминантната рута за доаѓање на бегалците во Европа.

Но, кон крајот на 2014 г. и почетокот на 2015 година, илегални мигранти од Косово масовно тргнаа со автобуси кон Европа.[4] Рутата што ја отворија косовските мигранти подоцна ја искористија и бегалците и мигрантите од Сирија (Карта 2: Мигрантска рута кон Германија)[5].

Сите три рути се напојуваат од Африка и од Азија (Карта 3: Трендови и националности на илегалните мигранти.[6] Карта 4: Европската мигрантска криза.[7] Карта 5: Европската мигрантска криза[8]).

Според последниот попис во Сирија во 2004 година имало 17 милиони жители.[9] Сега се претпоставува дека се повеќе од 20 милиони, од кои половина се надвор од Сирија. Во Турција досега има речиси 3 милиони бегалци од Сирија, во Либан и во Јордан по еден милион, а во Египет 600.000.

Отсуството на целосна меѓународна помош за бегалските кампови на Блискиот Исток придонесе мигрантскиот бран да се насочи кон источномедитеранската рута. Главна точка беше островот Лезбос. Најголем дел од тие мигранти се упатија кон Европа. Мигрантите ја покажуваат раздвиженоста на Африка. Во Африка веќе живеат 1.2 милијарди луѓе.[10] Но, еколошките проблеми, климатските промени, сушите, ширењето на пустините предизвикаа, покрај бегалците од конфликтите на Блискиот Исток, да имаме сѐ повеќе еколошки и климатски мигранти од Африка.

Но, зошто доаѓаат преку Балканот? Во минатото тоа било траса на војските, кои не оделе по планините, туку по котлините и по долините. Ние живееме на простор, каде што имаме Вардарска долина, која е дел од природните рути. Овие рути што ги гледате помеѓу Африка и Азија, кон Европа и Северна Азија се рутите што ги користат птиците, кои речиси никогаш не одат над отворено море, туку ја следат копнената рута. Затоа, природните рути минуваат кај Гибралтар, Лампедуза и Балканот (Карта 6: Природни миграции [11]).

Мигрантите ги користат рутите што ги користи природниот свет. Тоа кажува дека географијата повторно се враќа на сцена. Географијата во минатиот 20 век и почетокот на овој 21 век беше запоставена. Многумина веруваа дека почнуваме да го живееме сонот на обединета Европа без граници, во која географијата не е важна. Затоа и Европската унија побара од нас да го примениме интегрираниот систем на гранично управување според кој наместо армијата, граничната полиција ќе биде таа што ќе го обезбедува територијалниот суверенитет.

Но, во услови на неколку паралелни кризи, на виделина излегоа сите слабости на Европската унија. Од една страна беше политиката на отворени врати на германскиот канцелар Ангела Меркел, која ги покани бегалците и мигрантите да дојдат во Европа.[12] Од друга страна, на почетокот на 2015 г., илјадници од Германија беа вратени во Унгарија. И тогаш премиерот Орбан донесе одлука да се постави ограда за да не се користи територијата на неговата држава како транзитна земја и чувар на надворешните граници на Унијата. Таа одлука ја потресе Европа, бидејќи првпат по Студената војна на почвата на Европа беше поставена бодликава жица.[13]

Уште на 19 јули 2015 година ја иницирав можноста за ангажирање на Армијата на Република Македонија. Се спроведоа тактички мерки за да се направи процена за распоредување на дел од Армијата во заштита на границата како поддршка на полицијата. Кога Република Македонија сакаше да го регулира мигрантскиот бран, ние бевме обвинувани од многумина.[14] Во август 2015 година за една ноќ имавме 14.000 бегалци и мигранти на железничката станица во Гевгелија. Преку ноќ, градот Гевгелија од 15.600 жители порасна за повеќе од 14.000 бегалци и мигранти. Се виде дека само со припадници на Граничната полиција не може да се чува државната граница. Тогаш, Република Македонија беше една од ретките суверени држави во Европа, која сама донесе одлука и сама си ја спроведе одлуката.

Го свикав Советот за безбедност на Република Македонија каде се донесоа заклучоци за заштита на националната безбедност од заканите со кои се соочуваме. За дел, јавноста ја информиравме, а за дел одлучивме да бидат класифицирани и да се имплементираат во институциите за превенција и справување. Владата презема иницијатива за набавка на неопходната опрема. Оттогаш се подготвивме и чекавме погоден момент за да ја поставиме заштитната ограда.

На 19 август 2015 година, Владата на Република Македонија донесе одлука за прогласување на кризна состојба на јужната и на северната граница. Веќе наредниот ден, на 20 август донесовме одлука за ангажирање на Армијата на Република Македонија од делокруг на помош и поддршка на МВР во справувањето со кризната состојба прогласена поради мигрантската криза. Во тој период, Брисел сè уште не ја правеше разликата меѓу хуманитарниот и безбедносниот аспект на кризата.[15] Сите беа преокупирани со хуманитарниот тек на кризата. Ние, тоа го поддржуваме и им овозможуваме на хуманитарните организации да им укажат сет потребна поддршка и помош на мигрантите и на бегалците. Но, во септември 2015 забележавме бројни аномалии. Најголем дел од бегалците и од мигрантите беа мажи меѓу 18 и 30 години. Дел од мигрантите кои доаѓаа од Грција имаа изгореници и рани на десната рака. Десетина лица имаа документи со ист идентитет. На најголем број од документите на „Фронтекс“ стоеше дека лицата се родени на 1 јануари или 5 мај.

Во октомври 2015 година, на наше инсистирање[16], и на иницијатива на земјите долж Балканската рута се свика проширен состав на Европската комисија со земјите-членки на рутата каде што се движат бегалците и мигрантите. Според планот на Европската унија, 55 000 бегалци и мигранти требаше да се задржат на балканска територија. Им кажав дека Република Македонија има капацитет само за 2 000 лица

во привремените транзитни центри, од кои 1 000 на влезот, а 1 000 на излезот. Другите земји-членки бараа Македонија да прифати многу повеќе. Ги потсетивме на нашето искуство од 1999 година кога примивме 360.000 бегалци од Косово на наш товар. [17]

На 13 ноември 2015 се случи терористичкиот напад во Париз. Веќе на 15 ноември го свикав Советот за безбедност на Република Македонија. Тогаш, нашата армија покажа што стекнала со 12 ротации во Ирак и 24 ротации во Авганистан. За два дена, армијата успеа да постави 20 км заштитна ограда. Со поставување на оградата ние успеавме да го регулираме протокот на една влезна точка, познатиот камен 59.[18]

Грција не пројавуваше интерес за соработка со нас, освен на ниво на полицајци кои беа на самата граница.[19] На мое, лично, барање до грчкиот премиер Ципрас[20], бегалците и мигрантите од илегалниот камп Идомени беа разместени од македонската граница.[21] Грција ги премести на други локации, што придонесе кон отворање нови, алтернативни балкански рути. Тоа им беше пренесено на бугарскиот премиер и претседател кои беа благодарни што им укажавме дека треба да очекуваат дека низ нивна територија ќе дојде новиот бран.

По затворањето на нашата рута имаше обид преку Албанија да се оди во Италија, која пресуши поради снеговите во Албанија. Се јави втората рута преку Бугарија. Бугарија со Грција, на заедничката граница со Турција имаат поставено ограда. После тоа се јави потребата да одат по воден пат. Од Турција, преку Бугарија и Романија, да навлезат во Европа. Но, поради неповолните временски услови и големите морски бранови мигрантите се откажаа од таа рута (Карта 9: Нови мигрантски рути[22]).

Откако ја поставивме заштитната ограда, видовме дека организациите и лицата ангажирани во транзитот на мигранти и бегалци се многу креативни и иновативни. За тоа сведочи летокот што нашите служби го најдоа кај бегалците, напишан на арапски јазик и ја кажува новата рута: Од Грција, преку Бугарија, Романија, Украина и Полска до Германија (Карта 10: Леток на арапски јазик со алтернативните рути).

Рутите на природните миграции не ги користат само мигрантите, туку и криминалните структури. На почетокот на оваа 2016 година, во рамките на Минхенската безбедносна конференција, се сретнав со авганистанскиот претседател Ашраф Гани. Тој истакна дека најголем дел од криминалните структури кои во изминатите децении ги обезбедуваа рутите за шверц на дрога, сега се занимаваат со шверц на мигранти. Па, така, од Авганистан има две главни рути. Првата рута оди преку Русија, додека втората рута преку Турција и Балканот оди до големиот западноевропски пазар на најлиберални држави. (Карта 11: Патот на дрогата[23]).

Мрачниот дел од човештвото кој го создава црниот пазар се приспособува на профитот. Имајќи предвид дека за да се стигне од Сирија до Германија мигрантите се подготвени да платат од 5 до 15 илјади долари, може да се замисли големината на тој бизнис. Според „Европол", минатата година, заработката од мигрантите е меѓу 3 и 6 милијарди долари. [24]

Бегалската и мигрантска криза, меѓу другото, покажа дека жителите на европскиот континент се заробеници на статичната претстава на состојбите во регионот од кај доаѓаат бегалците од 20 век. Оваа криза покажа дека криумчарите,

криминалците и логистичарите кои ги користат мигрантите за профит веќе живеат во вистинскиот 21 век. Тие користат сателитска комуникација, кодирани пораки, социјални мрежи. Користат сè што е достапно како нова технологија за да остварат бизнис и притоа да заработат од миграциите.

За жал, Европската унија, НАТО и Обединетите нации, како и другите меѓународни организации, како да останаа во 20 век. Во случајот со бегалската и мигрантска криза на Европската унија ѝ беа потребни шест месеци за да донесе одлуки. Но, за шест месеци се сменија многу состојби на терен и видовме дека настаните коишто се случуваат на Блискиот Исток, во Северна Африка, се многу побрзи од тоа што се носат одлуки во Брисел или во Обединетите нации.

Историјата кажува дека Блискиот Исток е простор каде биле најмоќните империи, каде се менувале цивилизации кои оставале свои траги. Актуелните крвави битки на боиштата на Блискиот Исток се последица на сето она што е наталожено со векови. Сево ова нè упатува дека не постои статична претстава за состојбите во регионот и дека на Медитеранот се случуваат некои од најголемите промени во историјата на човештвото. Ако се вратиме 3 000 години пред новата ера, ќе видиме дека први се јавуваат империите на Египет и Хетитите. Во 1050 година пр.н.е. се создава кралството Израел. Почнувајќи од 8 век пр.н.е, па сè до 2 век пр.н.е се судираат и се менуваат Асирската, Вавилонската, Персиската, Македонската и Римската Империја. Од поделената Римска Империја во 5 век од н.е. останува само Византија. Сасанидите се јавуваат од Централна Азија и одат кон Медитеранот. Во 7 век се создава Исламскиот калифат, по што, во 11 век следува империјата на Селџуците. Од 11 до 13 век, цели 300 години крстоносците имаат свои кралства на просторот каде што сега се најголемите конфликти. Тие се поразени од империјата на Саладин. Почнувајќи од 13 век, Монголската Империја се проширува до Медитеранот. Потоа од 13 до 20 век следи Отоманската Империја и по пропаста на Отоманската Империја почнува европскиот колонијализам. Кон крајот на 19 и почетокот на 20 век се создаваат нови држави. Почнува ерата на независни држави во која ривалството на Блискиот Исток не престанува.

На почетокот на Втората светска војна имаше 50 држави на планетава. Денес имаме 193 држави кои се членки на Обединетите нации. Ова е состојбата на Блискиот Исток и во Северна Африка во 2001 година (Карта 12: Регионот на Блискиот исток во 2001 година [25]). Но, настаните што се случуваа минатите години создаваат нова карта на Блискиот Исток и на Северна Африка. Либија веќе не постои како единствена држава. Од војната меѓу Шитите и Сунитите,Јемен е поделен на четири територии. Состојбата на Блискиот Исток е хаотична. Ирак веќе не може да функционира како држава и е поделен на сунски и шиитски. Исламската држава се обидува да освои на дел од територијата каде што бил калифатот. Границите исцртани во пустинскиот песок што ги поделиле етничките, религиските и културните идентитети, сега се бришат и регионот повторно ги враќа своите природни граници (Карта 13: Регионот на Блискиот исток во 2016 година [26]).

Политичката карта на Сирија изгледа како леопардова кожа. Се води војната на сите против сите околу контролирањето на гасоводите. Сега таму имаме Хобов-

ска состојба, во која би се снашол Тукидит, кој вели дека силните го прават тоа што сакаат, слабите тоа што мораат. Во моментов, територијата на Исламската држава се намалува. Тоа значи дека мигрантската рута ја користат оние кои губат на фронт, како и странските терористички борци кои се враќаат од боиштата во Сирија. Само од Балканот има преку 1000 странски терористички борци кои биле или сè уште се на боиштата во Сирија. 60% од нив се веќе вратени. Ние од Македонија имаме околу 140-тина, од кои 30-тина се веќе убиени таму. Летово 86 беа веќе вратени, а 20-тина се затворени со акцијата „Ќелија" 1, 2 и 3. Состојбата е многу покритична во Босна бидејќи во Босна по војната останаа многу странски борци.

Повторно на сцена се враќа потребата од географијата, геополитиката и геостратегијата. Неопходно е проучување на врските меѓу трите жаришта на границата на Европа. Тоа се Кот, Балканот и Блискиот Исток. Кавказот беше место каде првите муџахедини беа ангажирани за да ја рушат советската окупација во Авганистан. Потоа, тие муџахедини од Чеченија беа присутни во конфликтите на Балканот, во Босна и на Косово. Како освета на тоа што го прават сојузниците на Блискиот Исток, тие почнаа со терористичките напади низ Европа. Се случија терористички напади во Париз, Брисел, Ница... Животот во Европа станува како руски рулет, бидејќи не знаете каде ќе ве погоди. На аеродром, на автопат, на корзо?

Европската унија, покрај сите кризи, денес се соочува со два доминантни предизвици: тероризмот миграцијата. И за двете нема сеопфатно решение. Унијата функционира како да е 20 век. Европа е мировен проект и таа најдобро функционира во време на мир. И Југославија исто така беше мировен проект. Првите кризи што се јавија во Југославија доведоа до криза во носењето политички одлуки. Со Уставот од 1974, секоја република имаше свој припадник во Претседателството на СФРЈ и по смртта на Тито, секоја република имаше право на вето на одлуките што се носат во сојузните институции. Одлуките мораа да се носат со консензус, и бидејќи не се постигна консензус, не се носеа одлуки со што се усложнуваа состојбите и не се решаваа кризите. На крајот, тоа доведе и до распад на Југославија. Начинот на носењето одлуки на Европската унија наликува на оној во Југославија. Секоја држава има право на вето. Одлуките се носат со консензус. Земјите од Вишеградската група (Полска, Чешка, Словачка и Унгарија) се спротивставија на одлуката за распоредување на мигрантите со квоти, велејќи дека веќе имаат еден милион бегалци од Украина.

И затоа наши најголеми поддржувачи во мерките што ние ги преземавме беше Вишеградската група. Перцепцијата за нас во Брисел беше креирана од медиумите кои го согледуваа само хуманитарниот аспект на кризата. Тие медиуми ја ширеа сликата од перспектива на бегалците и мигрантите, но го занемаруваа безбедносниот аспект на кризата. Прикажуваа како војската се справуваше, но не и со што се соочуваше, со какви организирани и милитантни напади. Преземавме низа иницијативи, од барање и спроведување на унификација на регистрациониот лист за бегалците кои имаат право на транзит низ Македонија до класификација на економските мигранти чијшто влез беше забранет на граничниот камен „59". Се соочивме со негативна медиумска перцепција за што ги поканив пријателските држави да пратат полицајци на нашата

јужна граница за сами да се уверат што се прави таму. Дојдоа од Чешка, Словачка, Хрватска, Србија, Словенија, Унгарија, Австрија. Словенија и Унгарија и ни помогнаа со елементи за доградба на заштитната ограда. Чешка ни донираше 24 возила за полицијата и директна финансиска поддршка во буџетот на МВР. Останатите држави во согласност со законските ограничувања помагаат да се имплементираат заклучоците на Советот на ЕУ и коридорот да се држи затворен.

Во интервју за најтиражниот германски весник „Билд" од 11 март 2016 година истакнав дека сме доведени во апсурдна ситуација. Македонија, која не е членка на Европската унија и на НАТО ја чува Европа од Европска унија.[27] На 2 март 2016 година претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск, дојде во Македонија. Му го презентиравме нашиот план за регулирање на мигрантскиот бран. А тоа е регулирање со еден влез и еден излез. Нашиот став беше дека тој т.н. „принцип на цевка" треба да се спроведе на целата Балканска рута за да може да се регулира. Брисел се надоврза на нашиот план. Влез на Идомени кај граничниот камен „59", излез на австриско-германската граница. Кога се воспостави таа рута, тогаш можеше да се „стави вентил" и да се затвори Балканскиот коридор (Карта 8: Балканската рута користена од бегалците [28]).

Светот, во кој има 193 држави-членки на Обединетите нации, наскоро ќе стане свет со многу повеќе држави. Ако ние не можеме да обезбедиме мир со речиси 200 држави, тогаш како ќе го обезбедиме светот кога ќе има 300, 400 држави? Речиси сите конфликти во историјата се водат за географијата, односно за границите.

Во минатото тие конфликти биле пацифирани преку религиите. Религиите се обиделе да обединат многу племиња и преку учењата дека постои некој кој создава поредок. Првите хиндуистички религии се на индискиот потконтинент. Во 18 век пред новата ера се раѓа Аврам, родоначалникот на јудаизмот. Во 6 век пр.н.е. се раѓа Буда, а 500 години подоцна се раѓа Исус Христос. Од првиот до четвртиот век од новата ера, христијанството се шири и ја исполнува целата Римска Империја. Во 6 век, по Христа, се раѓа Мухамед. Христијанството се шири на Север и на Југ. Калифатот се шири низ Африка. Во 11 век Русија се покрстува. Со откривање на новиот свет христијанството се шири во Америка. Во 1948 година се формира државата Израел. Политичарите ја немаат моќта на верските лидери. Исламот и понатаму ќе се шири. Христијанството ќе се шири во Азија, особено во Кина. Оваа историја кажува дека доаѓаат периоди дека луѓето при несигурност во сопствените држави повторно ќе се вратат на религиите и затоа таа празнина ја користи и ИСИЛ. ИСИЛ е на некој начин резултат на настаните коишто се случиле од почетокот на 20 век, кога со пропаѓањето на Отоманската Империја пропаѓа и калифатот.

Дваесеттиот век беше век во којшто суни-исламот немаше лидер, за разлика од шииисламот, кој со враќање на Хумеини си доби лидер. Католичкиот свет како свој лидер го има папата. Православниот свет, пак, е разединет.

Но, што да се заклучи? Ова време најдобро го опишал италијанскиот филозоф Антони Грамши, кој кажал: Кога стариот свет сè уште не е исчезнат, а новиот свет сè уште не е роден, тоа е време на монструми. Стариот свет е светот на државите

создаден во 20 век. ИСИЛ, Џабал ал Нустра, Боко Харам, радикали, екстремисти, терористи, монструми... Слична мисла има и еден од најголемите историчари на 20 век, Ерик Хозбаун, кој во „Време на екстреми“ вели: „*Во секој случај една работа е очигледна, ако човештвото воопшто има некаква прифатлива иднина, таа не може да биде едноставно продолжување на минатото или на сегашноста. Ако се обидеме третиот милениум да го изградиме без тие основи ќе доживееме неуспех. А, цената што ќе ја платиме за тој неуспех, односно алтернатива на променето општество е темнината*“. [29]

Значи ако историјата на империите и религиите продолжи на ист начин, тогаш според Хобсбаум ни следи темнина. На светот му е неопходна светлина. Ајнштајн рекол дека темнината не постои и дека таа е само отсуство на светлина. Слично, отсуството на мирот е состојба на војна. Во 3 200-годишната историја што постои 2 700 години се време на војна. Само околу 300 години светот живеел во мир. Најголемиот парадокс е што најголемите периоди на мир биле на Балканот и се викале *Pax Romana* и *Pax Ottomana*. До Втората светска војна имавме *Pax Britannica*, а по Втората светска војна имавме *Pax Americana*. Значи мирот е отсуство на редовна состојба. Војните и конфликтите ќе завршат тогаш кога ќе исчезнат физичките бариери и затворените, гетоизирани простори, кои истовремено се и ментални бариери. Гетоата кај луѓето создаваат предрасуди, стравови и потреба од непријатели. Отворениот простор создава луѓе со отворен ум кои имаат потреба од натпревар и пазар. Во текот на 20 век тој пазар го создаде Америка. Корпорациите веќе 30 години создаваат глобализација, свет во кој нема граници. Но, тој свет е виртуелен, постои на интернет и нема физички бариери.

Единствено нешто што во таквиот свет можеме да предвидиме е демографијата. А, демографијата е од Африка и Азија, кои заедно имаат околу 5.6 милијарди луѓе. Овие се тие што ќе доаѓаат сè повеќе и повеќе кон нас. Рогот на Африка, значи од Сомалија, Северен и Јужен Судан. Чувајќи ја Европа, во Египет сега има околу 5 милиони мигранти од Африка. Но, поради намалување на просторот на територијата на Ал Каеда и ИСИЛ во Либија целиот Рог на Африка што доаѓа во Италија е преку Либија. Состојбата во Нигерија е ужасна. Од таму Боко Харам се шири во Алжир и, повторно, преку Либија одат кон Италија.

Ние сè уште сме заштитени од масовните миграции од Африка затоа што Египет сè уште ја држи состојбата под контрола. Затоа, од 13 до 15 март 2016 година бев во официјална посета на Египет. Притисокот што го врши Рогот на Африка е ужасен. Очекувајте кога ќе почне повторно да се регулира западно-медитеранската рута и централно, дека на источно-медитеранската рута, повторно ќе ни дојдат, но сега ќе ни доаѓаат не како од Сирија образовани и луѓе со урбано искуство и живот од градови, туку ќе ни доаѓаат луѓе кои немаат искуство од урбано живеење. Целиот наш живот ќе бидеме сведоци на мигрантски движења. Азија, исто така, е раздвижена. Во Грција во моментов има 65.000 мигранти и бегалци во камповите, така што нема да ни биде здодевно. Времето што доаѓа ќе ни биде исполнето со големи предизвици.

# КАРТИ




**Карта 1: Мигрантски рути**
Извор: BBC. Migration Routes.
<http://www.bbc.com/news/world-europe-36038217>




**Карта 2: Мигрантска рута кон Германија**
Migrant Route to Germany.
<http://www.bbc.com/news/world-europe-34173252>




**Карта 3: Трендови и националности на илегалните мигранти**

*Recent trends in and nationalities of illegal border crossovers.*

Source: David Held, “The Migration Crisis In The EU: Between 9/11 And Climate Change”. Social Europe. 10 September 2015. <https://www.socialeurope.eu/2015/09/the-migration-crisis-in-the-eu-between-911-and-climate-change/>




**Карта 4: Европската мигрантска криза**

Europe’s Refugee Crisis, Business Insider,

<http://www.businessinsider.com/map-of-europe-refugee-crisis-2015-9>




**Карта 5: Европската мигрантска криза**
Europe's migration crisis, Reuters Graphics, January 5 2016,
<http://graphics.thomsonreuters.com/15/migrants/index.html>




**Карта 6: Природни миграции**
“Grane“. Planet for Birds. 2011.
<http://www.planetofbirds.com/gruiformes-gruidae-crane-grus-grus>




**Карта 7: Алтернативни рути на Балканот**

Migrants find new route to bypass Hungary. "Refugees face tear gas, water cannons as they cut new paths through Europe". The Washington Post. <https://www.washingtonpost.com/world/blocked-by-hungarys-border-fence-migrants-change-their-course/2015/09/16/2c3f9afc-5bc4-11e5-8475-781cc9851652_story.html>




**Карта 8: Балканската рута користена од бегалците**
The Balkan route used by refugees.
<http://house.mikser.rs/wp-content/uploads/2016/09/balkan.jpg>




**Карта 9: Нови мигрантски рути**
New migrant routes. “Revealed: Now migrants in squalid Macedonia camp are CUTTING HOLES in the fence on Greece border and sneaking into Europe.” The Daily Mail. 10 March 2016
<http://www.dailymail.co.uk/news/article-3485855/Now-migrants-squalid-Macedonia-camp-CUTTING-HOLES-fence-Greece-border-sneaking-Europe.html>



**Карта 10: Леток на арапски јазик со алтернативните рути**




**Карта 11: Патот на дрогата**
UNODC World Drug Report 2010
<http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2010/World_Drug_Report_2010_lo-res.pdf>




**Карта 12: Регионот на Блискиот Исток во 2001 година**
Jacob L. Shapiro. The Middle East Since 9/11.
Geopolitical Futures. September 12 2016.
<https://geopoliticalfutures.com/the-middle-east-since-911/>




**Карта 13: Регионот на Блискиот Исток во 2016 година**
Jacob L. Shapiro. The Middle East Since 9/11.
Geopolitical Futures. September 12 2016.
<https://geopoliticalfutures.com/the-middle-east-since-911/>

## БИБЛИОГРАФИЈА (ENDNOTES):


1. I Ching, http://ctext.org/book-of-changes/yi-jing
2. Nicholas J. Spykman, America's Strategy in World Politics, New York, Harcourt, Brace & Co, p. 41
3. Recent trends in and nationalities of illegal border crossovers, https://www.socialeurope.eu/2015/09/the-migration-crisis-in-the-eu-between-911-and-climate-change/
4. "Kosovars risk undertaking considerable expenses only to be sent back to Kosovo (13/01/2015)". The head of the EU Office / EU Special Representative, Samuel Zbogar, addressed the meeting of the Kosovo National Council for European Integration, in which the illegal migration was discussed. URL: <http://eeas.europa.eu/archives/delegations/kosovo/press_corner/all_news/news/2015/20150113_en.htm>.
5. BBC. Migrant crisis: Explaining the exodus from the Balkans. <http://www.bbc.com/news/world-europe-34173252>.
6. Recent trends in and nationalities of illegal border crossovers. Source: David Held, "The Migration Crisis In The EU: Between 9/11 And Climate Change". Social Europe. 10 September 2015. <https://www.socialeurope.eu/2015/09/the-migration-crisis-in-the-eu-between-911-and-climate-change/>.
7. Europe's Refugee Crisis, Business Insider, <http://www.businessinsider.com/map-of-europe-refugee-crisis-2015-9>.
8. Europe's migration crisis, Reuters Graphics, January 5 2016, <http://graphics.thomsonreuters.com/15/migrants/index.html>.
9. "Syrian Arab Republic - Population Statiscs". data.humdata.org. <https://data.humdata.org/dataset/syrian-arab-republic-other-0-0-0-0-0-0-0>.
10. UN. World Population Prospects – 2015 Revision. esa.un.org. <https://esa.un.org/unpd/wpp/publications/files/key_findings_wpp_2015.pdf>.
11. "Grane". Planet for Birds. 2011. <http://www.planetofbirds.com/gruiformes-gruidae-crane-grus-grus>.
12. Allan Hall, John Lichfield. "Germany opens its gates: Berlin says all Syrian asylum-seekers are welcome to remain, as Britain is urged to make a 'similar statement'." Independent. 24 August 2015. URL: <http://www.independent.co.uk/news/world/europe/germany-opens-its-gates-berlin-says-all-syrian-asylum-seekers-are-welcome-to-remain-as-britain-is-10470062.html>.
13. Ani Horvath. "Hungary's Viktor Orban antagonizes European Union with border fence, Russia embrace." The Washington Times. 2 July 2015. <http://www.washingtontimes.com/news/2015/jul/2/viktor-orban-of-hungary-antagonizes-european-union/>.
14. Corey Charlton. "Europe's refugee crisis rumbles on: Macedonia uses tear gas on migrants trying to pull down border fence while Italy rescues 4,000 in the Mediterranean in the past two days - sparking fears of 'alarming' rise in illegal sea crossings." Daily Mail. 13 April 2016. <http://www.dailymail.co.uk/news/article-3537705/Europe-s-refugee-crisis-rumbles-Macedonia-uses-tear-gas-migrants-trying-pull-border-fence-Italy-rescues-4-000-Mediterranean-past-two-days-sparking-fears-alarming-rise-illegal-sea-crossings.html>.
15. Обраќање на Претседателот на Република Македонија на Безбедносната конференција на ОБСЕ во Рим. 4 март 2016 година. <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3664-2016-03-04-11-43-09.html?qh=YToxOntpOjA7czo4OiLQs9Cw0L3QuCI7fQ%3D%3D>.

16. Обраќање на претседателот на Република Македонија на Форумот „Кран Монтана“ во Женева, 16 октомври 2015, <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3482.html>.
17. Обраќање на претседателот на Република Македонија на лидерскиот состанок во Брисел посветен на приливот на бегалци низ балканската рута <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3488.html>.
18. Седница на Советот за безбедност на Република Македонија, 15 ноември 2015 година, <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-41-54/3523-sb14112015.html?qh=YToxOntpOjA7czoxMjoi0L7Qs9GA0LDQtNCwIjt9>.
19. Изјава на претседателот на Република Македонија по седницата на Советот за безбедност, 15 март 2016 година, <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3755-sb15032016.html?qh=YTo2OntpOjA7czoxMDoi0YHQvtCy0LXRgiI7aToxO3M6NDoi0LfQsCI7aToyO3M6MjA6ItCx0LXQt9Cx0LXQtNC90L7RgdGCIjtpOjM7czoxNToi0YHQvtCy0LXRgiDQt9CwIjtpOjQ7czozNjoi0YHQvtCy0LXRgiDQt9CwINCx0LXQt9Cx0LXQtNC90L7RgdGCIjtpOjU7czoyNToi0LfQsCDQsdC10LfQsdC10LTQvdC+0YHRgiI7fQ%3D%3D>.
20. Средби на претседателот Иванов за време на учеството на „Самит за поддршка на Сирија и регионот“, <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-36-59/3617-sredbiciprasmerkelcerarkameron.html?qh=YToxOntpOjA7czoxMjoi0YbQuNC%2F0YDQsNGBIjt9>.
21. Интервју на претседателот Иванов за грчкиот весник „То Вима“, 3 април 2016, <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/vo-mediumite/3786-2016-04-04-07-03-19.html?qh=YToxOntpOjA7czoxMjoi0YbQuNC%2F0YDQsNGBIjt9>.
22. New migrant routes. “Revealed: Now migrants in squalid Macedonia camp are CUTTING HOLES in the fence on Greece border and sneaking into Europe.” The Daily Mail. 10 March 2016 <http://www.dailymail.co.uk/news/article-3485855/Now-migrants-squalid-Macedonia-camp-CUTTING-HOLES-fence-Greece-border-sneaking-Europe.html>.
23. UNODC World Drug Report 2010 <http://www.unodc.org/documents/wdr/WDR_2010/World_Drug_Report_2010_lo-res.pdf>.
24. Europol, Migrant Smuggling in the EU, February 2016, <https://www.europol.europa.eu/sites/default/files/publications/migrant_smuggling__europol_report_2016.pdf>.
25. Jacob L. Shapiro. The Middle East Since 9/11. Geopolitical Futures. September 12 2016. <https://geopoliticalfutures.com/the-middle-east-since-911/>
26. Jacob L. Shapiro. The Middle East Since 9/11. Geopolitical Futures. September 12 2016. <https://geopoliticalfutures.com/the-middle-east-since-911/>
27. Интервју на претседателот Иванов за германскиот дневник „Билд“, <http://www.bild.de/wa/ll/bild-de/unangemeldet-42925516.bild.html>. <http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-36-59/3744-bild11032016.html?qh=YToxOntpOjA7czo4OiLQsdC40LvQtCI7fQ%3D%3D>.
28. The Balkan route used by refugees. <http://house.mikser.rs/wp-content/uploads/2016/09/balkan.jpg>.
29. Eric Hobsbawm, Age of Extremes : The Short Twentieth Century 1914-1991, Abacus; New Ed edition (12 Oct. 1995)

623(100)
Прегледен научен труд

# ВОЕНАТА ИНДУСТРИЈА И НЕЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСТАНИТЕ ВО СВЕТОТ

**Драге ПЕТРЕСКИ[1]**
**Златко ПАВЛОСКИ[2]**
**Андреј ИЛИЕВ[3]**

**Апстракт:** *Трговијата со вооружување и воена опрема станува многу профитабилен бизнис, кој забрзано се развива по завршувањето на Втората светска војна, кога се основаат голем број фабрики за производство на вооружување и воена опрема. Од тогаш огромна количина на финансиски средства се вложуваат во развој на воената технологија и за набавка на оружје.*

*Гигантските транснационални компании имаат сѐ поголемо влијание во светот, што дури во некои земји влијаат и на одлуките на владите.*

*Производството и продажбата на оружје носи исклучително висок профит, што покажува дека во земјата не се произведува оружје само за нивна сопствена употреба, туку укажува и на тоа дека продажбата на оружје станува голем меѓународен бизнис. Транснационалните компании кои произведуваат и продаваат оружје, благодарение на јакото лоби, предизвикуваат воени кризи, и на таков начин ги реализираат своите производи.*

*Голем проблем станува и нелегалната трговија со оружје и воена опрема која носи уште поголем профит, бидејќи таква трговија главно се прави со клиенти на кои меѓународната заедница не им овозможува да купат оружје по законски пат, па токму заради тоа тие се подготвени да платат повеќе отколку што тоа оружје реално чини, а тоа носи екстра профит. Токму на овој начин терористичките организации лесно можат да стигнат до сите видови на оружје кое подоцна се користи за извршување на нивните „цели». Зголемување на бројот на терористички напади ширум светот покажува дека неконтролираниот промет на оружје и воена опрема е сѐ поголем проблем за меѓународната безбедност.*

**Клучни зборови:** *воена индустрија; производство; трговија; оружје; конфликти и профит.*

## Вовед:

Терминот „военоиндустрискиот комплекс» за првпат бил употребен во говорот на американскиот претседател Двајт Ајзенхауер, во говор одржан на 17 јануари 1961 година.

[1] The author is a professor, at the Military Academy "General Mihailo Apostolski" – Skopje.
[2] The author is a officer of the Army of Republic of Macedonia.
[3] The author is a professor, at the Military Academy "General Mihailo Apostolski" – Skopje.

Имено, Ајзенхауер бил загрижен заради претворањето на Америка во гарнизонска држава, што имало големо влијание на внатрешната политика на САД. Затоа изразил голема загриженост заради големото политичко влијание на военоиндустрискиот комплекс и истакнал дека мора да се откаже од „неоправданото влијание на военоиндустрискиот комплекс на повеќе невладини организации», бидејќи тоа може да ги загрози американската слобода и демократскиот систем.[4]

Воената индустрија е важен фактор и столб на развојот на една држава од одбранбено-безбедносен аспект но, исто така, е и важна за нејзиниот економски и политички развој и претставува значаен дел од наменската индустрија која произведува и продава оружје, воена технологија и опрема.

Производството вклучува стрелечко оружје, муниција, проектили, орудија, воени авион, воени возила, бродови, електронски системи и друго. Воената индустрија исто така ги диригира значајните и важните техничко-технолошки истражувања во одбраната.[5]

Компаниите кои произведуваат оружје главно се однесуваат како субјекти кои ги штитат интересите на воената индустрија која произведува оружје за вооружените сили.

Трговијата со оружје е една од најинтензивно дискусираните теми во јавноста во целина. Научниците го разгледуваат ова прашање од различни аспекти и извлекуваат заклучоци од постоечките податоци, но точноста и валидноста на овие податоци е под знак прашање. Општо е познато дека податоците околу трговијата со оружје се особено несигурни и се отворени за манипулација.

До пред Првата светска војна за трговијата во воената индустрија не се зборувало многу. Но, со текот на времето, воената индустрија зазела значајно место во меѓународните политичко-економски односи во светот. Оттогаш многу непријатни работи испливале на површина, помеѓу кои и многу компромитирачки податоци за интернационалниот карактер на воената индустрија и за нејзината сурова трка за профит.

Воената индустрија претставува закана за светскиот мир, бидејќи создава интересно поле за создавање на огромен капитал со застрашувачко влијание, чија заработка зависи директно од војните и од воените подготовки.

## Моментални и идни влијанија на воената трговија за оружје

Секоја од големите сили низ историјата тежнеела да ја зголеми својата севкупна моќ да стане и да остане доволно богата и моќна. Неспорно е дека секоја држава која одвојува голем дел од своите национални богатства за воени цели со цел да ја зголеми својата моќ, голем дел од своите национални богатства ги насочува кон воената индустрија. Ваквите услови овозможуваат непречен развој на оваа индустриска гранка во една од најпрофитабилните трговски гранки во високоразвиените земји.

Освен тоа, трговијата со конвенционално оружје како една од најпрофитабилните гранки се карактеризира со можност за остварување на геополитичките интереси на големите сили и политички влијанија врз земјите кои се субјект на трговијата преку инволвирање или директно управување со динамиката на конфликтите.

[4] Military-Industrial Complex Speech, Dwight D. Eisenhower, 1961

[5] "Sources, data and methods", World Military Expenditures and Arms Transfer, Bureau of Verification and Compliance, U.S. Department of State, Washington, D.C., pp,11, 2012.

Моќта на воената индустрија уште повеќе ја зголемува врската помеѓу политиката и трговијата со оружје која може да резултира со висок енономски развој на државата. Договорите за купопродажба на оружје и воена опрема се од голема важност за политичката и економската придобивка на владите. За тоа говори и фактот дека парламентите на сите држави во светот воените кредити со кои се плаќаат нарачките за вооружување ги гласаат врз основа на национални прокламации.

Кој профитира? Ова веројатно е најлесното прашање кое може да се одговори. Одговорот е компаниите за производство на воена опрема и оружје и владите. Најлесно да се разберат се компаниите бидејќи тие добиваат директен финансиски прилив за нивната работа. За разлика од владите кои додека прават профит од трговијата со оружје, нивните примарни цели би можеле да бидат политички. Со продавање на врвно оружје во недемократски и технолошко неразвиени држави, западните сили како САД, често вложуваат политичка потпора со цел овие неразвиени држави да ја прифатат надворешата политика на САД, или барем да поттикнат добро однесување.

Кога се говори на оваа тема природно е да се расправа за војните и за тоа кој ги предизвикува, бидејќи најверојатно тие се предизвикани од големите сили, секако со цел остварување на сопствените економски и геополитички интереси.

Интересите претставуваат предизвик за развиените земји и тие секогаш се присутни во кризните региони и имаат влијание врз институциите кои имаат големи влијанија на пазарот за воена технологија а истите тие прераснаа во битен елемент за економскиот развој на богатите и индустриски развиените земји, додека економските интереси ја наметнуваат желбата за развој и вложувања во воената технологија како суштинска и примарна цел.

Воените жаришта низ светот, зголемувањето на бројот на национални воени капацитети, експанзијата на глобалните и регионалните терористички мрежи, загрозената безбедност на одредени држави и региони, изгубената индивидуална безбедност и доверба во државните органи, придонесуваат за интензивирање на нелегалната трговија со оружје и воена опрема насекаде во светот.

Курцијалните настани за кои се смета дека одиграа важна улога во предизвиците на планетарно ниво се: распадот на блоковската поделба, распадот на неколку моќни држави и армии во светот, заливските војни од 1991 и 2003 година, терористичките акти во Европа после ’90-та и во САД од 2001 година, војните и граѓанските немири во Ирак, Авганистан, Египет, Либија, Тунис, во Сирија, Мали и други држави.[6]

Разните немири и бунтови како социолошки феномени ја раздвижуваат воената индустрија. Решенијата за барање на извор за набавка на оружје често се во корелација со нелегалната трговија бидејќи статусот на побунетите групи најчесто е нелегитимен во меѓународните односи, а државите во кои се одвиваат немирите

[6] Limiting conventional arms exports to the middle east (Summary – page 6)

и конфликтите се наоѓаат под одреден ниво на меѓународна контрола. Во ситуации, кога се заобиколени регуларните постапки за набавка на воена технологија, контролата станува комплексна и невозможна.



**Слика 1: Прозводство на автоматски пушки во Американска фабрика за оружје**

Инволвирањето на големите сили во разрешувањето на конфликтите и ситуациите кога има политичко безредие и економски колапс има повеќезначаен ефект. Овие ситуации дополнително ги вклучуваат случаите кога постојат ризици од катастрофалните последици од актите на тероризам, неконтролирано користење на конвенционално оружје кое предизвикува огромен број на жртви, користење на оружја за масовно уништување, напливи на бегалци, закани по здравјето, зголемувањето на мрежата за криумчарење со дроги и прекини во дотурот и снабдувањето со нафта. Додека во јавните контакти се зборува за хуманитарни и мировни мисии со намера да се смираат тензиите, често во исто време од друга страна се договара продажба на оружје на двете страни во конфликтот. Средниот и Далечниот Исток се понови примери за милитаристичкото однесување на властите, попознато како „државен терор", каде со употреба на оружјето и останатите инструменти на власта се остваруваат посебни политички и други цели. Латинска Америка е пример од претходните декади каде повеќе влади се соборени со странска асистенција и заменети со лојални влади на моќните земји. Токму оружјето во комбинација со политичките, дипломатските и разузнавачките средства одиграа главна улога во соборувањето на режимите. Таквиот начин на моќните земји им овозможува

континуирана доминација во регионите и непречена реализација на нивните цели поврзани со трговијата со оружје и останатите интереси.

Дека капиталот го врти светот, се потврдува и во безбедносната сфера. И покрај тоа што е регулирана со разни договори, легалната трговија со конвенционално оружје во рамките на меѓународната заедница, сè уште ги крие тајните кои во својата суштина ги содржат остварувањето на капитал и националните интереси на големите сили и мултинационалните компании, кои се директно вклучени во оваа активност.

Годишните издвојувања од буџетот за одбрана во земјите од светот се огромни и изнесуваат околу 1700 милијарди долари, додека годишната продажба на оружје на 100-те најголеми компании (без Кина) надминува 300 милијарди долари. Во исто време извозот и меѓународната трговија претставуваат важно оружје за остварување на надворешната политика.

Показател за зголемениот ризик е трендот на глобалната воена потрошувачка. Стокхолмскиот институт за мировни истражувања (SIPRI) неодамна во својот редовен годишен извештај ги објави податоците за обемот на меѓународната трговија со кнвенционално оружје. Според SIPRI, волуменот на меѓународната трговија со оружје во 2010-14 е за 16% повисок отколку во 2005-2009.[4] Петте најголеми извозници во 2010-14 се САД, Русија, Кина, Германија и Франција, а петте најголеми увозници се Саудиска Арабија, Кина, Обединетите Арапски Емирати и Пакистан.[7]




**Слика 2: Глобалните трендови на трговија со оружје, 1950-2014**

[7] SIPRI – Stockholm International Peace Research Institute – The independent resource on global security http://www.sipri.org/

Со својот дел од колачот со 31% од пазарот, САД е убедливо најголемиот извозник на оружје, додека нивните најверни купувачи се Јужна Кореја, Обединетите Апрапски Емирати (ОАЕ) и Австралија.




**Слика 3. Најголеми десет извозници на оружје за периодот 2010 – 2014 година**

Според графиконот можеме да забележиме дека најголем купувачи на оружје во изминатите 10 години се земјите во развој, според вредноста на склучените договорите меѓу земјите во развој. Ова укажува на продолжување на трендот, дека најголема набавка на оружје од страна на земјите во развој се извршува само во неколку земји.

The 10 largest exporters of major weapons and their main clients, 2010–14

| | Share of international arms exports (%) | | Main clients (share of exporter's total exports), 2010–14 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Exporter | 2010–14 | 2005–2009 | 1st | 2nd | 3rd |
| USA | 31 | 29 | South Korea (9%) | UAE (8%) | Australia (8%) |
| Russia | 27 | 22 | India (39%) | China (11%) | Algeria (8%) |
| China | 5 | 3 | Pakistan (41%) | Bangladesh (16%) | Myanmar (12%) |
| Germany | 5 | 11 | USA (11%) | Israel (9%) | Greece (7%) |
| France | 5 | 8 | Morocco (18%) | China (14%) | UAE (8%) |
| UK | 4 | 4 | Saudi Arabia (41%) | USA (12%) | India (11%) |
| Spain | 3 | 3 | Australia (24%) | Norway (10%) | Saudi Arabia (10%) |
| Italy | 3 | 2 | UAE (9%) | India (9%) | Turkey (8%) |
| Ukraine | 3 | 2 | China (22%) | Russia (10%) | Thailand (9%) |
| Israel | 2 | 2 | India (46%) | Colombia (7%) | Singapore (6%) |

www.sipri.org

**Слика 4: Десетте најголеми извозници и нивните главни клиенти**

Големите сили за разрешување на конфликтите и враќањето на мирот во одредени региони се иницијатори за распоредување на меѓународни сили, како надомест за залагањето во рамките на градење на постконфликтното општество, но имаат и интерес да продаваат оружје на официјалните власти. Во зависност од финансиските капацитети на одделни земји од одредени региони, тие имаат можност да воспостават економски врски со страните во конфликтот заради остварување профит или профит на транснационалните компании кои ги менаџираат.

Во последните години сѐ поприсутна е практиката на развиените земји да ги заштитат важните делови од своите воени индустрии  со ограничување на купувањето од другите развиени земји. Сѐ поголемо значење се придава на заедничко производство на различни системи за оружје со другите развиени земји, како и поефикасен начин за зачувување на домашната индустрија за производство на оружје. Притоа, се делат трошоците за развој на ново оружје, без разлика дали тоа е за развој за домашни потреби, односно за својата војска, или дали станува збор за развој за извозни цели. Некои од водечките производители морале да ја консолидираат сопствената воена индустрија за да одговори на зголемената странска конкуренција, додека другите земји извознички одлучиле да произведат стока за останатите гранки на пазарот, каде што нивните производствени можности им обезбедуваат предност на сѐ поразвиениот меѓународен пазар на оружје.




**Слика 5. Оваа мапа покажува каде продаваат оружје трите најголеми извозници на оружје**

Иако сите од овие моќни земји со вискоразвиени индустрии за производство на воена опрема и оружје имаат силен национален интерес во одржување на позитивни односи со своите снабдувачи, исто така, треба да имаат силен интерес за заштита на човековите права и основни слободи. Овие интереси вредат на свој начин, но, исто така, може да има значително влијание врз нивната меѓународна политичка положба. Примарната цел на политиката треба да биде да се поддржат глобалната безбедност и стабилност, и тоа не треба да биде подготвен да го жртвува заштитата на човековите права во замена за спостветните интереси.

Воената индустрија ја следи уште еден епитет – корумпираноста. Најголемата фабрика за оружје во Европа, „BAE Sistemi“, ја признала вината за повеќегодишна корупција и постигнала договор со американското Министерство за правда, дека ќе плати казна во износ од 400 милиони долари. BAE плаќала огромни суми за подмитување во Саудијска Арабија со кои обезбедила договори за најмалку 80 милијарди долари во текот на изминатите десет години.

За моќта на медиумите се говори многу, а сето тоа оди во прилог на воената индустрија која вешто ги користи медиумите за да предизвика вештачка атмосфера на паника преку нив да го држи светското јавно општество во своите раце. Со цел

да ја оствари својата најпосакувана цел – профит. Глобалната трговија со облека, зеленчук, овошје, играчки и др. е строго регулирана, но не и трговијата со оружје. Обединетите нации веќе седум години се обидуваат да ја регулираат. Тешко е да се замисли,, но до пред почетокот на 2015 година не постоел ниту еден меѓународен договор со кој би се регулирала трговијата со конвенционално наоружување. Тука говориме за тенкови, топови и огнено оружје. Но на 24 декември минатата година на сила стапи законот за трговија со оружје (Arms Trade Treaty – ATT) на организацијата на Обединетите нации.[8] Доколку ригорозно би се почитувале неговите одредби би можело на големо да се намали човечкото патење. Иако овој договор стапи на сила, тој содржи и некои големи правни дупки, заради кои е малку веројатно дека би спречил некоја војна. Во вооружените конфликти секоја година загинуваат пола милион луѓе. Скоро 900 милиони парчиња наоружување се во оптек – тоа значи едно на осум луѓе, вклучувајќи и деца. Секоја минута спрема продатоците на Amnesty International еден човек умира од огено оружје. А трговијата со тоа оружје е вредна 60 милијарди евра на годишно ниво.[9]

## Заклучок

Благодарение на огромниот профит кој го остварува воената индустрија во многу држави во светот, мала или речиси никаква е веројатноста дека производството на вооружување и на воена опрема ќе се намалува. Во прилог на оваа констатација говорат и сè поголемите вложувања во развој на воената технологија и сè поголемите средства што се издвојуваат од буџетите на голем број земји и се вложуваат во развој на воениот сектор.

Воената индустрија претставува голем бизнис кој намерно или ненамерно влијае на животите на милиони луѓе во светот. Вистина е дека трката за вооружување го намалува бројот на невработени, а носи и одреден степен на економски развој, но сето тоа е само илузија. Огромните суми вложени во воени средства претставуваат непродуктивен влог , затоа што им носи корист само на сопствениците на фабриите, а освен тоа трката за наоружување не само што не може да ја запре економската криза, туку не може ни да ја намали невработеноста во значајна мера. Останува само прашањето дали воената индустрија може да помогне во пребродувањето на кризата или да создаде уште поголема.

Бидејќи количината на наоружување во светот најверојатно нема да се намалува, државите ќе мора да изнајдат начин како да го контролираат движењето на оружјето во светот за да не западне во погрешни раце.

8 The Arms Trade Treaty (2013) Conference of States Parties – page 39
9 The International Arms Trade and Its Impact on Health - Victor W Sidel, MD

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Andrej Iliev, Drage Petrovski, Jance Ilievski: *"Initiatives of NATO and EU regional cooperation in South East Europe"*, international magazine in the field of security, defense and peace studies - Security Dialogues - No. 3, Institute for Security, defence and peace, Faculty of Philosophy - Skopje, 2011, str.97.
2. Drage Petreski, Rade Rajkovchevski: *„Arms trade-Between the globalisation, security strategies, conflicts and profit"*, NBP – Journal of criminalistics and law, Academy of criminalistic and police studies-Belgrade, 2012, p.89.
3. Mitko Bogdanoski, Drage Petreski: *„Cyber terrorism – global security threat"*, International scientific defence, security and peace journal "Contemporary Macedonian defence" - No 24, Скопје, 2013, p.59.
4. Andrej Iliev, Elena Ivanova, Drage Petreski, *„USSR-China relations in the Cold and Post Cold war era"* , Wulfenia journal, IF 0,649 indexed in Thomson Routers, Austria, 2015.
5. Drage Petreski, PhD; Andrej Iliev, PhD; Aleksandar Glavinov, PhD; Lazar Gjurov, MSc, *„Globalization processes, security and security perspectives in the region",* International scientific conference – Security in the post-conflict (Western) Balkans: Transition and challenges faced by the Republic of Macedonia, Faculty of security - Skopje, Ohrid, 27-28.05.2011, p.215.
5. Lazar Gjurov, MSc; Angelina Taneva-Veshovska, PhD; Drage Petreski, PhD, *„Transformational leadership as a key factor in dealing with the transitional challenges in the Western Balkan's region",* International scientific conference – Security in the post-conflict (Western) Balkans: Transition and challenges faced by the Republic of Macedonia, Faculty of security - Skopje, Ohrid, 27-28.05.2011, p.176.
6. Stojan Kuzev, PhD; Aleksandar Glavinov, PhD; Drage Petreski, PhD, *„Multi-criteria analysis application in organizing the territory of the Republic of Macedonia for security needs"*, International scientific conference – Security in the post-conflict (Western) Balkans: Transition and challenges faced by the Republic of Macedonia, Faculty of security - Skopje, Ohrid, 27-28.05.2011, p.341.
7. Andrej Iliev, Drage Petreski, Irena Kostova: *„Foresights and dark scenarios about the disintegration of former Yugoslavia",* International University Seminar of Balkan Studies and Specialization XXI International Round Table „Balkans by Night", Sofia, 19-21 of April 2012.
8. Drage Petreski, Andrej Iliev, *„Security challenges in the region"*, 4th International Conference Multiculturalism and contemporary society, Legal and Business Academic Studies dr Lazar Vrkatic, Novi Sad, Serbia, 1st March 2013.
9. Nenad Taneski, Drage Petreski: *„The ideology of Al-Qaeda before and after the death of Osama Bin Laden"*, First International Scientific Conference on the topic: „Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia", The „Evro-Balkan" University, Skopje, from 20th to 21th December, 2013.
10. PhD Drage Petreski, PhD Nenad Taneski, PhD Andrej Iliev *„Deliveries of weapons to developing countries"*, International Scientific Conference „The Science and Social Development", The European University – Republic of Macedonia, Skopje, 9th of May 2014.
11. PhD Andrej Iliev, PhD Drage Petreski, M.Sc. Dragan Gjurcevski, *„Evolutionary development of the NATO mission ISAF and its future implications on the global security",* International Scientific Conference „The Science and Social Development", The European University – Republic of Macedonia, Skopje, 9th of May 2014.

12. Drage Petreski, Andrej Iliev, Aco Velkovski, *„Regional cooperation council of the see countries and the needs for defence reforms in Republic of Montenegro for Euro-Atlantic integration“*, International Scientific Conference, Researching security – approaches, concepts and policie, Faculty of security - Skopje, 02-03 June, Ohrid, 2015.
13. Liu SiQi, Zhou DongMing, *Comparative analysis on data sources of arme trade*, Military Economics Academy, Wuhan, China, 2014.
14. Victor W Sidel, *The International Arms Trade and Its Impact on Health*, International Arms Trade, Vo.3, 1996.
15. Amnesty International, *"How an Arms Trade Treaty can help prevent armed violence"*, London, 2011.
16. Elli Kytömäki, *How Joining the Arms Trade Treaty Can Help Advance Development Goals*, International Security Department, 2014.

http://www.orbus.be/aktua/2014/aktua3749.htm

http://www.spectatormundi.org/vojna-industrija.html

http://www.ecpd.org.rs/pdf/2015/books/2007/2007_naoruzavanje_i_razvoj.pdf

http://www.globalissues.org/article/74/the-arms-trade-is-big-business

http://www.dw.com/sr/vojna-industrija-zavisna-od-politi%C4%8Dkih-odluka/a-18128792

http://www.mckinsey.com/insights/manufacturing/defense_outlook_2015

351.746.5:340.13
Прегледен научен труд

# ПРАВНИ ОСНОВИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРИВАТНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР – КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА

**Оливер БАКРЕСКИ, Институт за безбедност, одбрана и мир - Скопје**
**Драган ТРИВАН, Факултет за бизнис студии и право – Белград**
**Севил МУАРЕМОСКА, Факултет за детективи и безбедност**

**Апстракт:** *Трудот претставува критички осврт за потребата од согледување на приватниот безбедносен сектор во поширокиот општествен контекст. Стартната премиса е дека анализирањето на сите аспекти на приватниот безбедносен сектор е мошне комплексна и тешка работа, бидејќи тој се одликува со голема динамичност, сложеност и специфичност. Оттука, проучувањето на приватниот безбедносен сектор првенствено треба да се засновува на неговото целосно разбирање за да се избегне каква било едностраност и импровизација, особено ако знаеме дека сите промени во едно општество неминовно се одраз на одделни сегменти на функционирање на државата.*

**Клучни зборови:** *безбедност, приватна безбедност, безбедносен сектор, приватен безбедносен сектор, регулирање.*

## Вовед

Проблемите од областа на безбедноста се појавуваат во секој сегмент од општеството. Решавањето на овие проблеми е голема грижа не само за јавната безбедност, туку и за приватната безбедност затоа што станува повеќе од очигледно дека бизнис заедницата е изложена на безбедносни закани. Во тој контекст, секојдневно се преземаат чекори од страна на одредени фирми/компании итн., за воведување на безбедносната компонента, како природен елемент на корпоративната структура, но и насочување кон надворешни (договорни) безбедносни услуги. Ова ја дефинира приватната безбедност како потреба во принудното спроведување на правото преку соодветна регулатива, а тоа значи и зголемена побарувачка на безбедносни услуги заради заштита на имотот и одржувањето на редот.

Регулативата е од суштинско значење во поглед на законското работење на фирмата/компанијата и соодветното регулирање значи дека ќе се покрие една премногу чувствителна област во оваа сфера. Регулативата, исто така, може да помогне за подобро да се согледаат одредени состојби со што би се обезбедило што е можно подобро и порационално да се стават во функција сите ресурси. Од ова произлегува дека регулативата е клучен и корисен елемент во работењето на самата фирма/компанија што им помага на раководните тимови да воспостават соодветен баланс меѓу остварените и планираните

активности. Без соодветна регулатива тие ќе се претворат во слепи набљудувачи на процесот што може да доведе до отстапувања на планираните цели и задачи и ќе бидат ограничени, без можност да го коригираат, а со тоа и да го подобрат своето работење, како и работењето на приватниот субјект. Со други зборови, прописот може да се толкува како обичен формален механизам на контрола кој е воспоставен со цел да се насочува однесувањето и да се обезбеди универзална примена на законот. Во принцип, ние тврдиме дека поголема регулатива може да доведе до зголемена одговорност.[1]

## Приватен безбедносен сектор: статус и перспективи

Кон крајот на XX век во светот дошло до експанзија на алтернативниот, односно недржавниот безбедносен сектор (приватна и корпоративна безбедност).[2] Особено интензивно се развивал сектор за приватна безбедност, чии безбедности потенцијали и можности станале многу респектабилни. Недржавниот безбедносен сектор станал сè позначајна стопанска дејност, во рамките на која се вртат големи парични средства, со тенденција на експанзија. Имајќи ги предвид наведените тенденции, како и можните импликации на тој процес на националната безбедност (количина на пари која се врзува за алтернативен сектор за безбедност, бројот на запослени во тој сектор, кој често го надминува бројот на припадниците на традиционални (државни) безбедносни субјекти, сè поголема инволвираност на граѓаните во проблематиката на безбедност итн), се отвораат многу прашања за кои се заинтересирани државите, или би требало да бидат. Некои од тие прашање се врзани за правното уредување на недржавниот безбедносен сектор, за формирање на стандарди со помош на кои на агенциите регистрирани за работите на приватна безбедност им се обезбедува рамноправен настап на пазарот, а на клиентите квалитет на услуги, обезбедување на системот на контрола на алтернативниот сектор за безбедност, како и за вклучување на потенцијалот од тој сектор во општиот систем на национална безбедност, при што и нивното решавање отвора нови безбедносни дилеми.[3]

Во основа се смета дека односот помеѓу недржавниот безбедносен сектор и надлежните државни служби, пред сè полицијата, треба да се разгледува од два аспекти: првиот, формален, кој е условен од законската и друга регулатива, и

[1] O'Connor Lippert, Greenfield & Boyle, 'After the "Quiet Revolution": The Self-Regulation of Ontario Contract Security Agencies', *Policing & Society*, Vol. 14, No. 2, June 2004, p. 153.

[2] Недржавен сектор за безбедност е сложен поим и во теоријата постојат различни сфаќања за неговата содржина. Во поширока смисла тој опфаќа сите постапки вон рамките на надлежност на државните органи. Во потесна смисла, во овој поим спаѓаат само правно втемелени дејности на професионалниот вид, кои се организирани поради давање на одредени безбедносни услуги во процесот на контролата на криминалитетот и безбедносната заштита. Тука пред се спаѓаат дејности на специјализирани приватни претпријатија за физичко и техничко обезбедување, дејности на организационите единици во компаниите кои се задолжени со работи на корпоративна безбедност, дејности на приватни воени организации, агенции за детективска дејност и приватни претпријатија за извршување на кривични санкции.

[3] Кешетовић Желимир, Симоновић Бранислав, op. cit. str. 147-148.

вториот, неформален, кој е резултат на динамиката на пазарот на работа во секторот за безбедносни услуги. Формалните врски помеѓу овие сектори, особено оние одредени со закон, кои се однесуваат на оцената на законитоста во примената на овластувањата, може да имаат значително влијание, особено на пазарот на приватната безбедност, заради што мора да бидат предмет на посебна грижа и на деловни асоцијации и на извршната власт. Друг аспект на формалните односи произлегува од фактот дека недржавниот безбедносен сектор во основа е само превенциски елемент во воспоставување на системот на безбедност, додека полицијата има и задача да наметнува и да одржува јавна безбедност, од што произлегува потребата за јасна соработка во моментот кога престанува (работната) обврска кон службата за корпоративна и приватна заштита и почнува обрска на полицијата во воспоставување на системот на јавна безбедност. Тие односи се од општо општествено значење, поради што треба да се реализираат преку јасно утврдени и заеднички прифатени стандардни оперативни процедури.[4]

Со оглед дека експанзијата на недржавниот безбедносен сектор ја одбележува последната декада на XX век и првата деценија на ова столетие, евидентни се бројни специфичности и разлики кои го следеле одвивањето на овој процес во развиените земји во однос на државите со авторитарно наследство, кои во тој период проаѓале низ процес на економска транзиција, стопанска трансформација, социјална еманципација и политичка демократизација. Во земјите со развиена демократија и уредени општествено-економски односи, денес во однос на секторот на корпоративна и приватна безбедност се применува системски пристап. Во тој поглед на Западот е разработен концепт на т.н. „заедничка безбедност“ („joint security“), која подразбира соработка помеѓу државни и неконвенционални субјекти на безбедност, при што недржавниот сектор се смета за помлад партнер во работите за зачувување на јавната безбедност.[5] Истовремено тој сектор се третира и како потсистем на општествениот систем и аналогно на тоа на системот на национална безбедност, со јасно дефинирани цели и функции. Ваквиот пристап е особено значаен во услови на нараснувачки опасности кои потекнуваат од меѓународниот тероризам и организираниот криминал, како и од другите облици на закана, кои ја загрозуваат државата и општеството и го отежнуваат функционирањето на деловните системи. Во функција на координирано дејствување за спротивставување на загрозувачки активности, позицијата на недржавните субјекти за безбедност во овие земји е условена со законската регулатива која е усогласена со други општествени субјекти од областа на безбедноста.[6]

---

[4] Според: Добрановић Жељко, „Мјесто и улога приватне заштите у супротстављању организираном криминалу”, во: Фатић Александар, Бановић Божидар (ур.), *Друштвени аспекти организованог криминала*, Институт за међународну политику и привреду, Београд 2011., стр. 227.

[5] Пошироко види: Кековић Зоран, „Савремени трендови у недржавном сектору безбедности”, во: Симоновић Бранислав (ур.), Сузбијање криминалитета: Деценија после смрти професора *Водинелића,* Правни факултет у Крагујевцу & Полицијска академија & Виша школа унутрашњих послова, Крагујевац 2004., стр. 588.

[6] Даничић Милан, Стајић Љубомир, op. cit. str. 16.

Во последните децении, недржавниот безбедносен сектор на Западот, а особено во САД, прерасна во вистинска индустрија, составена од приватни организации и корпорации, специјализирани за работи и задачи во одбранбеното и безбедносното подрачје, кои дотогаш биле резервирани само за државните институции. Преломен момент во процесот на приватизација на безбедноста во САД биле терористичките напади на Њујорк и на Вашингтон на 11 семптември 2001 година. По тој настан администрацијата на претседателот Џорџ Буш ги отфрлила поранешните противтерористички пристапи, кои го сочинувале механизмот на дипломатски активности, економски санкции и меѓународно координирани законски мерки. Наместо тоа, објавено е ангажирањето на САД во „глобалната војна против тероризмот". Со започнување на операцијата „Enduring Freedom 2001" во Авганистан и „Iraqi freedom 2003" во Ирак, како дела на глобалната војна против тероризмот, отворени се огромни боишта кои бараат големи човечки и финансиски потенцијали. По првично успешните воени операции, но и малиот број на ангажирани сили потребни за стабилизација на состојбата и обнова на споменатите држави, за приватниот безбедносен сектор во САД тоа е почеток кој доведе до екслозија од можноста за ангажирање.[7]

Во САД функционираат две групи на субјекти на недржавниот безбедносен сектор: првата ја претставуваат т.н приватни воени и безбедносни компании (private military companies и private security companies), а втората ја сочинуваат корпорациите кои дејствуваат како логистичка поддршка на военоиндустрискиот сектор. Во терминолошкото одредување на поимите на приватните воени и безбедносни организации и корпорации во таа земја, односно во правење разлика помеѓу нив, постојат несогласувања помеѓу авторите кои го истражуваат споменатото подрачје.[8]

---

[7] Carafano J. James, Private Sector, Public Wars; Contractors in Combat – Afghanistan, Iraq and Future Conflict, Praeger Security International, Westport CT 2008, p. 66.

[8] П. Сингер така наведените организации ги дели на: фирми за воена поддршка (Military Provider Firms) кои спроведуваат активности на борбената линија, воени советодавни фирми (Military Consultings Firms) кои обезбедуваат обука и соодветни активности и фирми за воена поддршка (Military Support Firms), специјализирани за логистика, одржување, транспорт, конструирање. Види: Singer. W. Peter, (2008) Corporate Warriors, The Rise of the Privatized Military Industry, Cornell University Press, Ithaca NY 2008.,pp.25-30. Слична класификација користи и Дејвид Ајсенберг, додека Д.Авант тие фирми ги дефинира како приватни безбедносни организации. Според Avant Deborah, The Market for Force: The Concequences of Privatizing Security, Cambridge University Press, New York 2005., pp.12-13. Истражувањето кое го спроведе Д.Ајсенберг покажува како тие фирми сами со себе се доживуваат: Aegis Defence се проласува како „британска фирма за безбедност и менаџирање на ризикот", DynCorp International се рекламира како „мултифункционална, глобална компанија која обезбедува иновативни решенија преку разновидна технологија и професионални услуги за државниот и за комерцијалниот сектор по сиот свет", Blackwater како "ефикасна интеграција на широк спектар на ресурси и основни вештини во обезбедувањето на единствени временски прецизни решенија кои ги задоволуваат потребите на клиентите, ArmorGroup како „водешки двигател на дефанзивни и безбедносни услуги", додека Triple Canopy наведува дека „ублажува ризици и развива сеопфатни безбедносни програми". Види: Isenberg David, „A government in search of cover: PMCs in Iraq", British American Security Informacion Council, London – Washington DC 2006., p.26. (http://www.basicint.org/pubs/Papers/pmcs0603.pdf).

Во врска со тоа се укажува дека е тешко корпорациите како што се Halliburton, Kellogg, Brown&Root (KBR), Blackwater, MPRI или CACI, да се определат во иста група - приватна воена или безбедносна организација, со оглед на тоа дека подрачјата на нивното дејствување се сосема различни.[9] Фокусирајќи се на дејноста и услугите кои ги нудат приватните организации на пазарот на САД и некои други западни земји, може да се заклучи дека нивните клучни фунционални подрачја на дејствување се врзани за директно учество, обука, логистичка поддршка и услужни дејности, советодавни услуги, стратегиски и административни анализи и експертизи, како и на разузнавачки активности. Кога станува збор за корпорации и организации кои даваат поддршка на военииот сектор на САД, се работи за мултидисциплинарни, најчесто меѓународни компании со широк спектар на деловни активности, кои покрај својата примарна дејност се одлучуваат на давање на услуги на воениот сектор од причина на проширување на пазарот и големите заработки кои се остваруваат на тоа подрачје. Меѓу нив најпознати се L-3 Communications, Lockheed Martin и Northrop Grumman Corporation.[10]

Во литературата постои согласност дека недржавниот сектор во Европа има свои корени на просторот на Велика Британија, каде уште во средниот век се појавиле зачетоци на ангажирани приватни служби за заштита на имотната безбедност на граѓаните.[11] Во континеталниот дел на Европа, историјата на приватните безбедносни услуги датира од почетокот на XX век, а во некои држави како Германија и Италија, од втората половина на XIX век. Меѓутоа, во поголем број земји овој пазар почнува забрзано да се развива од почетокот на 70-те години на минатиот век, прераснувајќи во комплексен сектор, чија природа и карактер можеби го опишува самиот термин „индустрија на приватната безбедност“ (Industry of Private Security).

Поверливи статистички податоци за ресурсите и бројот на вработените во приватниот безбедносен сектор на членките на Европската унија не им се достапни, така што информациите за тоа може да се прибираат првенствено преку стопански прегледи, сметки во магазините за трговија, интерпретацијата на владината статистика за вработеност и слични извори. Меѓународното структурно здружение „Конфедерација на европските безбедносни системи“ (CoESS) во 2011 година ги објави податоците за големината на приватниот безбедносен сектор

[9] Покрај останатите дејности и услуги кои ги нудат, корпорациите како што се Halliburton и Kellogg, Brown&Root (KBR) најпознати се како големи логистички фирми, додека Blackwater е најпознат по имицот на фирмата која обезбедува ВИП лица и која во извршување на таа задача ќе употреби средства за заштита на лицето кое го заштитува. MPRI е светска реномирана советодавна фирма, додека CACI е позната корпорација која обезбедува преведувачи и експерти за истраги за потребите на вооружените сили на САД.

[10] Ortiz Carlos, „The Private Military Company: An Entity at the Center of Overlapping Spheres of Commercial Activity and Responsibility“, in: Jäger Thomas, Kümmel Gerhard (eds.), *Private Military and Security Companies,* VS Verlag für Sozialwissenschaften, Wiesbaden 2007., pp. 59-63.

[11] Пошироко види: Christman H. John, *History of Private Security (Part I)*, Security World Publishing Co. Inc., Los Angeles CA 2005., pp. 18-19.

во Европската унија, според кои во тогашните 24 земји-членки работеле 52.300 приватни безбедносни компании, кои вработувале околу 2.170,000 вработени работници за обезбедување.[12]

Анализирајќи ја законската уреденост на приватниот безбедносен сектор во државите-членки на ЕУ, Јап де Вард дошол до следна класификација на нормативните системи на европската „индустрија на приватната безбедност“: земји со неинтервенциони прописи (Велика Британија, Република Ирска); минималната тесна пропишаност (Луксембург); минимална поширока пропишаност (Германија, Австрија, Италија); сеопфатна тесна пропишаност (Данска, Финска, Франција); сеопфатна поширока пропишаност (Белгија, Шпанија).[13]

Во земјите-членки на Европска унија кои имаат највисоки стандарди во недржавниот сектор за безбедност (Велика Британија, Германија, Шпанија), контролата над работата на специјализираните агенции за обезбедување се врши преку нивните професионални здруженија.[14] Најголемо такво здружение во Велика Британија е Здружението на британската безбедносна индустрија (British Security Industries Association-BSIA). Со зачленување во BSIA, агенциите се должни да дадат податоци за двегодишното работење, картотеката на вработени во последните 20 години, како и опис на дејности, со податоци за контролните центри, надзорници, телохранители, чувари и други. Надзор над постојаните членки се организира два до трипати годишно, а агенциите имаат рок од три месеци да ги отстранат утврдените недостатоци. Во спротивно, дициплинската комисија на BSIA изрекува опомена, казна или исклучување од Здружението.

Истовремено во таа земја постои и Меѓународно професионално друштво за обезбедување (Internacional Professional Security Association- IPSA), надлежно за издавање на одредени лиценци кои ги доделува владата. Ова здружение има издадено и посебен етички кодекс, а за своите членки организира и курсеви. Во СР Германија агенциите за својата дејност - приватно обезбедување, дозволите (лиценците) ги добиваат по општите прописи. Обемот на нивната дејност во последните децении е значително зголемен поради порастот на криминалот и преоптовареноста на полицијата, така што бројот на специјализирани претпријатија станувал сѐ поголем во кратки временски интервали. Голем број на овие претпријатија е зачленет во Сојузно здружение на германските безбедносни фирми (Bundesverband Deutcher Wac und Sicherheitsunternehmen-BDWS), кое е формирано

---

[12] Според: Кесић Зоран, „Упоредноправни приказ система приватне безбедности у јужнословенским и земљама чланицама Европске уније“, во: *Сузбијање криминала и европске интеграције* (зборник радова са научног скупа), Криминалистичко-полицијска академија & Фондација Ханс Зајдел, Београд 2010., стр. 207.

[13] Види: De Waard Jaap, „The Private Security Industry in International Perspective”, in: *European Journal on Criminal Policy and Research*, Vol. 7, No. 2, Springer, Heidelberg 1999., pp. 153-172;

[14] Weber Tina, „A comparative overview of legislation governing the private security industry in the European Union”, *Final Report of a Project for CoESS/UNI Europa funded by the European Commission*, Version 11/04/2002, ECOTEC Research and Consulting Ltd, Birmingham UK 2002., pp. 77-79.

во 1948 година. Преку вршењето на својата дејност, тие што поседуваат дозвола имаат законски овластувања, кои во основа се сведени на право на привремено задржување на лица, нужна одбрана и крајна нужда (во согласност со Закон за кривична постапка), како и правото на примена на принуда при вршење на работи за војската, што е регулирано со посебен закон. Во Кралството Шпанија, Законот за приватна безбедност (1992), кралските декрети за санкциите (1993) и правните стандарди (1994) се засноваат на тоа дека постоењето на приватниот сектор за безбедност е пожелен, бидејќи така се оптимизираат полициските ресурси. Агенциите од оваа област имаат свои здруженија, кои немаат јавни овластувања, туку првенствено советодавна улога. Лицата кои се занимаваат со овие работи имаат пропишан делокруг на работа, а оружје можат да носат само врз основа на одлука на генералниот директор на полицијата, исклучиво во случаи на транспорт на пари и други вредности, како и на стражи и во текот на заштита на одредени воени објекти, фабрики, складови со опасни материи и сл. Подетално се уредени и условите за вршење на дејноста, така што за работа неопходно е поседување на лиценца која ја издава Министерството за внатрешни работи, потпишување на договор со нарачателот на услугата во пропишана форма со претходна верификација на МВР и периодично известување на полицијата за извршување на дејноста.[15]

Белгија се смета за земја со многу строги закони што ја регулираат работата на приватниот безбедносен сектор. Оваа стопанска гранка е уредена со Законот на приватна безбедност од 10 април 1990 година, изменет во 2001 година, а дополнет во 2004 година и со Уредбата за обука од 1999 година.[16] Други релевантни прави акти со кои се уредува оваа стопанска гранка се кралските декрети, министерските декрети и други закони што имаат допирни точки со оваа проблематика. Според став 2 од Законот од 1990 година, формирањето приватна фирма од областа на безбедноста е условено со добивање дозвола (лиценца) од Министерството за внатрешни работи (што се консултира со Министерството за правда). Лиценците се издаваат за период од пет години со претходно исполнување одредени критериуми.[17]

Во Данска, Законот што ја регулира оваа област е усвоен во 1986 година и тој јасно го регулира подрачјето и одговорноста на дејствување на приватниот безбедносен сектор. Приватниот безбедносен сектор се занимава со работи поврзани со заштита на приватни и јавни објекти, превоз на пари и богатство, заштитата на личности и поставувањето алармни системи. Законот налага приватните компа-

[15] Види пошироко кај: Милошевић Милан, „Нормативна (не) уређеност приватног обезбеђења лица и имовине у Републици Србији", во: Хаџић Мирослав (прир.), *Реформа сектора безбедности у Србији- Достигнућа и перспективе* (зборник радова), Центар за цивилно-војне односе, Београд 2007.,стр.135-136.

[16] Law on Private Security Enerprises and Company Internal Security Providers in Royal Decree on Training (31. december 1999).

[17] *A Comparative Overview of Legislation Governing the Private Security Industry in the European Union*, Final Report of a project for CoESS/UNI Europa, funded by the European Commission, Version 11/04/2002, p. 5.

нии за обезбедување да поседуваат соодветни лиценци од полициските органи. Полицијата може да ја повлече лиценцата ако оцени дека приватната компанија повеќе не ги задоволува пропишаните барања. Полицијата има овластување во секој момент да ја контролира работата на приватните компании за обезбедување.[18]

Во Франција за системското уредување на приватната безбедност е одговорно Министерството за внатрешни работи. Според законската регулатива, дозволата за работа е дел од доменот на полициската област и ги издава Министерството за внатрешни работи. Значи, регистрација на компаниите за обезбедување лица и имот прави надлежното Министерство за внатрешни работи, а истото важи и за надзорот на дејствување на таквите компании, односно надзор над работата на припадниците на обезбедување вршат истите органи коишто им издале дозвола за работа. Тие со административна постапка можат да го одбијат издавањето дозвола, односно да ја одземат веќе издадената лиценца.[19]

Во земјите на поранешниот Варшавски договор, развојот на приватниот безбедносен сектор имал цела низа на специфики, кои се условени од нееднакво успешни процеси на транзиција, економската состојба, како и понизок или повисок степен на социјална и правна (не)уреденост на тие држави. Современиот процес на проширување на приватниот безбедносен сектор е глобален, универзален и истовремен низ целиот свет, но е и своевиден, различен и со цела низа на нови елементи поради односите и процесите кои постојат во конкретните општества, попримајќи цела низа специфики, што сето заедно се одразува на конечен продукт, односно на степенот на безбедност во одреден сектор или заедница. Приватизацијата на секторот за безбедност поради тоа е феномен кој оди по сопствена траекторија под влијание на општествената гравитација, односно конкретните политички, безбедносни, историски, културни и други услови кои постојат во соодветната земја.[20]

Правна основа на актуелното функционирање на приватниот безбедносен сектор во Руската Федерација претставува Уставот на Руската Федарација (Конституция Российской Федерации), Федералниот акон за приватна детективска и безбедносна дејност (Федералънъій Закон Российской Федерации „О частной детекнивной и охранной деятелъности“) од 11 март 1992 година, Федерален закон за оружје (Федералънъій Закон „Об оружии), донесен на 13 декември 1996 година и Федералниот закон за лиценцирање на поедини видови на дејности (Федералънъій Закон „О лицензировании отделънъіх видов деятелъности“) од 2001 година.

Денеска во областа на приватната безбедност во Руската Федерација се вклучени околу 25.000 приватни компании и претпријатија, кои се занимаваат со

[18] Ahić J., *Sistemi privatne sigurnosti*, Sarajevo, 2009, str.180-210.

[19] За планирање на секторот за приватната безбедност во Франција види: Soullez C.: *Lexique de la securite*, PUF, Paris, 2001., pp.194-207.

[20] Според: Кешетовић Желимир, „Реструктурирање полиције и тешки облици криминала”, во: Радовановић Добривоје (ур.), *Тешки облици криминала* (зборник радова), Институт за криминолошка и социолошка истраживања & ВШУП, Будва 2004., стр. 227-235.

давање на услуги за приватно обезбедување и детективска дејност. Тие услуги ги опфаќаат заштитата на лица и имот, обезбедување на објекти, инсталирање на технички алармни средства и сигнализации и одржување на ред на јавни манифестации. На овој сектор му припаѓаат и фирми кои се занимаваат со производство на софтверско-технички комплекси за заштита на информациони системи, како и компании кои даваат услуги за информациска, комерцијална, противпожана и еколошка безбедност. Постои и значаен број недржавни образовни центри и академии, кои се занимаваат со обука на детективи и безбедносни службеници. Давањето услуги на приватно обезбедување се дозволува само на посебно опремени агенции, со важечка лиценца за работа, добиена во согласност со Законот за лиценцирање на одделни видови на дејности и Уредбата за лиценцирање на недржавната безбедносна дејност, која ја донела Владата на Руската Федерација во август 2002 година. Министерство за внатрешни работи, како орган кој издава лиценци за работа, спроведува контрола и надзор над фирмите кои се занимаваат со приватна детективска дејност и услуги на приватно обезбедување. За таа цел, Министерството за внатрешни работи има право да врши планирани и вонредни контроли.[21]

## Заклучок

Начинот и ширењето на законското уредување на приватниот безбедносен сектор, се разликува од држава во држава. Поради глобалните процеси во економијата се појавува потреба за дејствување на тој сектор и надвор од границите на националните законодавства, па затоа се наметнува потребата за нормирање на одредени аспекти на дејствување на субјектите од оваа област, како и хармонизација на законодавствата на ниво на заеднички пазар (државите-членки на ЕУ и државните во процес на придружување).

Законското уредување на приватниот безбедносен сектор дава широка платформа дека односите и работите во овој сектор ќе се одвиваат по одреден канализиран ред. Меѓутоа, постојат голем број на причини зошто одредени држави одбегнуваат да го направат тој чекор.

Анализата покажа дека причините за уредување на тие области се класифицирани на следниот начин: одредување на уставни и други законски овластувања и ограничувања во работата на приватните дејности со безбедносни услуги; заштита на неповредливоста и приватноста на лица кои доаѓаат во контакт со недржавните сектори на безбедност; спречување на користење на приватните агенции за политички цели, за сузбивање на штрајкови, демонстрации и слично; одредување простор и објект каде е дозволено приватниот сектор да ја извршува таа дејност; одредување на улогите, подрачјата на соработка и поделба на работите помеѓу државните власти (полицијата) и на приватната безбедност; овозможување на јавноста, јасно и видливо да ги разликува припадниците на полицијата од вработените во приватните агенции за обезбедување; обезбедување на надзор над примената на овластувањата од страна на припадниците на недржавниот сектор за безбедност; давање на дополнителна правна заштита на вработените во тие

[21] Види: Бабиков В.Г, *ЧОП: От создания до успеха*, НОУ ШО „Баярд", Школа охраньи Баярд, Москва 2005., стр. 543-556.

агенции и нивната работа; исклучување на криминалците и на осудените лица од тие сектори; обезбедување на еднакви стандарди во постапката на агенциите за обезбедување; контрола на поседување на огнено оружје во фирмите-даватели на безбедносни услуги; надзор над дејствување на мултинационалните безбедносни компании; елиминација на нерегистрирани фирми во областа; положбата и угледот на субјектите во недржавниот сектор за безбедност; воспоставување на минимални услови поврзани за условите за работа и надоместок на вработените во оваа област; зголемување на државните приходи за надоместок за лиценцирање.[22]

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Avant Deborah, The Market for Force: The Concequences of Privatizing Security, Cambridge University Press, New York 2005.
2. Abrahamsen R. and Williams M., *Security Beyond the State. Private Security in International Politics*, Cambridge University Press, 2011.
3. Akanji O.: *Politicised Intervention: Private Security Companies and Armed Conflicts in Africa,* Department of Political Science, University of Ibadan, 2009.
4. ASIS Online, "*Professional Development: Security Disciplines*," retrieved April 18, 2000.
5. Makwana, Rajesh: Multinational corporations: Beyond the profit motive, 2006.
6. Isenberg David, „A government in search of cover: PMCs in Iraq", British American Security Informacion Council, London – Washington DC 2006.
7. Raboy M. and Dagenais B., *Media, Crisis and Democracy: Mass Communication and the Disruption of Social Order,* SAGE Publications, 1996.
8. Carafano J. James, Private Sector, Public Wars; Contractors in Combat – Afghanistan, Iraq and Future Conflict, Praeger Security International, Westport CT 2008
9. O'Connor Lippert, Greenfield & Boyle, 'After the "Quiet Revolution": The Self-Regulation of Ontario Contract Security Agencies', *Policing & Society*, Vol. 14, No. 2, June 2004
10. Small M., Privatisation of Security and Military Functions and the Demise of the Modern Nation-state in Africa. Durban, African Centre for the Constructive Resolution of Disputes, 2006.
11. Singer. W. Peter, (2008) Corporate Warriors, The Rise of the Privatized Military Industry, Cornell University Press, Ithaca NY 2008.
12. Nyamuya M., et.al. Private Military Companies & International Law: Building New Leaders of Legal Accountability & Responsibility, 2009.
13. *Non-State Threats and Future Wars*, Bunker J.R., (ed.), Frank Cass & Co.Ltd, 2003.
14. Alvin & Heidi Toffler, *War and Antiwar: Survival at the Dawn of the 21st Century* (Boston: Little, Brown & Co., 1993).
15. Волков В., Дезинформација, Нас дом, Београд, 2001.
16. Бакрески О, Даничиќ М., Кешетовиќ Ж., Митевски С., Приватна безбедност, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015.
17. Born H., Caparini M. and Cole E.: *Regulating Private Security in Europe: Status and Prospects,* Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), Policy Paper – №20, 2007.


[22] Според: Hakala Jorma, "Why regulate manned private security?" (http: www.coess.org/studies.htm).

18. Bruce G. and Button M.: *Private Security*, Palgrave Macmillan, New York, 2004.
19. Brian J.: *Principles of Security Management*, Pearson Prentice Hall, New Jersey, 2005.
20. Branović Ž.: *The Privatization of Security in Failing States: A Guantitative Assessment*, DCAF, occasional paper no. 24., Geneva, 2011.
21. Бабиков В.Г, *ЧОП: От созданиа до успеха*, НОУ ШО „Баярд«, Школа охраньи Баярд, Москва 2005.
22. Matthew A. Richard, *Dichotomy of Power*, Nation versus State in World Politics, Lexington Books, 2002.
23. Кузмановски С., *Додека конфликтот сѐ уште траеше*, Ворлдбук 2000, Скопје, 2003.
24. Mangold P. *National Security and International Relations*, Rotledge, London and New York, 1990.
25. Hollins H.B.; Powers A.L. and Sommer M., *Alternative Strategies for Global Security*, Westview Press, Boulder, San Francisko & London, 1989.

621.039.7
Прегледен научен труд

# СОЗДАВАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ НА РАДИОАКТИВЕН ОТПАД И НЕГОВО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Росе СМИЛЕСКИ**[1]
**Љупчо ШОШОЛОВСКИ**[2]

**Апстракт:** *Во последните неколку децении дојде до зголемување на свеста за околината и потребите од заштита на животната средина. Појавите како што се: кисели дождови, озонска дупка, деградација на земјоделското земјиште, загадување на подземните води, а особено складирање на радиоактивниот отпад од нуклеарните електрани, медицината, индустријата, истражувачки цели и слично, наидува на големо внимание на целокупната светска јавност. Создавањето на радиоактивниот отпад, управувањето, транспортот, складирањето и неговото влијание врз животната средина се предмет на истражување во трудот.*

**Клучни зборови:** *радиоактивни изотопи, нуклеарен горивен циклус, радиоактивност, складирање*

## Вовед

Основна идеја на згрижувањето на кој било вид  отпад е неговото изолирање од надворешни влијанија, контакт со животната средина и луѓето се додека не претставува опасност за нив. Трајното складирање на радиоактивниот отпад е од суштинско значење за негово трајно отстранување. Радиоактивен отпад подразбира делумно или потполно неупотреблив материјал за енергетски цели, во индустријата, медицината, истражувачки цели, а се уште задржува дел од својата радиоактивност.

Според достапната литература, од спроведените истражувања на јавното мислење се доаѓа до заклучок дека многу малку луѓе се информирани за радиоактивниот отпад. Само еден од осум луѓе знаат дека површинското и подземното складирање се вообичаени техники на отстранување на радиоактивниот отпад, дури и во земји, како што се Велика Британија и Франција, кои работат во близина на капацитети за складирање на радиоактивен отпад. Висок процент на луѓе сѐ уште веруваат дека радиоактивниот отпад сѐ уште се фрла во море, иако од 1985 година на сила стапил мораториум за одлагање на радиоактивниот отпад во море.

Јасно е дека постои информативен јаз кој се однесува на управувањето со радиоактивен отпад. Целта на трудот е да се сублимираат информациите, статусот и трендовите во управувањето и транспортот на радиоактивен отпад и неговото влијание врз животната средина. Особено внимание е посветено на начинот на управување со радиоактивниот отпад кој се јавува како нуспроизвод од употребата на радиоактивните материјали, типовите

[1] Авторот е редовен професор на Воената академија„Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје

[2] Авторот е магистер, вработен во АРМ

на складишта кои се користат за складирање на ниско и средно радиоактивниот отпад со опис на складиштата кои се со најголем капацитет и во кои се запазени сите мерки на безбедност и технолошки решенија за да не дојде до загрозување на екосистемот преку истекување на радиоактивниот отпад, како и транспортот на радиоактивни материјали во нуклеарниот горивен циклус и влијанието на складиштата за радиоактивен отпад врз животната средина.

## Создавање на радиоактивен отпад

Радиоактивен отпад се создава во областите во кои се користи радиоактивно зрачење, а тоа се: науката, земјоделството, индустријата, медицината и енергетиката. Најголеми количини на радиоактивен отпад се создаваат со работата на нуклеарните електрани и во сите фази на нуклеарниот горивен циклус, почнувајќи од копањето на ураниумовата руда па сè до затворањето на нуклеарните постројки.

Според Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), радиоактивен отпад е „материјал кој содржи или е контаминиран со радионуклиди со такви концентрации да нивото на радиоактивност е поголемо од специфицираните вредности од страна на компетентни тела, а да при тоа материјалот нема употреблива вредност“ [1].

Во индустријата, радиоактивен отпад претставуваат истрошените громобрани и детектори на чад, како и сите останати уреди кои не се во употреба, а содржат радиоактивни извори.

Исто така, радиоактивен отпад настанува во научно-истражувачките институти при изведувањето на експерименти во кои се користат извори на јонизирачко зрачење.

Радиоактивниот отпад се дели според потеклото, активноста и според периодот на полураспад.

Според потеклото разликуваме:

- ненуклеарен (болници, истражувачки лабаратории, радиофармацевска индустрија);
- нуклеарен (рудници, нуклеарни реактори, затворање на нуклеарни централи).

Според активноста радиоактивниот отпад може да биде [2]:

- ниско радиоактивен отпад =од $5x10^6$ до $5x10^9$ $Bq/m^3$
- средно радиоактивен отпад=од $5x10^9$ до $5x10^{14}$ $Bq/m^3$
- високо радиоактивен отпад > $5x10^{14}$ $Bq/m^3$

Ниско и средно радиоактивниот отпад може да се подели и според техничката класификација на [3]:

- јонски изменувачи;
- стврднатa густа маса од парогенераторот;
- филтерски влошки;
- отпадоци кои можат да се набијат.

Радиоактивниот отпад се дели и според агрегатната состојба на [3]:

- гасовит радиоактивен отпад;
- течен радиоактивен отпад;
- цврст радиоактивен отпад;

Гасовитиот радиоактивен отпад сè до неговото распаѓање се чува во резервоари. Течниот радиоактивен отпад е течност која е контаминирана со радионуклиди. Таквиот отпад има значителен удел во вкупната количина на ниско и средно радиоактивен отпад кој се создава во нуклеарните електрани. Затоа, неговиот третман е доста значаен со цел да се намали неговиот волумен и да се трансформира во форма погодна за чување. За да се намали волуменот на течниот радиоактивен отпад се користат постапки на филтрирање, испарување и сушење во буриња. Нерадиоактивната вода се враќа назад во процесот, а преостанатата радиоактивна маса се суши во буриња. Со загревање на бурињата се извлекува водената пара и настанува цврст и сув талог. Во цврст радиоактивен отпад спаѓаат контаминирани отпадни материи, како што се пластика, хартија, крпи, лична заштитна опрема, алати и филтерски влошки. Цврстиот радиоактивен отпад има голем обем  и пред негово складирање е потребно да му се намали волуменот [3].

Поделба на складиштата за радиоактивен отпад [2]:

- привремени складишта;
- складишта за ниско и средно радиоактивен отпад (време на полураспад до 30 години);
- складишта за високо радиоактивен отпад (траење на радиоактивноста од повеќе столетија).

## Управување со ниско и средно радиоактивен отпад

### *Ниско радиоактивен отпад*

Ниско радиоактивниот отпад (Low-Level Waste-LLW) содржи мала количина на изотопи кои имаат кратко време на полураспад. На овој отпад отпаѓа 90% од вкупниот волумен на радиоактивен отпад додека неговиот удел во радиоактивноста е 1%. Овој отпад го сочинуваат делови од опремата, филтри, ракавици, облека итн[3].

Ракувањето со овој вид на радиоактивен отпад не е комплицирано, но складирањето е сосема различно отколку во случајот на обичен смет. Ниско радиоактивниот отпад се чува во буриња кои потоа се компресираат поради намалување на обемот. Така компримираниот отпад привремено се складира на место во рамките на самата нуклеарната електрана. Конечното складирање на ниско радиоактивниот отпад е најчесто од површински тип. Површинското складиште е релативно лесно за изработка: во земја се копа јама длабока неколку метри, а потоа на подлога од непропустлив материјал се прави бетонска плоча на која се поставуваат бетонски базени. Садовите со ниско радиоактивен отпад се поставуваат во бетонски контејнери и се запечатуваат со бетон. Бетонските контејнери се поставуваат во бетонските базени, а кога тие се исполнат се затвораат со бетонски плочи и покриваат со земја.

[3] Во нуклеарната електрана Кршко, Република Словенија, годишно се создаваат 30 $m^3$ ниско и средно радиоактивен отпад, што може да се претстави  како замислена коцка со страна од 3,1 m кој се складира во кругот на самата електрана. До крајот на 2014 година во привременото складиште било складирано 2258,4 $m^3$ од тој отпад  [3].

***Средно радиоактивен отпад***

Средно радиоактивниот отпад (Intermediate Level Waste-ILW) содржи поголема количина на радиоактивност, а може да бара и дополнителна заштита. Тој содржи смола од јоноизменувачки филтри, хемиски остатоци и контаминирани материјали кои произлегуваат од затворање на нуклеарните постројки. На овој отпад отпаѓа 7% од вкупниот волумен на радиоактивен отпад додека неговиот удел во радиоактивноста е 4%. Конечното складирање на средно радиоактивниот отпад може да биде во површиниски или подземен (тунелски) тип. Складиштето од подземен тип е изведено така што на избраната локација се буши тунел-сличен на рударскиот. Крутиот средно радиоактивен отпад се поставува во метални буриња и се запечатува со бетон за имобилизација. После тоа, бурињата се ставаат во бетонски контејнери во облик на паралелопипед, повторно се запечатуваат со бетон и поставува во тунел кој се исполнува со водонепропуслива материја. Складишта за ниско и средно радиоактивен отпад од површински и подземен тип се изградени во неколку европски земји, Соединетите Американски Држави и Јапонија.

Создавањето на ниско и средно радиоактивниот отпад е една од нуспојавите на производството на електрична енергија во нуклеарните електрани

## Типови на складишта за ниско и среднорадиоактивен отпад

Моментално, во светот, во функција се околу 70 складишта на ниско и средно радиоактивен отпад, некои од нив се од траен, а некои од привремен карактер. Најголемиот број од нив се од површински тип. Досегашното, стекнато искуство во работата со ниско и средно радиоактивен отпад во светот е околу 2000 години, и го потврдува фактот дека современите технолошки решенија овозможуваат безбедно и еколошки прифатливо складирање на ниско и средно радиоактивен отпад. Поради стекнатото искуство се очекува во оваа декада во погон да бидат ставени околу 30-тина нови складишта. Имено, во 17 држави во моментов се води постапка за избор на место за складиште. За 15 складишта е добиена дозвола, а 4 складишта[4] се во фаза на изградба [4].

***Површински складишта***

Наједноставно површинско складиште е обичен плиток ров во кој отпадот се прекрива со земја. Денес, вообичаено е да во вакво плитко складиште се постави соодветна изолација на дното и таа да биде еден непропуслив слој со канали за дренажа. Друга варијанта за површинско складиште е ѕидан бетонски објект, која е плитко вкопана или изградена над земја. Објектот се состои од одделни делови кои редоследно се пополнуваат, Слика 1. Кога еден дел се пополни, се затвора и запечатува со бетон [5] .

[4] Тоа се одлагалиштата Ловиса (Финска, тунелско), Гоби (Кина, површинско), Конрад (Германија и Химдален, тунелско).



**Слика 1. Бетонски делови[5]**

Од 1969 година, во Франција, ниско и средно радиоактивниот отпад се складира во складиштето „Center de la Manche“, кој е комбинација на складиште од вкопан и изграден тип. Долниот дел се состои од залиена бетонска целина-монолит и содржи средно радиоактивен отпад. На монолитот се сложуваат контенјери со ниско радиоактивен отпад, Слика 2 [6].



**Слика 2. Сводови за складирање со челично зајакнато дно**



**Слика 3. Центарот за складирање „Де ла Манче“ [6]**

Центарот за складирање „Де ла Манче“ , Слика 3, е првото француско површинско складиште за радиоактивен отпад во кој е складирано околу 527000 m³ ниско и средно радиоактивен отпад на површина од 12 хектари, во периодот од 1969 до 1994 година. Од 2003 година е започната фазата на долгорочно надгледување на складиштето [6].

***Подземни складишта***

Подземните складишта можат да бидат на различни длабочини, од неколку десетици до неколку стотици метри. На некои места се адаптираат напуштените рудници во соодветни геолошки формации, како што се рудникот на сол Asse и рудникот за железо Konrad во Германија. Некои земји градат подземни складишта со копање на хоризонтални тунели во камени планини, како, на пример, во Швајцарија. Во Шведска и Финска копаат коси тунели до саканата длабочина во која се градат бетонски силоси. Подземните складишта се соодветни за складирање на средно радиоактивен отпад, но некои земји ги користат за складирање на ниско радиоактивен отпад.

Најголем број на складишта на ниско и средно радиоактивен отпад се од површински тип поради едноставната изградба и намалените трошоци во однос на подземниот тип на складишта. Во прилог на тоа одат и современите технолошки решенија за безбедно и еколошки прифатливо складирање на ниско и средно радиоактивен отпад.

## Управување со високо радиоактивен отпад

Високо радиоактивен отпад (High Levels Waste-HLW) се создава од истрошеното гориво на нуклеарните реактори. Дури и без рециклирање[5] истрошеното гориво се смета за високо радиоактивен отпад. На овој отпад отпаѓа 3% од вкупниот волумен на радиоактивниот отпад додека неговиот удел во вкупната радиоактивноста е

[5] Хемиска постапка на преработка на истрошеното нуклеарно гориво со цел раздвојување на фисиониот материјал (уранот, протонумот, трансураниум) од фисиските продукти со што се постигнува намалување на волуменот на високо радиоактивниот отпад. Екстрахираниот фисионен материјал може повторно да се користи како нуклеарно гориво.

95%. Се состои од високо радиоактивни фисиски продукти и нешто тешки елементи со друго време на полураспад. Процесот на издвојување на уранот и плутониумот од високо радиоактивниот отпад настанува во течна состојба и неопходно е да се претвори во цврста состојба. Тоа се прави со процесот на застаклување (виртификација), со што се намалува неговиот волумен за 70%. Како резултат на работата на еден типичен нуклеарен реактор од 1000 MW на годишно ниво се добива околу 25 тони на истрошено гориво, со чиешто рециклирање на годишно ниво се добива околу 3 $m^3$ застаклен високо радиоактивен отпад. Застакленото високо радиоактивно гориво привремено се чува во челични контејнери. Тоа ослободува топлина и пред конечното складирање мора да се олади. Складирањето на високо радиоактивниот отпад ја зголемува цената на електричната енергија. Конечното складирање се предвидува во стабилни геолошки форми (гранит, глина, солни форми и слично), а изборот се разликува од земја до земја [7].

По излегувањето од реакторот истрошеното гориво најпрво се лади, а потоа оди на преработка или привремено се чува се до конечното складирање (40-50 години после излегувањето од реакторот). Привременото чување на истрошеното гориво може да биде водено или суво. Воденото чување може да се реализира во базени за истрошено гориво во кругот на електраната или во посебно изградени постројки каде на едно место се чува истрошеното гориво од поголем број на нуклеарни електрани (централно чување). Пример за централно чување се постројките CLAB во Шведска и Loviisa во Финска. Истрошените горивни елементи кои поминале доволно долго време во базените за ладење може да се подложат на суво чување. За таа намена се направени бетонски, метални и повеќенаменски (MPC; Multi-Purpose Canister) контејнери. Повеќе наменските контејнери се развиени за чување, транспорт и трајно складирање на истрошеното гориво. По полнењето на контејнерите со истрошеното гориво се обезбедува транспортот до предвидената локација за суво чување. Битно е да се напомене дека контејнерите за транспорт поминуваат низ строги контроли и мораат да останат херметички запечатени и после судар на локомотива со брзина од 130 km/h во бетонски ѕид. До сега не се случила ниту една несреќа при транспорт да дојде до радиоактивно испуштање и загрозување на луѓе и животната средина. Постројките за суво складирање може да бидат од отворен и затворен (бункерски) тип.

Истрошеното гориво и застаклениот високо радиоактивен отпад добиен со преработка на истрошеното гориво содржат долговечни радиоактивни нуклеиди кои се голема опасност за животната средина и населението, т.е. мораат трајно да се изолираат од околината. Затоа е потребно истрошеното гориво и застаклениот високо радиоактивен отпад да се префрлат во конечното складиште за високо радиоактивен отпад. Разгледувани се следните можности за конечно складирање на високо радиоактивниот отпад [8]:

1. складирање на Артикот;
2. вселенско складирање;

3. складирање во океаните;
4. складирање во стабилни геолошки формации на копно.

Меѓународниот договор за Антартикот не дозволува складирање на високо радиоактивен отпад на Антартикот, така што таа можност прва отпаѓа. Вселенското складирање би можело да се користи само за мали количини на посебни нуклеиди ($^{129}$I, актиниди) поради големите трошоци, но методата бара и изградба на нови контејнери кои мораат да ја сочуваат целовитоста и при евентуален пад на ракетата. Можноста за складирање во океаните може да биде повеќекратна [8]:

- складирање во длабоки води;
- складирање во направени отвори на морското дно;
- складирање во океански тектонски ровови.




**Слика 4: Шематски приказ на складиштето за високо радиоактивен отпад Onkalo на местото Olkiluoto**

1. Погон за полнење; 2. Складиште; 3. Површински отвор на тунелот; 4. Помошен тунел; 5. Транспортен тунел; 6. Тунел за луѓе; 7. Подземни ходници за складирање.

Меѓутоа, складирањето во стабилни геолошки формации на копното во блиска иднина останува единствено прифатливо решение со тоа што складирањето во длабоки отвори е потенцијално подобра варијанта во подалечна иднина [9]. Оценувањето на прифатливоста се заснова врз проценките на начинот и времето потребно за да радиоактивниот отпад дојде до површината на земјата со помош на движењето на подземните води. Иако активноста на радиоактивниот отпад нагло опаѓа за приближно 700 години, останува проблемот со долговечните изотопи на $^{129}$I, $^{99}$Tc и актинидите. Досегашните студии покажале дека и во текот на делумна пропустливост на карпите, радиоактивноста не би ја достигнала површината на земјата за помалку од 800 години [10]. На водата и треба од 100 до 1000 години да од длабочина од 500 метри дојде на површината, но поради јонските измени преносот на радиоактивните изотопи е побавен, така ризикот од радиоактивност на $^{99}$Sr и $^{137}$Cs е еднаква на нула, бидејќи ќе се распаднат пред да стигнат до површината. Пред радиоактивниот материјал да тргне кон површината треба да дојде до топење на застаклениот отпад и топење на школката од контејнерот. Челичната школка не е доволна и трајна заштита, но слојот од олово на внатрешната страна е доволна бариера за најмалку милион години. Во прилог на претходното, брзината на топење на стаклото се движи во границите од 0,1 до 1 mm за 1000 години во реални услови што прави доста долга бариера освен за актинидите и $^{129}$I [11].

Првото складиште за високо радиоактивен отпад во Европа се гради во Финска на местото Olkiluoto, Слика 4. Истрошеното гориво ставено во посебни контејнери ќе се складира во подземни тунели ископани во гранитни карпи на длабочина од 500 m. Изградбата на складиштето започнала во 2004 година, а почетокот на работење на складиштето се предвидува во 2020 година.

## Влијанието на радиоактивниот отпад врз животната средина

Основна функција на складиштата за радиоактивен отпад е да го изолираат радиоактивниот отпад од животната средина, односно да спречат истекување на радиоактивните нуклеиди во биосферата. Тоа се постигнува со кондиционирање на отпадот (постигнување на хемиска инертност), поставување на повеќекратни бариери помеѓу радиоактивниот отпад и околната геолошка средина, како и избор на соодветна геолошка структура во која треба да се чува отпадот. Складиштата на радиоактивен отпад мораат да бидат проектирани и изградени во склад со општоприфатените стандарди за да се спречи какво било негативно влијание од складиштето врз животната средина. Стандардот квантитативно е изразен со барањето да дозата која во иднина ќе ја прими најизложениот поединец од складиштето мора да биде значително помала од денес прифатените гранични дози за населението.

Врз основа на теоретските размислувања и практични знаења е дојдено до заклучок дека најповолно складирање е на тврда подлога [12]. Дел од знаењето е стекнато преку искуството на плитко складирање на отпадот во земјата, што се правело за некои видови на радиоактивен отпад уште од почетокот на нуклеарната технологија. Од анализите на природните процеси на осиромашен ураниум во

Габон и наоѓалиштата на ураниумска руда во Cigar Lake, Канада покажале дека е возможно безбедно подземно складирање на отпад во одредени геолошки слоеви, на места кои гарантираат дека радиоактивниот материјал нема ниту за милион години да навлезе во природната средина. Денешната наука и технологија овозможува пронаоѓање на таквите погодни геолошки места и превоз на радиоактивните материјали до нив. Складиштата во тврда подлога не се погодни само за следење, дури е можно да се предвиди насоката на движење на радиоактивниот материјал, ако дојде до негово непланирано испуштање. Тие складишта можат да се зајакнат со дополнително технолошки (инженериски) препреки кои ќе обезбедат подобра изолација на радиоактивниот отпад, ако слоевите на околната почва не се сигурни препреки. Дополнителна конзервација се постигнува ако се планираат складиштата на места под кои нема подземни водени текови при што не постои опасност испуштениот материјал да се движи насекаде освен се подлабоко во почвата. Според претходно наведеното, разбирлива е важноста на правилниот избор на местото за трајно складирање на радиоактивниот отпад [12]. Радиоактивниот отпад мора да биде сместен во така избрано, доградено или изградено складиште чии препреки го спречуваат секој контакт со биосферата, се додека тој отпад е опасен. Во идеален случај, целокупниот радиоактивен отпад се третира на ист начин, на пример, во подземни, многу длабоки, стабилни геолошки складишта. Проблемот е во тоа што нема многу такви локации, а радиоактивен отпад има неколку видови. Радиоактивниот отпад се разликува по активноста, по радиотоксичноста и по времето низ кое трае неговата штетност. Се смета дека би било многу скапо да се изгради и одржува длабоко складиште со таква големина, на идеален начин, се складира целокупниот радиоактивен отпад. Краткоживеачкиот отпад чиј волумен е голем, а штетноста опаѓа брзо, полесно и поефтино е да складира во пристапни површински складишта кои можат редовно да се следат и контролираат. Затоа, складирањето на големи длабочини е резервирано, по правило, за опасниот отпад. Но, какво складиште за радиоактивен отпад ќе се изгради во една земја зависи од неколку фактори: од количината и видот на отпадот, локалните геолошки услови, можноста за складирање, дали преработката и кондиционирањето на радиоактивниот отпад економски се исплати, каква е конечната стратегија на државата и нејзиниот став кон нуклеарната енергија. Предвидени се два типа на складишта и тоа на ниско и средно радиоактивен отпад и складиште за високо радиоактивен отпад.

Проектот за изработка на складишта треба да ги земе предвид сите потребни геолошки испитувања, со цел да се избегне појава на земјотреси или близината на подземни води. Потребно е да се набљудуваат и климатските услови во целина на поширокот хидролошко и геолошко опкружување: непожелни се честите дождови, близината на реките и порозноста на почвата. Треба да се внимава составот на почвата да не е подложен за корозија на материјалите од кои се изработуваат контејнерите за радиоактивен отпад. До денес е познато дека некои видови на почви, како што се на пример, гранитните карпи, глинените и солените наслаги,

се особено погодни за складишта. Складиштата за радиоактивен отпад го применуваат концептот на природни повеќекратни препреки против испуштањето на радиоактивност во животната средина. Тоа подеднакво се однесува на складиштата за ниско, средно и високо радиоактивен отпад. Проектот предвидува, складиштата да мораат да ги задржат своите поволни структурни карактеристики низ многу долг временски период, кој одговара на времето на радиоактивно распаѓање на нестабилните нуклиди. Во анализите за безбедност на складиштата за отпад, како основен начин на пробивање на радионуклеидите во животната средина се претпоставуваат подземните води, кои во крајна линија доаѓаат во контакт со локалните населби. Со плановите за изградба на складишта за радиоактивен отпад мора да се минимизираат можностите за истекување на радионуклеидите преку подземните води. Сценаријата за потенцијално ширење на радионуклеидите околу складиштата за отпад се моделираат за секое посебно складиште и место.

Студиите за влијанието на складиштата на радиоактивен отпад врз животната средина се клучен документ за донесување на одлука за изградба на складиште. Законодавството на Европската унија ги обврзува државите членки на изработка на студии за влијанието врз животната средина уште во фазата на планирање на проектот за изградба на складиште за радиоактивен отпад. Препорачана постапка за изработка на студија за влијанието врз животната средина има за цел да утврди какви се еколошките последици од проектот за складирање на радиоактивен отпад. Резултатите од студијата за влијанието врз животната средина треба да содржат краткорочни ризици (за време на полнењето на складиштето) и долгорочни ризици (после завршувањето на полнењето на складиштето). Поради присуството на радиоактивност посебно внимание треба да се посвети на оценување на радиолошкото влијание врз вработените и населението за време на полнењето на складиштето, долгорочниот потенцијал за влијание врз идните генерации во нормални и несреќни случаеви и потенцијалното влијание на радиоактивноста врз животната средина. Подобноста на планираното складиште за радиоактивен отпад се утврдува врз основа на проценката за потенцијалното влијание врз здравјето на луѓето и животната средина. Ваквата проценка нужно содржи анализа на патиштата, процесот на транспорт за миграција на радионуклеиди и други токсични материјали низ инженериски и природни препреки во биосферата и човековата околина.

Заедничка карактеристика на сите стратегии за управување со искористеното нуклеарно гориво или витрифициран високоактивен отпад е нивно трајно складирање во длабоки геолошки формации. Временскиот период за кој е потребно да се докаже безбедноста на трајното складиште во поголемиот број на западни држави изнесува околу 10000 години. За така долг временски период се претпоставува дека ќе настане деградацијата на изолациските материјали, затоа вниманието се насочува кон изборот на местото (геолошката формација) на која ќе биде изградено складиштето. Некои геолошки структури како што се гранитот, базалтот, глината, а посебно солните формации се особено стабилни неколку милиони години, што

ги прави погодни за складирање на истрошеното нуклеарно гориво и витрифицираниот високоактивен отпад. Складирањето на истрошеното нуклеарно гориво и витрифицираниот отпад издвоен во процесот на преработка, технолошки е многу предизвикувачки, но изводливо. Основниот технолошки концепт на складирање предвидува херметизирање на високо активниот отпад во метални контејнери, нивно поставување во складишта изградени во длабоки геолошки форми, како и исполнување на слободниот простор со различни изолациски материјали. Трошоците за планирање, изградба и работно користење на складиштето за потрошено нуклеарно гориво, според некои проценки, е помеѓу 0,004-0,18 американски центи по kWh произведена електрична енергија во нуклеарна електрана за складирање на истрошено нуклеарно гориво, односно помеѓу 0,03-0,17 американски центи за kWh произведена енергија за складирање витрифициран високоактивен отпад [13].

## Заклучок

Откривањето на радиоактивноста, односно фактот дека радиоактивното зрачење може да продира низ материјата нашло широка примена на радиоактивните материјали во медицината, земјоделството, индустријата, истражувањето и слично. Како резултат на широката примена на радиоактивните материјали, денес се соочуваме со големи количини на радиоактивен отпад кој се јави како нуспроизвод од употребата на радиоактивните материјали.

Во светот, од 1945 година, се случиле повеќе од 2000 експлозии (тестови) на нуклеарно оружје при што во животната средина била испуштена радиоактивност за околу 20 пати поголема од радиоактивноста што ја содржат нуклеарните електрани. Се случиле хаварии на нуклеарни електрани, но во литературата не постои ниту еден случај на инцидент при транспортот на радиоактивни материјали, што е добар показател дека се посветува големо внимание на него.

Од моментот на вадење на нуклеарното гориво од реакторот (или престанување со работа на реакторот), радиоактивноста се намалува за неколку пати уште првиот ден, а за повеќе од 100 пати во текот на годината, и уште околу 20 пати во следните 100 години. Типичен реактор од 1000 MW произведува околу 25 тони потрошено гориво на годишно ниво, кое при процесот на рециклирање и вертификација неговиот волумен се намалува за 70% односно на 3 $m^3$. Проценките се дека во моментот на годишно ниво од сите нуклеарни електрани се создава 10000 $m^3$ високо радиоактивен отпад кој е сместен во базените за ладење во рамките на самите електрани, а во државните складишта има околу 400000 $m^3$ високо радиоактивен отпад настанат во текот на производството на нуклеарно оружје.

Постојат технолошки, геолошки концепти и имобилизација со кои може да се спречи продорот на радиоактивноста во биосферата (изолација на радиоактивниот отпад). Технолошки решенија се екстратерестричка (со ракети лансирани во Сонцето), која е доста ризична додека ракетата полетува и хемиско сепарирање на трансураниумските елементи, а потоа конверзија во стабилни изотопи со бомбардирање со неутрони (трансмутација) која е економски неисплатлива. Имобилизацијата е концепт на претворање на отпадот во стабилен облик во кој ќе остане непроменет, независно од геолошкото опкружување. Од геолошките концепти, складирањето во длабоко изградени шуплини, е единствен начин кој се применува во складирањето на радиоактивниот отпад.

Според изнесеното и достапната литература произлегуваат следните заклучоци:

- дури 97% од вкупниот радиоактивен отпад отпаѓа на ниско и средно радиоактивен отпад со вкупен удел во радиоактивноста од 5%, а 3% од волуменот на радиоактивниот отпад отпаѓа на високо радиоактивниот отпад со вкупен удел во радиоактивноста од 95%;
- складирањето на ниско радиоактивниот отпад е од површински тип, а складирањето на средно радиоактивниот отпад е од површински или подземен тип;
- истрошеното гориво на нуклеарните реактори најпрво се лади, а потоа се рециклира и складира;
- рециклирањето на радиоактивниот отпад овозможува издвојување на плутониумот, ураниумот (за повторна употреба) и актиниди, а преостанатиот отпад се отстранува за да се стабилизира и видно да му се намали волуменот;
- складирањето во длабоко изградени шуплини (стабилни геолошки форми, како што гранит, глина, солни форми) е единствен исплатлив начин на складирање на високо радиоактивниот отпад кој се применува;
- поради минимализација на транспортот се бараат решенија за конечното складирање биде во близина на нуклеарните електрани, ако постојат соодветни услови.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Меѓународна агенција за атомска енергија. Преземено на ден 08.12.2015 година од http://www-ns.iaea.org/

[2] Prelec, Z.(1997) *Gospodarenje otpadom (opasni radioaktivni otpad)*. Преземено на ден 10.12.2015 година од www.riteh.uniri.hr ,2012.

[3] Нуклеарна електрана Кршко. Преземено на ден 16.12.2015 година од: http://www.nek.si/hr/o

[4] World nuclear association. Information library. Преземено на ден 17.12.2015 година од: **http://www.world-nuclear.org/Information-Library/**

[5] Dutzer, M., Vervialle, J.P., Charton, P. (2006). Present issues for centre de la Manche disposal facility. Topseal. Преземено на ден 28.12.2015 година од

https://www.euronuclear.org/events/topseal/transactions/Paper-Session-III-Dutzer.pdf

[6] Chino, P., Duret, F., Voinis, S. (1999). The centre de la Manche disposal facility: Entering intoinstitutional control period. WW 99 conference. Преземено на ден 12.12.2015 година од: **http://www.wmsym.org/archives/1999/44/44-2.pdf**

[7] Radioactive Waste Management. IAEA Souce Book. International Atomic Energy Agency. Vienna, 1997.

[8] Šabovic, A. Isabegović, J. Okić, A. Obrada i model konačnog zbrinjavanja radioaktivnog otpada. Tehnički institute Bijeljina. Arhiv za tehničke nauke. Godina III –br.4

[9] Tison, J. L. (2009). 40 Years of operatiom of Near Surface Repositories. Andra Experience. CEG workshop. Bommersvik.

[10] Velinovič, Želimir., Kvasnička, Predrag. (2007) Površinska odlagališta otpada. Interna skripta. Sveučilište u Zagrebu. Rudarsko Geološko Naftni fakultet. Zagreb.

[11] American Physical Society Site. APS news. Преземено на ден 23.12.2015 година од: http://www.aps.org/publications/apsnews/199606/management.cfm

[12] Nuclear energy agency. Преземено на ден 21.12.2015 година од: **https://www.oecd-nea.org/brief/brief-06.html**

[13] Knapp, V., Krejci, M., Lebenger, J. (2006). Prvih pola stoljeca komercijalnih nuklearnih elektrana. vol. 55 бр.6, стр. 658-689

355.4:551.583
Прегледен научен труд

# ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ВОЕНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Александар ГЛАВИНОВ**[1]
**Горан КАМЧЕВ**[2]

**Апстракт:** *Климатските промени и нивните последици станаа од голем интерес кај јавноста и политички проблем во многу земји во светот. Во некои од нив климатските промени се и актерите на националната безбедност, особено на вооружените сили на големите земји како САД, Велика Британија, Кина и Русија. Климатските промени во иднина ќе имаат вистинско влијание врз армиите и начинот на кои тие ги извршуват своите мисии и задачи.Со оглед на сè почестите и поинтензивни природни катастрофи, армиите ќе бидат сè почесто повикувани за поддршка на цивилните власти, особено за обезбедување на хуманитарна помош, односно за помош при катастрофи. Воените крајбрежни инсталации се подложни на пораст на морското ниво и зголемување на можностите за поплави, суши, шумски пожари, а сè поекстремните температури можат да загрозат многу од воените активности за обука. Армиските синџири на снабдување како по воден пат така и по копно ќе бидат погодени од климатските промени, исто така ќе треба да извршат и приспособувања на опремата која сега ќе биди под екстремни временски услови. Сите овие влијанија ја зголемуваат фреквенцијата, обемот и сложеноста на идните мисии и операции на одбраната.*

**Клучни зборови:** *хуманитарна, катастрофи, воени и цивилни власти*

## 1. Зошто армиите се загрижени за климатските промени?

Климатските промени претставуваат огромни ризици за трите елементи на воената ефикасност: подготвеност, операции и стратегија.

**Подготвеност:** Подготвеност е способност на армиите да ги извршуваат своите операции и задачи навремено. Климатските промени имаат директно влијание на истите, на борбената готовност, на воените инсталации и инфраструктура, на достапноста и квалитетот на земјиштето на воените стрелишта и вежбалишта, намалување на можноста со снабдување на вода, поплави и зголемени опасности од пожари, како и сè почестите екстремни временски услови кои имаат

[1] Авторот на трудот е професор и продекан на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје

[2] Авторот е началник на Контролниот центар во Армискиот полигон „Криволак“

огромно влијание врз снабдувањето со електрична енергија. Порастот на морското ниво и крајбрежната ерозија сè почесто ги загрозуваат воената инфраструктура и инсталации кои се наоѓаат во близина на крајбрежјето, како и уништување и намалување на крајбрежното земјиште кое е на располагање за операции и вежби. Интензивирањето на топлотни бранови ќе претставува вистински предизвик за надворешната обука и ефикасноста на персоналот. Климатските промени, исто така, може да влијаат на воената опрема, на производителот, како и на начинот на транспорт и складирање. Сè потешкиот пристап до главните ресурси, оштетената инфраструктура, како и масовната миграција, претставуваат предизвици за обезбедување на стабилноста на разни региони, како и создавање на зрели услови за терористички активности.

**(Пример)** Во 1992 година, ураганот „Ендрју" речиси ја уништи воздухопловната база „Хомстад" во Флорида, додека ураганот „Катрина" предизвика 950 милиони долари штета од оштетување на воздухопловната база „Кеслер" во Мисисипи. И двете беа повторно изградени, но по цена на милиони долари.

**(Пример)** Невообичаени дождови и поплави уништија 160 објекти во инсталација на Армијата во САД во Југозападниот регион и предизвикаа штета од 64 милиони долари. Рекордните врнежи од дожд го поплавија Одделот за енергетика во фабриката Pantex", кој е познат по монтажа и демонтажа на нуклеарно оружје.

**Операции:** Климатските промени имаат влијание врз операциите, без разлика дали се тие воени операции или хуманитарни мисии. На пример, климатските промени може да предизвикаат значителен товар на синџирот на снабдување и логистички капацитети на вооружените сили. Екстремните суши или поплави во областите каде што армиите се ангажирани во воени операции, на пример, може да влијаат на водоводната и канализациона мрежа, а со тоа директно се загрозува воениот персонал. Екстремните суши може да ја зголемат веројатноста на појава на некои недржавни актери кои постојано ќе се обидуваат да ги одземат водните ресурси за да влијаат директно врз населението и своите противници. Зголемувањето на фреквенцијата и интензитетот на природните катастрофи може да стави ограничувања на капацитетот на вооружените сили врз испорачувањето на хуманитарна помош и помош при катастрофи.

**Стратегија:** Климатските промени можат да влијаат на воената стратегија преку зголемување на можноста за дестабилизација на стратешки и значајни региони во светот. На Арктикот, топењето на мразот, би довело до зголемување на тензиите меѓу Русија и другите нации на Арктикот, односно ја зголемува веројатноста за појава на конфликт. На Блискиот Исток и во Северна Африка, климатските промени директно влијаат врз безбедноста на водните ресурси, со што во иднина ја зголемува можноста за дестабилизација. Во Централна Азија, со нагло топење на мразот и зголемување на морското ниво и сè почестите поплави,

во комбинација со постојните закани за безбедност (како што се тероризмот и нуклеарни материјали), може да се создаде опасна експлозивна комбинација. Во поширокиот регион на Азија-Пацификот, варијабилноста на врнежите ќе влијае со растење на населението во урбаните средини и населението коешто живее долж бреговите, а со тоа постојано ќе се зголемува и побарувачка за електрична енергија. Ова, пред сè, се огромни предизвици за безбедноста на овој важен дел на светот. Миграција на рибниот фонд во Јужното Кинеско Море може да создаде притисок врз рибарската индустрија, односно префрлување на рибниот фонд во оспорените води, што би довело до зголемување на тензиите меѓу Кина и нејзините соседи. Сите овие ризици може да ја зголемат веројатноста за појава на конфликти или, пак, обезбедување помош по конфликтот. Овие динамики веќе се ставени на напорите на воените стратегии.

## 2. Нова улога за армиите

Четвртиот оценувачки извештај (AR4) на Меѓународната комисија на ОН за климатски промени на ноември 2007 година, вели дека затоплувањето на површината не може да се запре и на најдобар можен начин просечната температура до периодот 2090-2099 ќе биде 1,1 до 6,4 степени Целзиусови повисока, а околу 20 - 30% од сите видови на животни и растенија на земјата можат да исчезнат ако просечната температура се зголеми за повеќе од 1,5 до 2,5 степени Целзиусови.

Нивото на морето ќе се крене од 18 - 59 сантиметри, што значи закана за поплави за милиони луѓе до 2080 година.

Климатските промени сериозно и несразмерно влијаат на животот и благосостојбата на луѓето во земјите во развој, зголемување на ранливост на сиромаштијата и социјалната беда. Нејзиното влијание е зголемено со ограничените човечки, институционални и финансиски ресурси .

Се очекуваат сè почести и повеќе суши, топлотни бранови, зголемувањето на нивото на морето, повеќе деструктивни тропски циклони и промени во врнежи кои ќе имаат широки последици за здравјето на луѓето, производството и безбедноста на храната, пристап до вода за пиење и човечки живеалишта, особено во крајбрежните области. Најсиромашните области во светот на суб-сахарска Африка, Азија, речните делти, тропските области на Латинска Америка и некои острови-држави се соочуваат со поголем ризик како резултат на зголемена изложеност од опасности и ограничени капацитети за справување.

Во 2006 година сушата претставуваше закана за повеќе од десет милиони луѓе само во Кенија и во Етиопија. Во 2007 година, уништувањето на земјиштето за храна раселило над 20 милиони луѓе во Бангладеш, во Индија, во Непал и во Пакистан. Десетици илјади луѓе во Западна Африка и земјите во регионот Сахел ги загубија своите домови за време на невидените поплави во 2007 година. Постои консензус меѓу научната заедница дека зголемувањето на интензитетот и зачестеноста на овие екстремни настани е директен резултат на глобалното затоплување и климатските промени

Зголемувањето на глобалните температури ќе го зголеми недостаток на ресурси, особено во однос на водата и обработливото земјиште за храна. Ова најверојатно ќе доведе до поголеми миграциски движења, кои за возврат може да се комбинираат со постоечките фактори на тензии, повеќе да се предизвикуваат конфликти, внатре во самите земји и меѓу земјите. Побарувачката за основни ресурси веќе се влошува. Се зголемуваат социјалните, политичките и економските тензии, кои придонесуваат за насилни конфликтите во места како Дарфур, Чад, Сомалија или Централноафриканската Република.

Миграција на животната средина е извор на нова категорија на бегалци и внатрешно раселени лица, оставајќи земји во ризик, или доброволно или заради принуда. Зголемувањето на нивото на морето што ги оштетува крајбрежните региони од поплави и ерозија, опустошување и намалување на слатководните води, може да создаде милиони бегалци на животната средина. Институтот за животна средина и човековата безбедност во ОН предвидува до 50 милиони еколошки бегалци до крајот на деценијата.

Како што веќе видовме, ефектите од климатските промени се добро познати и наскоро ќе видиме дека ќе има постојано зголемување на проблемите од безбедносни и катастрофи, особено конфликтите и миграцијата, како и новите војни за ресурси. На пример Африка, како резултат на зголемувањето на температурата од 2-5 °, ќе го доживее најголемото опустошување, недостиг на вода и болести. Во нестабилниот регион на Блискиот Исток, во иднина нема да има доволно вода, ќе има голема ерозија на почвата и забрзана загуба на обработливо земјиште. Индиската влада има намера да изгради осум стапки висока бодликава жица по должината на нејзините 2.500 милји на границата со Бангладеш, а истата има намера да ја спречи миграцијата од Бангладеш како што е зголемувањето на нивото на морето, а како резултат на „климатските промени“ .

Така, на една страна имаме голема потенцијална миграција од зголемувањето на нивото во регионите како Бангладеш, во Кина, во Египет и во Нигерија, од друга страна, големите суши и недостаток од вода во африканските замји ќе доведе, исто така, до миграција и премногу напнатост. Затоа, како последиците од зголемувањето на климатските промени, како што е прикажано претходно, ќе имаме нови и се повеќе хуманитарни кризи што може да доведе до нестабилност во различни региони, особено конфликти не само меѓу народите и државите, туку и во земјите и регионите меѓу различните племиња, како што може да се види веќе во една од најтешко погодените области - Сахел, каде што тензиите меѓу номадски племиња, опстанокот на земјоделците и другите заедници сè повеќе расте. Тоа значи дека војската во иднина не само што ќе има сè повеќе и повеќе операции за спроведување на мирот, туку главен предизвик ќе претставуваат последиците од климатските промени. Армиите во иднина ќе мора да се фокусираат повеќе

на „Petersberg tasks“[3] и на зголемување на учеството во операциите за помош при природни катастрофи.

Факт е дека воените сили ќе имаат улога при справувањето со катастрофи, меѓутоа поширокото влијание на климатски промени сериозно ќе бара добра соработка на мултинационално, на мултиагенциско и на глобално ниво.

**Тоа значи дека армиите ќе добијат нова улога:** Нови видови на сили, кои сè повеќе ќе се занимаваат со цивилната и со воена соработка и координација (CIMIC), специјализирана обука, особено за активностите на управување со кризи и помош при катастрофи, врски и соработка во меѓународните хуманитарни операции, како што тоа беше за време цунамито во 2005 година во Југоисточна Азија, каде што повеќе од 30.000 војници беа ангажирани за помош за погодените луѓе во регионот. Ова беше првиот моќен знак на воено-цивилни средства (MCDA), кои покажаа дека само војската може да обезбеди специјална опрема и војници за луѓето на краток рок. Но сè уште треба да се има предвид дека: армијата секогаш треба да се употребува во краен случај и не треба секогаш да се земаат цивилни задачи.

Новиот предизвик за армиите е јасен: повеќе хуманитарни операции, потребни се сè повеќе специјализирани обуки на сите нивоа и за сите чинови. За да се постигне овој висок степен на интероперабилност, потребно е да се познаваат различните системи и нивните можности за обука.

## 3. Загриженоста на НАТО за основните географски и климатски проблеми до 2035 година

Врз основа на анализите, основните географски и климатски проблеми кои ќе влијаат на НАТО до 2035 година, а кои се поврзани со урбанизацијата, најверојатно, ќе ги содржи следниве прашања:

**Преголемата урбаност, распаѓање и ранливост.** Големиот раст на урбаното население, главно во помалку развиените земји и региони кои немаат владини, финансиски и инфраструктурни капацитети за да се справат со темпото и обемот на тој раст, ќе предизвикаат неможност на градот и националните влади да се справат со урбанизацијата во некои градови, така што може да дојде до надвор од контрола на растот на сиромашните, што може да се манифестира со распаѓање на урбаните простори. Отпорноста на адаптивните капацитети да се справи со урбана кревкост ќе биде сè повеќе важна грижа за НАТО аналитичарите и планерите до 2035 година.

**Внатрешно отцепување и подемот на урбаните недржавни вооружени актери.** Граѓаните на врвот на социоекономската и политичка скала се повеќе ќе

[3] Покрива голем број на воени мисии, кои се движат од едноставни до најсилни воени интервенции. Тие се формулирани како:

-хуманитарни и спасувачки мисии,

-мировни операции,

-употреба на борбени сили во справување со кризи.

се откажуваат од општинските администрации и инфраструктура, воспоставување на приватизирани „затворени заедници“ енклави, избегнување на интеракција со населената маса, а со тоа се почнува и со „урбано внатрешно отцепување“. На дното на скалата, маргинализирани и исклучени населението често во сиромашните квартови дополнително ќе бидат исклучувани од или нема да можат да пристапат до владини системи, и во заедницата, приватни групи, ќе дојде до одредена појава за задоволување на потребите на населението, односно на сиромашните и богатите заедници. На тој насчин ќе се вработат вооружени групи (приватни воени корпорации, приватната безбедност, заедница-базирани полициски сили, милиции, банди) за заштита на овие енклави. Во некои случаи, криминалците ќе се здобијат со контрола на области спротивно на волјата на населението, и може да се воспостават сојузништва со бизнис и политичките лидери, вклучувајќи и владини функционери и локални воени или полициски команданти. Како последица на тоа, за НАТО до 2035 година, недржавните вооружени групи и хибридни оператори во урбаните енклави ќе се појават како потенцијално моќни противници (или партнери) во операции, за да се обезбеди, да се стабилизира или да се обезбеди хуманитарна помош во такви градови.

**Приморска урбана ранливост.** Постои тенденција за урбаното население да се групираат во крајбрежните области, вклучувајќи крајбрежја, ниска надморска височина на крајбрежните зони и поширокото крајбрежје (приморски мочуришта, речен или устие). Дури и ако ги оставиме настрана климатските промени, оваа тенденција ќе се одржи со зголемен број на луѓе, а ќе дојде и до значително зголемување на вредноста на комерцијалниот имот, а националните економски средства ќе бидат изложени на ризик од крајбрежните временски настани. Поплави, бури, цунами, веќе се најчестите и широко распространети природни катастрофи, и како се повеќе и повеќе луѓе ќе се наоѓаат во густите градски населби и во крајбрежните зони до 2035 г., ранливоста на градовите со ваквите настани, како и напорите за нивно ублажување ќе станува сè повеќе важна грижа за НАТО.

**Климатско индуцирана миграција и конфликт.** Под претпоставка дека степенот на климатските промени е пропорционален со конзервативните процени што биле порано, до 2035 г. се смета дека ќе има зголемување на загриженоста меѓу владите на НАТО во врска со климатско индуцираната миграција, било внатрешна (како преселување на руралното население во градовите за да се избегнат руралните проблеми во животната средина, како што се суша и опустошување) или движење на населението во, или од, земјите од НАТО. Потенцијал за немири и конфликти, војна помеѓу две држави која би била предизвикана од миграцијата на климата е тешко да се протпостави, но до 2035 година ќе се знае повеќе за оваа појава која останува клучно прашање за Алијансата.

**Ранливоста на градовите од климатските промени**. На повеќе агресивни климатски проекции, промени во просечната температура, модифицирани врнежи од дожд, како и зголемување на бројот и тежината на екстремни временски настани и природни катастрофи, ќе бидат забележливи до 2035 г., предизвикувајќи

загриженост од страна на владите во светот, вклучувајќи ги земјите од НАТО. Зголемувањето на ризикот од пандемијата и епидемијата на болести и недостаток на критични ресурси, вклучувајќи и вода, храна и енергија, најверојатно, ќе значи дека ранливоста од климатските промени во големите и средни градови остануваат клучните проблеми за Алијансата до 2035 година Некои од побогатите земји (вклучувајќи и неколку во НАТО) веќе се ангажирани во значителни напори за ублажување и адаптација,бидејќи може да настрадаат од релативно малку нарушување од климатските промени. Некои земји веќе имаат лоши процени или се во занес за овој проблем, поради што голема е можноста да се оштетат клучните градови до 2020 година и додека останатиот дел од брзо урбанизираните земји во глобалниот Југ едноставно немаат ресурси за ефикасно приспособување.

## 4. Влијанието на географијата и на климата врз НАТО до 2035 година

Влијанието на географијата и на климата може да ги идентификуваат следниве специфични можни импликации за НАТО:

**Преполни воени полиња.** Присуството на многу поголем број на луѓе, возила, авиони и крајбрежните инфраструктури и инсталации во урбани простори до 2035 година ќе придонесе за густо преполни воени полиња, и во физичка и просторна смисла и во смисла на електромагнетниот спектар. Ова ќе го комплицира насочувањето и ќе ја попречи мобилноста на силите на НАТО, ќе се обидуваат да ги идентификуваат и да ги гонат целите кои се движат низ водените површини (морето) и воздушниот простор и да работат во или околу густите урбани средини. Можноста од разбирање, анализирање и планирање за работа во овие средини ќе биде од клучно значење.

**Разделени воени полиња**. Урбанизираните средини ќе создадат разделени воени полиња кои ќе ги раскинуваат поголеми сили на мали единици, додека борбените акции ќе се распрснат во бројни мали единици. Подобрувањето со оружје и комуникациска технологија до 2035 година (анализирани на друго место) ќе му овозможи на непријателот да ги искористат оваа распределени воени полиња да апсорбираат голем број на војници и растурање на ефектите на борбената моќ на НАТО.

**Безрабни градови.** Појавата од полни градови-кластери (каде што на рабовите и просторот меѓу нив се полни со сиромашните квартови, лесната индустрија или постиндустриски пустелија) и урбаното пополнување (во кој во отворените простори во рамките на постоечките градови се пополнуваат со нови населби), ќе значи дека некои урбанизирани простори ќе немаат отворени површини или рабови кои ќе овозможуваат маневар на силите на НАТО со користење на тековните оперативни доктрини. На пример, јасни локации за слетување на плажа, излез на плажа, реони за скокови со падобрани, места за брз истовар на единици со хеликоптери, сите овие локации можат да бидат исклучително тешки за идентификување во безрабните градови.

**Водени/воздушни точки за влез**. Поради менување на природата на животната средина и нарушување на урбаните средини во претходно споменатиот простор, одземање на воздушниот простор и море, точките за влез на силите на НАТО кои би работеле во урбаниот простор ќе стане од исклучителна важност, претставувајќи оперативен и тактички ризик за остварување на мисијата, ако истите не можат да се запоседнат како точки на влез, да се одржуваат и да се бранат за подолг временски период. Пристаништата, аеродромие, пристанишните објекти и доковите ќе станат многу значајни стратешки цели, а сето ова се должи на фактот дека тие ќе бидат неколку од малкуте останати области на отворен и достапен простор низ големите урбани средини, и поради нивната клучна важност за функционирањето на градовите. Потребата да се обезбедат овие места ќе го направи движењето на силите на НАТО малку предвидливо за еден противник.

**Урбано мапирање.** НАТО има потреба да овозможи брза информираност на населението (толпата), способност за самосинхронизирано мапирање на урбани простории (брзо менување на истите) и флексибилност. Со овие можности ќе се фокусира помалку на мапирање на локациите на одредени објекти и инфраструктура (која веќе е релативно јасна), а повеќе ќе се фокусира на идентификување на целите, сопственоста и општествено-политичко-економската ориентација на клучните локации во урбаните средини каде што силите може да оперираат .

**Урбаната заштитена мобилност** е способност да им се овозможи на силите на НАТО да се движат во пренатрупана, стегната урбана средина, за постигнување доволно огнена моќ, заштита и мобилност за да се овозможи соодветна заштита на сила. Тесните улици и стегнати коридори на неформалните урбани населби ќе бараат помали, потесни, полесни платформи на кои ќе им треба заштита од 360 степени против експлозија, фрагментација и пенетрација. Овие платформи можат да ги користат активните сензори и активните одбранбени системи, но при користење на такви системи мора да се земе предвид колатералниот ризик врз сопствените сили и цивилното население во животната средина. Ова се однесува на мобилност на платформите и од земја и од воздух , исто така, може да се примени на поморски и речни платформи.

**Подземни војувања.** Силите на НАТО до 2035 година ќе имаат потреба од способност да вршат подземни војувања во канализациите, системските тунели и под згради, како и вода под површината на каналите, патиштата и пристаништата. Овие можности ќе имаат значително влијание кое би се подобрило со учење, образование, обука и симулација, апарати за дишење, сензори, движење и топлински детектори, системи на оружје кое може да се управува безбедно во затворени простори,системи за логистичка поддршка, евакуација на жртви ,беспилотен надзор и извидување. Всушност, со оглед на важноста на доменот на подземните војувања во урбаните средини, овдека можеби ќе треба да биде даден посебен напор за негов развој и интеграција.

**Недостатокот на вода.** Како што е наведено претходно, климатските проекции до 2035 тг. укажуваат на суша, намалувањето на водата за пиење и порастот на

морското ниво е многу веројатно дека се случи, дури и независно од климатските промени, едноставно се должи на брзиот раст на населението и урбанизацијата, така што недостатокот на вода е виртуелна сигурност за поголемите градови до 2035 година, дури и во повеќето идни климатски сценарија. На пример, една интегрирана процена објавена од Масачусетс Институтот за технологија во 2014 година, укажува на тоа дека „за многу земји во развој" побарувачката за вода се зголемува како резултат на порастот на населението и на економската активност и има многу посилен ефект од климатските промени, иако меѓусебно се поврзани. До 2050 година, економскиот раст и промената на популацијата може да доведе до дополнителни 1,8 милијарди луѓе кои ќе живеат во региони со најмалку водни ресурси, од оваа дополнителни 1,8 милијарди луѓе, 80% се наоѓаат во земјите во развој. Несигурните регионалните климатски промени може да играат споредна улога или да извршат влошување, односно зголемување на недостигот на вода. Најсилните климатските влијанија на релативните промени на недостиг на вода се гледаат во многу области во Африка, но силни влијанија имаат исто така и во Европа, во Југоисточна Азија и во Северна Америка. Дури и Европа, каде што сушата веројатно ќе биде поблага, се очекува намалување на водните ресурси до 2035 година за медитеранските крајбрежни земји, како и за урбанизираните и индустриски области во северозападниот дел на Европа.

**Недостиг од храна.** Климатските и географските фактори поврзани со урбанизацијата укажуваат на веројатноста за појава на недостиг на храна во временска рамка до 2035 година. Тоа е резултат на неколку меѓусебно поврзани фактори како**:**

- **хранлива транзиција во урбанизираните земји**. Земјите кои брзо се урбанизираат имаат тенденција да одат преку она што е познато како "хранлива транзиција". Проектите на Светската здравствена организација е дека до 2030 година, по глава на жител, потрошувачката на калории ќе се зголеми за околу 3,6 отсто од сегашната потрошувачка (од 2015 година), додека во одредени региони ќе видиме многу поголем пораст на побарувачката за храна по глава на жител. Како резултат на урбанизацијата расте побарувачката со стапка од 7,1 отсто во субсахарска Африка и 6,9 отсто во Јужна Азија до 2030 година, на пример. Климатските промени директно ќе влијаат на недостигот на храна во светот, а со тоа ќе има и можност за зголемување на конфликтите, а како домино-ефект би се рефлектирало директно врз армиите поради најверојатно нивно ангажирање;

- **недостигот на храна и насилство**. Неколку студии покажале дека користејќи ги мапите за храна може да се предвиди појавата на жариштата за безбедност во урбаните средини, што укажува на силна корелација (а можеби и предизвикувачки врска) помеѓу недостигот на храна и насилството во градовите. Покрај тоа, сеопфатна студија на Светската програма за храна во 2011 година заклучи дека „недостатокот на храна, особено кога е предизвикано од порастот на цените на храната е закана и влијание за насилни конфликти". Тоа не може да биде директна причина и ретко единствена причина, но во комбинација со други

фактори, како на пример за политичките или економските сфери, тоа би можело да биде фактор што ја одредува дали и кога насилните конфликти ќе еруптираат;

**- недостатокот на енергија.** Конечниот фактор, поврзан со производството и дистрибуција на храна и вода (бидејќи овие бараат и значителни употреба на енергија) е недостигот на енергија во иднина, особено во урбаните средини. Како главен научен советник на британската влада, професор Сер Џон Бедингтон, тврди дека од 2009 година, светот се соочува со „совршена бура“. Глобалната побарувачка за храна, енергија и вода, а како резултат на урбанизацијата, индустријализацијата и порастот на населението, побарувачката на електрична енергија се предвидува да порасне за 30 отсто до 2035 година. Исто така, ќе дојде и до зголемување на побарувачката за нафта, јаглен и гас во текот на истиот временски период. Додека некои проекции укажуваат на тоа дека глобалната побарувачка за енергија ќе се удвои до 2050 година. (Мајк Хајтауер и Сузан А. Пирс 2008 г. „предизвикот на енергија“ во природата vol. 452, стр. 285-286 , 20 март 2008 година).

## 5. Приспособување на армиите според климатските промени

Приспособувањата според климатските промени кои се однесуваат на армиите може да резултира со значајни копридобивки, како што се намалување на сиромаштијата и подобрување на развојот, особено на земјите кои се во развој. Разни воени интервенции можат да промовираат благосостојба и безбедност преку разновидни активности за генерирање на приход , адаптивни миграција во земјоделски и риболовни заедници, системи за осигурување и едукација.

**Подготвеност за поплави.** Армиите во развиените земји во своите стратегиски концепти веќе јасно ја имаат можноста за нивната подготвеност за поплави не само во крајбрежните делови, туку и во внатрешностите на нивните земји, особено каде што се поставени значајните стратегиски, национални и инфраструктурни инсталации.

**Дислоцирање на воени објекти и бази.** Веќе во некои земји воени објекти,бази и инсталации од крајбрежјето се преместуваат понатаму во внатрешноста поради неможноста за нивна заштита или нивната неисплатливост. Во развиени земји се веќе се прават планови за дислоцирање на истите, бидејќи истите во иднина сериозно би биле загрозено како резултат на климатските промени.

**Подготовки за раселување на населението.** Најчесто миграциите се предизвикани од промените во достапноста на ресурсите и екосистемските услуги. Големите екстремни временски настани во минатото доведоа до значајно поместување на населението, и веројатно зголемување на екстремните настани ќе ги засили предизвиците и ризиците на таквите поместувања, со што се покренува прашањето за државна стабилност. Војските во иднина ќе имаат задача да обезбедат инфраструктура со медицинска опрема и комуникации во загрозените региони.

**Адаптација на вооружувањето.** Климатските промени исто така, ќе влијаат на дизајнот на сегашните и идните системи на оружје за сметка за екстремни временски услови. Тоа предвидување е исто така и за здравствените ризици од

изложување војници на поголема топлина(повисоки температури), справување со основна обука во нови средини како феномените ерозија, поплави, поплавување на објектите итн.

**Подготовки за несигурноста на водите.** Од влијанието на климатските промени се предвидува да се намалат количествата и квалитетот на слатководните ресурси во многу региони на светот. Подземните водни ресурси ќе бидат намалени во многу региони. Мерките за приспособување може да вклучуваат и проекти за управување со водните ресурси, дополнителни системи за третман на вода и зачувување на водата. Многу од овие методи се скапи и значајни, меѓутоа е потребно доста време за спроведување на истите. Ова може да ја ограничи нивната примена во посиромашните земји.

**Зголемување на издржливоста.** Стратегии и активности со акцент на намалување на ризици од катастрофи може да се вршат со зголемување на отпорноста кон климата, а во исто време да се помогне за подобрување на човековата благосостојба, социјална и економска благосостојба и одговорно управување со животната средина.

## 6. Потенцијално ублажување

Глобалниот воен комплекс е енергетска интензивна индустрија, односно во многу земји, одбранбените сили се најголемата потрошувачка на фосилни горива. Со оглед на значењето на влијанието на климатските услови, секторот на одбраната може да се најде под притисок значајно да ги намали своите емисии на стакленички гасови - особено ако владите донесат политички одлуки. Сепак, намалување на потрошувачката на гориво може да биде во корист на воените операции, особено за силите за распоредување (мисии), каде што се трошат големи количини на фосилни горива кои се скапи и опасни.

**Повеќе ефикасни возила.** Моторите со внатрешно согорување и џет-турбините стануваат сè поефикасни. Очекувањата се за 40-70% подобрување и ефикасност на горивото на лесни и товарни возила до 2035 година во споредба со сегашноста. Новите авиони обично нудат подобрување од 20-30% на потрошувачката на гориво и ефикасноста над постојните модели, гледано од страна на подобрување на перформансите на моторот, намалување на телесната тежина и дизајнот. Се претпоставува дека е можно подобрување од 40- 50% меѓу 2030 и 2050 година , во споредба со нивоата од 2005 година.

**Алтернативни горива.** Тоа е можно доколку керозинот се замени со биогориво, кое ќе влијае директно врз намалување на емисиите на стаклени гасови до + 30%. Менувањето на воените возила во електрични или хибридни драматично ќе ги намали емисиите на штетни гасови.

**Оперативни подобрувања.** Јаглеродниот диоксид (CO2), којшто го испуштаат авионите може да се намали преку ефикасно планирање на операциите, вклучувајќи правци, височини и брзини.

Напорите за намалување на емисиите и адаптирање со климатските промени може да ја зголеми несигурноста и ризикот од вооружен конфликт. Кога овие напори за промена на дистрибуцијата или пристапот до нови ресурси ќе има можност за предизвикување или влошување на конфликти. На пример, со производството на биогоривата може да дојде до спорови околу земјиштето, ќе дојде до зголемување на цената на храната, а тоа може да создаде немири. Обесшумувањето и шумската деградација може да предизвикаат конфликт околу земјиштето и правото на сопственост.

## Заклучок

Климатските промени се факт, а ефектите се добро познати. Никој не може да каже дека тие не постојат. Кога многу мали парчиња ќе се стават заедно во сложувалката ни покажува колку е тоа веќе сериозно. И тоа, не само што климатските промени имаат влијание врз цивилното население, тие, исто така, влијаат и врз армиите. Тоа значи дека можеби армиите треба нешто да променат во нивните планирања и обуки во согласност со последиците од климатските промени. Големите и развиени армии веќе поодамна се загрижени за климатските промени, бидејќи тоа е нивна работа и треба да се справат со сите веродостојни закани за безбедноста на нивните нации. Овие закани доаѓаат во форми, и директна и индиректна, вклучувајќи ги и директните закани за воени објекти, од зголемување на морското ниво и екстремни суши и индиректни закани преку егзацербација на нестабилноста во критичните региони.

Проблемите во врска со безбедноста и катастрофите ќе се зголемуваат, особено во војните за ресурси. Тоа ќе биде нова улога за армиите - како ќе се зголемуваат, односно влошуваат климатските промени така и ќе станува сè поголема потребата од фокусирање на армиите на се поголем ангажман во мировните операции, хуманитарна операции, особено операции за управување со кризи и повеќе фокусирање на Petersberg-задачите. Потребни ни се нови видови на сили кои ќе се занимаваат со воено-цивилната соработка CIMIC, со специјализирана обука, особено за операции за управување со катастрофи, врски, итн. И, последно, но не и најмалку важно – постои потреба за нова дефиниција за безбедноста, особено во нашите воени стратешки концепти, а можеби и во дополнителните воени задачи - влијанието на климатските промени мора да бидат вклучени во планирањето.

## БИБЛИОГРАФИЈА:


1. Select Federal US reports of Department of Defense, "The national security Implications of change climate"May 2015
2. Brigadier General Dr. Alois HIRSCHMUGL, Austrian Forces"The Impact of Climate Change on the Military and Training Systems"
3. Dr.David Kilcullen "Climate and geographical implications for future urban operations- Allied command transformation urbanization project"CMDR COE Proceedings 2014-2015
4. Professor Michael Brzoska "Climate change and the military"March 2012.

5. The Fifth Assessment Report (AR5) of the Intergovernmental Panel on Climate Change (IPCC).
6. AlterNet Report by Reynard Loki May 2015 "4 Reasons Climate Change Affects National Security ".
7. The US report states: the National Intelligence Council [NIC] 2008.
8. University of Cambridge, Institute for Environmental Security "Climate change Implications for defense"

342.738:340.13.04(4)
Прегледен научен труд

# ЕВРОПСКИ РЕФОРМСКИ ПАКЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ - ПРАВНА РАМКА И ОЧЕКУВАЊА

**Билјана КАРОВСКА-АНДОНОВСКА**[1]
**Рина КИРКОВА**[2]

**Апстракт:** *Напредната технологија, социјалните мрежи и on-line услугите значително ја променија не само културата на комуницирање, туку и начинот на кој личните податоци на поединците се собираат и се користат. Придобивките и можностите од софистицирананата технологија се неспорни. Меѓутоа, загрижува огромната концентрација на лични податоци во базите на податоци и нивната достапност до широк круг на луѓе. Постои простор за можни импликации врз приватноста и негативни ефекти врз личноста на индивидуите.*

*Постојното законодавство за заштита на личните податоци на Европската унија беше усвоено во време кога многу од денешните Интернет услуги и социјални мрежи сè уште не постоеја. Разликите во начинот на кој европските држави ги применуваат актуелните прописи,исто така, доведува до неконзистентност и влијае на довербата помеѓу поединците и компаниите кои ги собираат, обработуваат и чуваат нивните лични податоци.*

*Поради овие причини, модернизацијата на постојните правила се наметна како неопходност. Институциите на Европската унија во 2012 година започнаа преговори за модернизација на законодавството за заштита на личните податоци преку сеопфатен реформски пакет. Реформскиот пакет вклучува Регулатива за заштита на физичките лица во однос на обработка на личните податоци и за слободно движење на тие податоци, како и Директива за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци од страна на надлежните органи за целта на спречување, откривање и гонење на кривични дела или извршување на кривични санкциии и слободно движење на тие податоци.*

*Во овој труд се фокусираме на новите правила утврдени во реформскиот пакет кој беше усвоен во април 2016 година, а ќе се применува две години по усвојувањето. Се осврнуваме на причините и целите на реформскиот пакет, како и на очекувањата од примената на новите европски правила за заштита на личните податоци. Исто така, ги анализираме промовираните принципи чија примена сметаме дека ќе има големо влијание во процесот на создавање на новите софтверски решенија.*

**Клучни зборови:** *заштита на лични податоци, реформски пакет, регулатива, директива*

[1] Доцент на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје
[2] Вонреден професор на Филозофски факултет, Институт за одбрана, безбедност и мир

**Вовед**

Европската правна рамка за заштита на лични податоци се базира на неколку акти и документи. Најважна меѓу нив е Директивата 95/45/ЕС на Парламентот и Советот на Европската унија, за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци и за слободно движење на тие податоци. Исто така, многу значаен документ е Директивата 97/66/ЕЗ во врска со обработката на личните податоци и заштитата на приватноста во секторот на телекомуникациите. Рамковната одлука на Советот на ЕУ 2008/977 за заштита на личните податоци кои се обработуваат во рамките на полициската и судската соработка во кривичната материја, е исто така, важен документ.[3] Како исклучително значајна за заштита на личните податоци на европскиот континент, тука треба да ја споменеме и Конвенцијата (108) на Советот на Европа за заштита на поединците во однос на обработка на лични податоци усвоена во 1981 година.

Откако беа усвоени, споменатите акти гарантираа ефективна заштита на личните податоци. Тргнувајќи од главната цел насочена кон почитување на правата на поединците, особено на правото на приватност, овие акти ги утврдија основните начела и ги поставија европските стандарди за постапување со личните податоци на поединците.[4] Меѓутоа, ова законодавство беше усвоено во време кога многу од денешните Интернет услуги и предизвиците кои тие ги носат во однос на заштитата на податоците, сè уште не постоеја. Поради овие причини, Европската унија започна со модернизација на постојните правила со сеопфатен пакет на реформи. Имено, на 15 декември 2015 година, по приговорите кои траеја повеќе од три години, беше постигнат неформален договор помеѓу Парламентот и Советот на Европската унија во врска со новите правила за заштита на личните податоци содржани во реформскиот пакет. Реформскиот пакет вклучува Регулатива за заштита на физичките лица во однос на обработка на личните податоци, како и Директива за обработката на личните податоци за целите на кривичните истраги. На 8 април 2016 година, Советот на ЕУ ја усвои Регулативата и Директивата, а на 14 април 2016 година, овие акти беа усвоени и од страна на Европскиот парламент. На 4 мај 2016 година, Регулативата и Директивата беа објавени во службениот весник на Европската унија. Регулативата ќе се применува по две години од нејзиното усвојување од страна Парламентот и Советот на ЕУ. За Директовата, исто така, предвиден е двегодишен период за имплементација. Земјите членки во овој период имаат обврска да го адаптираат своето законодавство со новите правила.

## Причини и цели на реформскиот пакет за заштита на личните податоци

Обработката на личните податоци во последните години исклучително се зголеми, особено преку сајтовите за социјално вмрежување, локациски базираните услуги, паметните картички, итн. Технологијата предизвикува ерозија на приватноста, побрзо отколку што правниот систем истата може да ја

[3] Како исклучително значајна за заштита на личните податоци на европскиот континент, треба да ја спомeнеме и Конвенцијата (108) на Советот на Европа за заштита на поединците во однос на обработка на лични податоци усвоена во 1981 година.

[4] Karovska-Andonovska, B. Implementation of European norm and standards for protection of personal data in the Republic of Macedonia, Visions, No. 20, Skopje, 2013, стр. 187-196

заштити.[5] Глобализацијата и развојот на информационите технологии предизвикаа поврзување на проблематиката на информациската сигурност и заштитата на личните податоци во нов облик со назив е-приватност.[6] Во истражување на Евробарометар од март 2015 година, спроведено на 28.000 испитаници, европските граѓани беа прашани што мислат за заштитата на нивните лични податоци.[7] Генералните заклучоци од истражувањето покажуваат дека заштитата на личните податоци е многу важно прашање за граѓаните на ЕУ. Тоа е така, помеѓу останатото, бидејќи повеќе од половина граѓани на ЕУ кои користат Интернет, исто така, користат и online социјална мрежа, барем еднаш неделно. Исто така, повеќе од четири од вкупно десет лица користат услуги на електронско банкарство еднаш неделно.[8] Согласно со ова истражување, европските граѓани се загрижени за следење на нивните активности преку платежните картички и преку мобилните телефони. Тие се чувствуваат непријатно и поради користење на информациите за нивната online активност од страна на Интернет компаниите. Повеќе од шест од вкупно десет анкетирани граѓани се изјасниле дека не им веруваат на фиксните или на мобилните телефонски компании, на интернет провајдери или на електронски бизниси. Во исто време, интересно е тоа што голем дел од граѓаните сеуште сметаат дека користењето на личните податоци е значаен дел од модерниот живот и тие прифаќаат дека не постои друга алтернатива да ги направат достапни своите податоци, доколку сакаат да користат соодветни електронски производи или услуги. Меѓутоа, седум од десет лица се загрижени дека нивните податоци се користат за друга цел. Па така, само 15% сметаат дека имаат целосна контрола над податоците кои тие ги прават достапни на Интернет, но 31% сметаат дека воопшто немаат контрола над тие податоци. Исто така, само двајца од десет европски граѓани се изјасниле дека биле секогаш информирани за собирање на нивните лични податоци и за начинот на нивното користење, а 69% одговориле дека од нив се бара експлицитно одобрение во сите случаи пред нивните податоци да се соберат и обработат. Во врска со ризиците и одговорностите - половината од испитаниците велат дека да се биде жртва на измама е најсериозен ризик поврзан со нивните лични податоци, додека четири од десет сметаат дека главен ризик е користењето на нивниот идентитет на Интернет за измамничка цел.

Влијание врз довербата за тоа како се користат личните податоци имаат и разликите во начинот на кој секоја европска држава ги спроведува законите

[5] Види: Holtzman, D., Privacy lost: How technology is endangering your privacy, Jossey-Bass, San Francisco, 2006, стр. 15-19

[6] Boban, M., Pravo na privatnost i pravo na pristup informacija u suvremenom informacijskom društvu, Zbornik radova Pravnom fakultetu u Splitu, 3/2012, стр. 575-598

[7] Special Eurobarometer 431 DATA PROTECTION REPORT Fieldwork: March 2015, Publication: June 2015, достапно на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_431_en.pdf

[8] Иако користењето на услугата значително се разликува од земја до земја, на пример: 83% од луѓето во Финска користат интернет банкарство на неделна основа, во споредба со само 8% од луѓето во Грција.

за заштита на личните податоци. Во врска со ова, девет од десет Европјани сметаат дека за нив е важно да имаат исти права и еднаква заштита на нивните лични податоци, без оглед во која држава јавната власт или приватната компанија нуди соодветна услуга.[9] Повеќе од четири од вкупно десет испитаници сметаат примената на правилата за заштита на личните податоци треба да се обезбеди на европско ниво, додека помал процент (42%) сметаат дека заштитата треба да се обезбеди на национално ниво.

Поради сите наведени причини, во 2012 година Европската комисија предложи сеопфатна реформа со утврдена стратегија за зајакнување на правилата на Европската унија за заштита на личните податоци. Главната цел на овие правила е заштита на податоците на поединците во сите области и гарантирање на слободниот проток на податоците во рамките на Европската унија.[10] Во овој предлог, Европската комисија адресираше неколку точки, како што се: обезбедување на подобра заштита на приватноста на граѓаните и подобрување во справувањето со современите предизвици; отстранување на неконзистентноста во националните законодавства, особено во врска со Интернетот, социјалните мрежи и cloud computing, како и намалување на скапите административни трошоци за компаниите кои се занимаваат со заштита на личните податоци. Клучните промени во реформата вклучуваат единствен сет на правила за заштита на личните податоци кои ќе се применуваат во сите членки на Европската унија и со кои ќе се отстранат непотребните административни барања. Реформскиот пакет, исто така, вклучува зголемување на одговорноста и отчетноста за обработка на личните податоци, полесен пристап на граѓаните до сопствените лични податоци и трансфер од еден оператор на друг, како и право на граѓаните да ги избришат нивните податоци, доколку не постојат законски основи за задржување. Исто така, една од целите на реформскиот пакет е да се отстранат пречките за прекугранична трговија, да се развие европската дигитална економија и да се намалат трошоците на бизнисите.[11]

## Правна рамка

Пакетот реформи вклучува Регулатива за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и за слободното движење на тие податоци и Директива за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните

[9] Special Eurobarometer 431 DATA PROTECTION REPORT Fieldwork: March 2015, Publication: June 2015, достапно на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_431_en.pdf

[10] Commission proposes a comprehensive reform of data protection rules to increase users' control of their data and to cut costs for businesses, European Commission - IP/12/46, 25/01/2012, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_IP-12-46_en.htm

[11] See: Questions and Answers - Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, available at: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htmhttp://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm

податоци од страна на надлежните органи за целта на спречување, откривање и гонење на кривични дела или извршување на кривични санкции и слободното движење на тие податоци.

Во продолжение, посебно ќе се фокусираме на овие два документи и на новите правила кои се промовираа со нивното усвојување од страна на институциите на Европската унија.

## 1. Регулатива (2016/679) за заштита на физичките лица во однос на обработка на личните податоци и за слободно движење на тие податоци

Регулатива за заштита на физичките лица во однос на обработка на личните податоци и за слободно движење на тие податоци,[12] ги утврдува правилата кои се однесуваат на заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и правилата кои се однесуваат на слободно движење на лични податоци (член 1). Регулативата се фокусира на: зајакнување на правата на поединците, зајакнување на внатрешниот пазар на ЕУ, обезбедување конзистентно спроведување на правилата, рационализирање на меѓународни трансфери на лични податоци и поставување на глобални стандарди за заштита на податоците.[13] Регулативата е значаен чекор во обезбедувањето на приватноста на социјалните медиуми. Некои од новите правила се особено важни за помладите корисници. Еден од најважните е принципот „Еден континент - еден закон". Имено, со оваа Регулатива ќе се стават надвор од правна сила националните закони и постојната Директива 95/46/CE. Ова е важно за граѓаните на ЕУ, бидејќи, како што е наведено претходно, повеќето од нив сметаат дека треба да имаат истите права и еднаква заштита на нивните лични податоци, без оглед на земјата во која јавната власт или приватна компанија нуди соодветна услуга. Во светот во кој во услови на глобализацијата се повеќе online услуги се користат од страна на клиентите во целиот свет, и каде што движењето на податоците треба да биде брзо и сигурpnо, постоење на поделено законодавство значи ставање на непотребни пречки за развој на конкурентна предност на бизнисите во ЕУ.[14]

### *1.1. Основни принципи*

Глава I од Регулативата содржи општи одредба за предметот и целите, материјалниот опфат, териториjалниот опсег и дефиниции. Како што е утврдено во член 3 - Оваа регулатива се однесува на обработката на личните податоци во контекст

[12] Regulation (EU) 2016/679 of The European Parliament and of The Council of 27 April 2016, on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC (General Data protection Regulation)

[13] Questions and Answers - Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm

[14] One continent-One law, available at: http://www.eudataprotectionregulation.com/#!one-continent-one-law/c1wq5

на активностите на воспоставување на контролор или обработувач во ЕУ, без оглед на тоа дали обработката се одвива во Унијата или не.

Во Глава II се појавуваат следните принципи во врска со обработката на лични податоци:

**- Начело на законитост, правичност и транспарентност** - личните податоци ќе бидат обработени законито, чесно и на транспарентен начин во однос на субјектот на податоците. Еден од новите принципи вградени во одредбите е **строгиот концепт на согласност**. Тоа подразбира дека согласноста за обработка на личните податоци мора да биде експлицитно изразена. Имено, според член 6, обработката е легална кога субјектот на податоците дал согласност за обработка на неговите / нејзините лични податоци за една или повеќе одредени цели или кога обработката на податоци е потребна заради:

- извршување на договор во кој субјектот на личните податоци е дел од договорот или е потребно да се преземат чекори по барање на субјектот на личните податоци пред да пристапи во договорот;
- усогласување со законска обврска на која е подложен контролорот;
- заштита на виталните интереси на субјектот на податоците или на друго физичко лице;
- реализирање на задачатата се врши во јавен интерес или при спроведување на службено овластување е доделена на контролорот;
- цели на легитимните интереси што ги спроведува контролорот или на трети лица, освен кога таквите интереси се спротивставени со интересите или основните права и слободи на субјектот на податоците кој бара заштита на личните податоци, особено кога субјектот на податоците е дете.

Ако обработката се врши врз основа на согласност, контролорот треба да биде во можност да покаже дека субјектот на податоците се согласил со обработката на неговите/нејзините лични податоци. Субјектот на лични податоци, исто така, има право да ја повлече согласноста во секое време. Важно е да се забележи дека ако согласноста е дадена во контекст кој, исто така, се однесува и на други прашања, тогаш согласноста треба да биде презентирана на начин на кој јасно ќе се разграничат другите прашања, во разбирлива и лесно достапна форма, со користење на јасен и едноставен јазик.

**- Начело на ограничена цел** - значи дека собирањето на лични податоци треба да биде само за конкретни, експлицитни и легитимни цели. Понатамошна обработка на собраните податоци не е дозволено, ако тоа не е во согласност со тие цели;

**- Начело на минимизирање на податоците** - значи дека треба да се обработуваат само лични податоци кои се соодветни, релевантни и ограничени на она што е потребно во однос на целите на обработка на податоците;

**- Начело на точност** - подразбира собирање и обработка на точни лични податоци, а кога е потребно, истите треба да се ажурираат;

- **Начело на ограничено складирање** - значи дека податоците се чуваат во форма која овозможува идентификација на субјектот на податоците и не подолго отколку што е потребно за целите за кои се обработуваат личните податоци;

- **Начело на интегритетот и доверливост** - значи обработка на податоци на начин со кој се обезбедува соодветна безбедност, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка и од случајно губење, уништување или оштетување со употреба на соодветни технички и организациски мерки;

- **Начело на одговорност** - значи дека контролорот ќе биде одговорен и треба да е во можност да демонстрира усогласеност со законитоста, правичноста и транспарентноста.

### *1.2. Обработка на посебни категории на податоци*

Обработката на посебните категории на лични податоци како што се податоците кои откриваат расно или етничко потекло, религија или политички убедувања, генетски или биометриски податоци, податоци за здравствената состојба или сексуална ориентација или други чувствителни податоци е забранета. Обработка не е забранета доколку е поврзана со лични податоци кои се објавени од страна на субјектот на податоците. Сепак, забраната нема да се применува ако субјектот на податоците дал експилцитна согласност за обработка на овие лични податоци за една или повеќе специфични цели, или ако обработката е неопходна за значителен јавен интерес или јавен интерес во областа на јавното здравство или заради цели на архивирање во интерес на јавноста, научни и историски истражувања или статистички цели. Обработката, исто така, ќе биде дозволена ако е со цел за:

- остварување на одредени права на контролорот или субјектот на личните податоци во областа на вработувањето и социјалната сигурност;

- заштита на виталните интереси на субјектот на податоците или на друго физичко лице каде што субјектот на податоците е физички или законски неспособен да даде согласност;

- легитимни активности со соодветни заштитни мерки од страна на фондација, здружение или било која друга непрофитна организација;

- воспоставување, практикување или одбрана на законски барања или во случај на постапување на судовите во рамки на нивниот судски капацитет;

- превентивна или медицина на труд, за оценка на работната способност на работникот, медицинска дијагноза, обезбедување на здравствена или социјална заштита или третман, или здравствен менаџмент или во врска со системи и услуги од социјална заштита.

### *1.2. Правата на субјектот на лични податоци*

Правата на субјектот на лични податоци се вградени во Глава III. Може да се забележи широк опсег на права кои се утврдени за субјектот на податоците. Оттука, новите одредби несомнено имаат за цел да се создадат услови во кои субјектот на

податоците ќе има контрола над неговите лични податоци. Субјектот на лични податоци, исто така, ќе има можност за пристап, исправка или бришење на податоците во одредени услови. Имено, со новите одредби е предвидено:

- **право на пристап до податоците** (член 15) - поединците ќе имаат повеќе информации за тоа како се обработуваат нивните податоци и овие информации ќе бидат достапни на јасен и разбирлив начин.

- **право на исправка** (член 16) - субјектот на податоците ќе има право да бара од контролорот без непотребно одлагање да изврши исправка на неточни лични податоци во врска со него/неа.

- **право на бришење или „право да се заборави“** (член 17) - кога некој не сака неговите податоци да се обработуваат и под услов да не постојат законски основи за нивно задржување, податоците ќе бидат избришани. Ова е со цел да се заштити приватноста на поединците. Но, тоа не значи дека на секое барање на поединец, сите негови лични податоци ќе бидат избришани еднаш и засекогаш. "Правото да се заборави" не значи дека слободата на изразување може да биде ограничена, како и историските и научните истражувања. Субјектот на лични податоци има право да се избришат личните податоци кои се однесуваат на него или неа, без непотребно одлагање, доколку постои една од следниве причини:

- личните податоци повеќе не се потребни во однос на намената за која се собрани;

- носителот на податоци ја повлекува согласноста на која се заснова обработката, а не постои друг правен основ за обработка;

- не постои легитимна основа на обработка на податоците;

- личните податоци биле незаконски обработени;

- личните податоци треба да бидат избришани заради почитување на законската обврска во ЕУ или во земја-членка на ЕУ;

- личните податоци биле собрани во однос на условите кои се однесуваат на согласноста на детето во врска со услугите на информатичкото општество.

- **право на ограничување на обработка (член 18)** - субјектот на личните податоци има право да добие од контролорот ограничување на обработка на податоците, доколку е исполнет еден од следните услови:

- точноста на личните податоци е оспорена од страна на субјектот на податоците, за период во кој контролорот ќе може да ја потврди точноста на тие податоци;

- обработката на личните податоци е незаконска и субјектот на податоците наместо бришење на податоците бара ограничување на нивната употреба;

- на контролорот не му се повеќе потребни личните податоци за целите на обработка, но тие се потребни на субјектот на податоците заради утврдување, извршување или одбрана на правни барања;

- носителот на податоци се спротивставува на обработката во согласност со правото на приговор (член 21став 1) до проверка на тоа дали легитимната основа на контролорот е заменета со таа на субјектот на податоците.

**- право на преносливост на податоци (член 20)** - субјектот на личните податоци има право да ги побара личните податоци кои се однесуваат на него/неа и кои му биле дадени на контролорот. Исто така, субјектот ќе има право да ги пренесе тие податоци на друг контролор без пречки од контролорот од кој биле добиени податоците. Ова право ќе овозможи за поединците полесен пренос на лични податоци помеѓу давателите на услуги. Во врска со ова право и во согласност со извештајот на Евробарометар, две третини од испитаниците сметаат дека е важно да постои можност за пренос на личните податоци од еден на друг давател на услуги.[15]

**- право на приговор (член 21)** - Субјектот на лични податоци има право на приговор врз основи поврзани со неговите или нејзините во одредена ситуација, во било кое време на обработката на личните податоци. Кога личните податоци се обработуваат за цели на директен маркетинг, субјектот на лични податоци има право на приговор во секое време на обработка на личните податоци за таков маркетинг.

Освен во однос на овие права, проактивна заштита на личните податоци исто така може да се очекува преку концептите **- Заштита на личните податоци преку дизајнот** (Data protection by design) и **Заштита на податоците преку стандардите** (Data protection by default). Data protection by design е концепт во кој приватноста на поединците се зема предвид во текот на целиот процес на инженеринг. Една организација треба да биде во можност да покаже дека има адекватна безбедност на просторот и дека состојбата со личните податоци се следи во континуитет. Во пракса тоа значи дека ИТ одделот мора да ја земе предвид приватноста во текот на целиот процес на развој на дизајнот.[16] Дизајнот на софтверските решенија во новиот систем треба да обезбеди спречување на ситуации кои ја загрозуваат приватноста пред да се случат.[17] Data protection by default значи дека најстрогите стандарди за приватност автоматски се применуваат штом еднаш клиентот добил нов производ или услуга. Мануелна промена на прилагодувањата за приватност од страна на корисникот не се дозволени. Исто така, по правило, податоците мора да се чуваат само за времето кое е потребно да се обезбеди производот или услугата.

Треба да се спомене дека Регулативата посебно идентификува и забранува услуги кои ги чинат личните податоци достапни до неопределен број на поединци.[18]

---

[15] Special Eurobarometer 431 DATA PROTECTION REPORT Fieldwork: March 2015, Publication: June 2015, достапно на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_431_en.pdf

[16] Data protection by Design and by Default available at: http://www.eudataprotectionregulation.com/#!data-protection-design-by-default/c20k7

[17] Karovska-Andonovska, B., Challenges and perspectives for legal protection of personal data in electronic communications, International Journal, Scientific & Applicative Papers, Vol. 1,2, Institut of Knowledge Management, 2014, стр. 380-384

[18] Data protection by Design and by Default достапно на: http://www.eudataprotectionregulation.com/#!data-protection-design-by-default/c20k7

Регулативата промовира посебни техники за заштита на личните податоци како што е **анонимизација** (отстранување на лични индетификувачки информации, каде што не е потребно), **псевдонимизација** (замена на личниот идентификационен материјал со вештачки идентификатори), и **енкрипција** (кодирање на пораките, така што само оние кои се овластени ќе можат да ги прочитаат).[19]

Освен наведеното, компаниите и организациите мора да го известат националното надзорно тело за прекршувања со личните податоци кои ги изложуваат на ризик субјектите и притоа да се комуницира на субјектот на податоците што е можно поскоро, така што корисниците да можат да се преземат соодветни мерки.

Регулативата, исто така, утврдува посебна заштита на личните податоци на децата кои заслужуваат посебна заштита бидејќи се помалку свесни за ризиците. Кога станува збор за услугите на информатичкото општество понудени директно на дете, Регулативата предвидува дека согласноста за обработка на податоците на детето мора да биде дадена или обезбедена преку овластени лица од страна на носителот на родителска одговорност за детето.

## 2. Директива (2016/680) за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци во функција на кривичните истраги (Полициска директива)

Директивата за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци од страна на надлежните органи за целите на спречување, откривање и гонење на кривични дела или извршување на кривични санкции и слободното движење на тие податоци,[20] утврдува правила кои се однесуваат на заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци од страна на надлежните органи за целите на спречување, откривање и гонење на кривични дела или извршување на кривични казни, вклучувајќи ја и заштитата и превенцијата на закани за јавната безбедност (член 1). Личните податоци собрани од страна на надлежните органи за таа цел, не треба да бидат обработени за друга цел, освен ако ваквата обработка се заснова на правото на ЕУ или на правото на земја членка на Унијата. Оваа Директива воспоставува сеопфатна рамка за обезбедување високо ниво на заштита на личните податоци на лицата кои се вклучени во кривичната постапка, земајќи ја предвид специфичната природа на областа на постапување на полицијата и кривичната правда, како и почитување на различните правни тради-

[19] Questions and Answers - Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm

[20] Directive (EU) 2016/680 of The European Parliament and of The Council of 27 April 2016, on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data by competent authorities for the purposes of the prevention, investigation, detection or prosecution of criminal offences or the execution of criminal penalties, and on the free movement of such data, and repealing Council Framework Decision 2008/977/JHA

ции во земјите членки.[21] Оваа директива не се однесува на обработката на лични податоци за активности кои се надвор од опсегот на правото на Европската унија.

Принципите во врска со обработката на личните податоци се вградени во Глава II од Директивата. Земјите членки треба да обезбедат законска и фер обработка на личните податоци, за конкретни, експлицитни и легитимни цели и на начин што е во согласност со тие цели. Исто така, податоците треба да бидат соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се обработуваат. Податоците треба да се чуваат во форма која овозможува идентификација на субјектите на податоците не подолго отколку што е потребно за целите за кои тие се обработуваат и на начин со кој се обезбедува соодветна сигурност на личните податоци.

Согласно член 6 од Директивата, земјата членка треба да му обезбеди на контролорот, доколку е можно и колку што е можно, да направи јасна разлика помеѓу личните податоци на различни категории на субјектите на лични податоци, како што се:

- лица во однос на кои постои сериозна основа за сомневање дека сториле кривично дело или се поврзани со извршување на кривично дело;
- лицата осудени за извршено кривично дело;
- жртви на кривично дело или лица за кои одредени факти упатуваат на тоа дека тој или таа може да биде жртва на кривично дело;
- други субјекти во врска со кривични дела, како што се лицата кои би можеле да бидат повикани да сведочат во истраги поврзани со кривични дела или во последователна судска постапка, лицата кои можат да дадат информации за кривичните дела.

Исто така, Директивата ги штити основните права на граѓаните за заштита на податоците кога тие податоци се користат од страна на органите криминален прогон, како и кога податоците се од поединци вклучени во кривичната постапка, без разлика дали тие се осомничени, жртви, сведоци, итн. Директивата исто така дава јасни правила за пренос на личните податоци од страна на органите на криминален прогон на надвор од ЕУ, за да се обезбеди дека при овие трансфери ќе се одржи соодветно ниво на заштита на податоци.

**Очекувањата од примената на реформскиот пакет**

На организациите и институциите оставен им е транзиционен период од две години за да се подготват за примена на новите правила вградени во реформскиот пакет. Комисија ќе работи заедно со земјите-членки и органите за заштита на личните податоци за да се обезбеди целосна примена на новите правила. Тоа е всушност идниот Европскиот одбор за заштита на податоци.

[21] Види: Questions and Answers - Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htmhttp://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm

Се очекува дека со реформираните правила за заштита на личните податоци ќе се изгради доверба, бидејќи девет од десет Европејци изразуваат загриженост за мобилните апликации преку кои се собираат нивни податоци без нивна согласност, додека седум од десет лица се загрижени за потенцијалната можност компаниите да ги обелоденат тие информации.[22] Се очекува дека со реформите ќе се обезбеди поголема јасност и доследност на правилата, но и дека ќе се врати довербата кај потрошувачите, а на претпријатијата ќе им се овозможи целосно искористување на можностите на единствениот дигитален пазар.

Со новите правила ќе се воспостави единствено паневропско законодавство за заштита на лични податоци, на местото на сегашниот неконзистентен колаж на националните закони. Всушност, ова се смета за еден од најголемите придобивки на реформскиот пакет. Станува збор за принципот „Еден континент - еден закон" кој треба да овозможи еднаков третман на личните податоци на поединците и примена на идентични правила за заштита на личните податоци во секоја од земјите кои се членки на ЕУ. Секоја компанија, без оглед на тоа дали функционира во Европската унија или не, ќе треба да ги применува правилата за заштита на податоците на ЕУ, доколку сака да ги нуди своите услуги во Унијата. Се очекува дека со промените ќе им се даде на луѓето поголема контрола над нивните лични податоци, но и полесен пристап до тие податоци. Правилата се дизајнирани за да се обезбеди сигурност дека личните податоци се заштитені, без разлика каде тие се испраќани, обработувани или чувани, дури и надвор од Европската унија.

Принципите Data protection by design и Data protection by default, ќе се воспостават како основни принципи во рамки на европското законодавство за заштита на лични податоци и ќе играат важна улога во тековниот и идниот развој во рамки на организациите и институциите. Се очекува дека новите правила за заштита на лични податоци, исто така, за бизнис секторот ќе понудат можност за отстранување на недостатокот на доверба што пак може да влијае на ангажманот на поединците во иновативни начини на употреба на личните податоци.[23] Бидејќи, обезбедувањето јасни и ефикасни информации, исто така, може да помогне да се изгради доверба во анализите и иновациите.

Меѓутоа, едно истражување направено преку анкетирање на 660 компании спроведено во ноември 2014 година во Велика Британија, Франција, Германија и Италија, покажа некои прилично загрижувачки статистички резултати во врска со очекувањата од примената на новата Регулатива за заштита на податоците и

---

[22] Questions and Answers - Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htmhttp://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm

[23] Questions and Answers-Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htmhttp://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm

европскиот ИТ сектор. Имено, ова истражување покажало дека 81% од ИТ менаџерите ја игнорираат новата Регулатива, и тоа:[24]

- четири од пет (81%) од ИТ менаџерите не се запознаени со Регулативата за заштита на личните податоци;
- три од пет (61%), ИТ менаџери признале дека нивните организации не преземат мерки за усогласување со Регулативата за заштита на податоците;
- повеќе од половина (55%) не ги разгледале и прилагодиле политиките за поништување на податоците.

Имајќи предвид дека со реформите ќе се променат клучните ИТ процеси и процедури, загрижува фактот дека новите правила, според ова истражување, сеуште во голема мера се игнорирани од страна на мнозинството на ИТ менаџери.

Очекувањата од Директивата за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци во функција на кривичните истраги, се дека со новите правила ќе се олесни размената на информации помеѓу полицијата и судските органи на земјите членки. Примената на едно законодавство во сите земји-членки на Европската унија ќе ја олесни соработката и размената на информации на органите на прогонот. Ова несомнено ќе ја подобри соработката во борбата против организираниот криминал и тероризмот, бидејќи органите на прогонот ќе бидат во можност да разменуваат податоци поефикасно и поефективно. Со понатамошно усогласување на 28 различни национални законодавства, заедничките правила за заштита на лични податоци ќе овозможат примена на правото и поефикасна соработка на официјалните власти преку олеснување на размената на личните податоци кои се неопходни за да се спречи криминалот во услови на правна сигурност.[25] Овие принципи и правила можат да се применат за полициската и за судската соработка во кривичната материја, како за национален, така и за прекуграничниот пренос на податоци.

**Заклучок**

Институциите на Европската унија започнаа со преговори за реформирање на законодавството за заштита на личните податоци кога стана јасно дека постоечките правила веќе не можат да обезбедат соодветна заштита поради променетите околности од оние кои постоеле во времето на нивното донесување. Оттука, оправдани се големите очекувања од реформскиот пакет чија примена ќе започне по две години по усвојувањето. Реформата се смета за суштински чекор за зајакнување на основните права на граѓаните во дигиталната ера кој ќе им даде поголема контрола над нивните сопствени податоци

[24] 81% of IT Managers Are Ignorant of the New EU data Protection Regulation, достапно на: http://www.eudataprotectionregulation.com/#!81-of-IT-Managers-Are-Ignorant-of-the-New-EU-Data-Protection-Regulation/cx28/49AF4694-30AD-497A-8C86-43DAEAF016AA

[25] Questions and Answers-Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htmhttp://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm

и ќе ги олесни бизнисите преку поедноставување на правилата за компаниите во единствениот дигитален пазар.

Спроведувањето на новото законодавство е голем потфат и голем предизвик за сите инволвирани страни. Процесот нема да се случи без поголеми или помали опструкции од Интернет гигантите и од други компании кои обработуваат лични податоци. Впрочем, одредени тешкотии го следеа целиот процес на донесување на реформскиот пакет. Процесот на имплементација ќе биде сложен и комплициран поради повеќе причини. Една од причините е секако и предвидената усогласена примена на унифицирани правила во секоја земја членка на Европската унија.

Сепак, новото европско законодавство за заштита на личните податоци несомнено промовира правила од кои може да се очекува зголемување на довербата помеѓу поединците, од една страна и компаниите кои ги обработуваат нивните лични податоци, од друга страна. Исто така, се очекува дека преку новите правила ќе се разјаснат некои присутни дилеми, особено дилемата за тоа на кого му припаѓаат личните податоци кои поединците ги постирале на Интернет и за кои цели може да се користат тие податоци.

Долгорочна одржливост на новата легислатива, секако, може да се очекува и од новите промовирани принципи чија примена ќе има големо влијание во процесот на создавање на софтверски решенија (принципот - Дизајн на приватност), како и во пристапот до личните податоци на поединците и нивно предавање на друг оператор (принципот на преносливост), а особено во однос на чувањето на личните податоци и можноста да се побара нивно бришење доколку се исполнети пропишаните услови за примена на принципот “Право да се заборави”.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Boban, M., Pravo na privatnost i pravo na pristup informacijata u suvremenom informacijskom društvu, Zbornik radova Pravnom fakultetu u Splitu, 3/2012, стр. 575-598
2. Commission proposes a comprehensive reform of data protection rules to increase users' control of their data and to cut costs for businesses, European Commission - IP/12/46, 25/01/2012, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_IP-12-46_en.htm
3. Directive 95/46/EC of the European Parliament and of the Council of 24 October 1995 on the protection of individuals with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data
4. Directive (EU) 2016/680 of The European Parliament and of The Council of 27 April 2016, on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data by competent authorities for the purposes of the prevention, investigation, detection or prosecution of criminal offences or the execution of criminal penalties, and on the free movement of such data, and repealing Council Framework Decision 2008/977/JHA
5. Holtzman, D., Privacy lost: How technology is endangering your privacy, Jossey-Bass, San Francisco, 2006
6. Karovska-Andonovska, B. Implementation of European norm and standards for protection of personal data in the Republic of Macedonia, Visions, No. 20, Skopje, 2013, стр. 187-196
7. Karovska-Andonovska, B., Challenges and perspectives for legal protection of personal data in electronic communications, International Journal, Scientific & Applicative Papers, Vol. 1,2, Institut of Knowledge Management, 2014, стр. 380-384

8. Regulation (EU) 2016/679 of The European Parliament and of The Council of 27 April 2016, on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC (General Data protection Regulation)
9. Reform of EU data protection rules, достапно на:
http://ec.europa.eu/justice/data-protection/reform/index_en.htm
10. One continent - One law, достапно на: http://www.eudataprotectionregulation.com/#!one-continent-one-law/c1wq5
11. Special Eurobarometer 431 DATA PROTECTION REPORT Fieldwork: March 2015, Publication: June 2015, available at: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_431_en.pdf
12. Questions and Answers - Data protection reform, Brussels, 21 December 2015, достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-6385_en.htm
13. Thordarson, J. (2014) 81% of IT Managers Are Ignorant of the New EU data Protection Regulation, достапно на:
http://www.eudataprotectionregulation.com/#!81-of-IT-Managers-Are-Ignorant-of-the-New-EU-Data-Protection-Regulation/cx28/49AF4694-30AD-497A-8C86-43DAEAF016AA

342.33:327.8]: 323. 269.3
Прегледен научен труд

# ЗАГЛАВЕНИ ВО ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА

**Назиф МАНДАЧИ**[1]

**Апстракт**: *Оваа студија се обидува да изнесе неколку тврдења. Прво, кога еднаш ќе се стави во функција, поради внатрешната динамика, поделбата на власта врши гравитациско привлекување коешто ја спречува трансформацијата на државното уредување, дури и во случаи кога тоа очигледно не функционира правилно. Второ, поделбата на власта бара надворешно залагање, што на надворешните фактори им дава значително – благодарение на гравиацискoто влијание на поделбата на власта – право неопределено од време да интервенираат во домашната политика на конкретното уредување.*

**Клучни зборови:** *поделба на власта, консоцијации, решавање конфликти, интервенција*

## Вовед

Зошто, меѓу сите други алтернативи, меѓународната заедница одлучи да ги создаде и да ги спроведе сегашните структури за поделба на власта, кои со време стануваат главната пречка за успешна федерација? Како сегашните структури за поделба на власта иронично опстојуваат и покрај тоа што се нефункционални? Овој труд нуди неколку неконвенционални одговори на овие прашања, пристапувајќи им од познати, конвенционални перспективи. Студијата, пред сè, разгледува случаи, преку кои се овозможува генерализациа за „внатрешните“ и посебно „надворешните“ аспекти на конкретната гравитација на поделбата на власта.

Гравитацијата се однесува на пресудната улога на „изградената“, природна и неизбежна политичка и социоекономска динамика, која овозможува опстојување на очигледно нефункционалните структури против сите очекувања. Во врска со димензиите, „надворешноста“ се однесува на дипломатската и академската сфера каде што поделбата на власта е најпосакуваниот избор поради практичноста и инструменталната рационалност; преку „внатрешноста“ се изразува домашната сфера, која вклучува меѓуетничка спогодба на елитите, моноетнички покровителски врски и други релевантни социјални институции кои ја одржуваат поделбата на власта. Хипотезата која се истакнува во овој текст е дека тие димензии се меѓусебно поврзани и заедно спречуваат бришење на консоцијалните режими од дипломатските и академските агенди, и покрај нивниот очигледен и постојан неуспех.

Тоа што го прави случајот на Босна исклучителен е присуството на режим на поделба на власта, чиј успех или неуспех иронично ќе го чини неговото опстојување.

[1] Авторот е професор на Универзитетот „Јашар“, Измир, Турција

Многу аналитичари го истакнуваат проблемот на владина неподвижност како резултат на тековната федерална структура, но предлозите на меѓународната заедница за негово реформирање преку зајакнување на федералниот центар на сметка на регионите беа одбиени од локалните лидери за кои продолжувањето на практиката на поделба на власта е многу покорисно. Тоа не изненадува бидејќи таа политичка практика може да ги поддржи, главно на малициозен начин, сегашните политички структури да опстојат, посебно ако различните партии неволно одржуваат „статус кво", бидеќји не им се нуди друг избор. Исто така, во унитарните држави, практиката на поделба на власта може да е кодификувана во уставот, но сепак тие може да имаат сопствена динамика надвор од уставните одредби. Владината неподвижност може да продолжи, и често може да се појават законодавни кризи, но секој момент на сериозно соочување постојано се одлага на неопределено време благодарение на таа динамика.

Бибер истакнува дека по конфликтите во бивша Југославија, западните посредувачи постојано бараа поделба на власта, прво во Босна а потоа и во Македонија, „како клучен структурен пинцип за постконфликтно градење на институциите".[2] Во случајот на Македонија, унитарноста се зачувa само откако етничкото мнозинство (Македонците) беше принудено да се откаже од крутиот мнозински концепт на демократија, а етничкото малцинство (Албанците) се согласи на еден вид демократија на поделба на власта, формирајќи политичка структура што досега се покажа неуспешна и за двете страни. Слично на тоа, во 1960 година, Уставот на Република Кипар вклучи институции во кои турската заедница учествува во поделба на власта со грчкото мнозинство. Во двата случаи, усавните одредби се создадени и во голема мера диктирани од надворешни актери. Во Македонија, Европската унија одигра значајна улога во задржување на сегашниот уставен поредок, додека во Кипар, консоцијалните структури беа доделени од трите држави, иако истите беа уништени од двата спротивставени нарачувачи.

Случаите наведени тука покажуваат дека е потребен дополнителен надворешен поттик, не само да се зачуваат туку и да се уништат таквите режими, иако овие режими веќе во себе го содржат системот за самоуништување. Планирам да се фокусирам на следната поента: треба да сфатиме дела режимите за поделба на власта може да содржат динамика што ги прави трајни наспроти сите очекувања. Веројатно оваа теза е целосно во спортивност на ставовите дека поделбата на власта е промашена или барем луксузна политичка формула што не може да ги реши проблемите на сериозно поделените општества. Спротивно на тоа, мојот аргумент е дека режимите на поделба на власта можеби своето опстојување му го должат токму на продолжувањето на етничкиот конфликт. Ова не е ново тврдење, но сепак треба да се признае дека во многу случаи инсистирањето на поделба на власта неизбежно подразбира тежнеење кон продолжување на етничкиот конфликт. Оттаму, верувам дека треба да ги дефинираме страните внатре и однадвор кои намерно или ненамерно имаат корист од продолжување на поделбата на власта и неразделно од тоа на етничкиот конфликт.

[2] Florian Bieber, "Power Sharing After Yugoslavia: Functionality or Dysfunctionality of Power-Sharing Institutions in Post-War Bosnia, Macedonia and Kosovo", in Sid (Noel ed.), *From Power Sharing to Democracy: Post Conflict Institutions in Ethnically Divided Societies*, Montreal, McGill Queen's University Press, 2005, стр. 85.

**Внатрешна димензија и гравитација на консоцијациите**

Постоечката литература содржи изобилие на објаснувања зошто етничките елити имаат псебно значаен удел во одржувањето на конфронтацијата. Во консоцијациите, политичките структури им даваат средства на елитите да ги заобиколат уставните институции и постапки, со што ги ставаат во доминантна позиција. Како што истакнува Елазар, консоцијацијата повеќе се однесува на карактерот на режимот отколку на формата на државно уредување, што во основа го каратеризира капитализмот.[3] Спротивно на Липхарт,[4] кој консоционализмот и федерализмот ги смета за уставни форми, Елазар тврди дека помеѓу нив постојоат изразени разлики во поглед на флексибилноста. Поточно, „федералните системи се покрути“ бидејќи федералните устави многу прецизно ја поставуваат рамката на владината организација и на политичките елити не им оставаат простор за неформален политички маневар, додека „консоцијалните влади се многу понеформални“ и независни од уставните ограничувања. Всушност, тие повеќе се политичка манифестација на „ад хок“ договарање помеѓу етничките елити.[5]

Во идеални услови, консоционализмот се базира на признавање на големите етнички групи, нивно меѓусебно изолирање, како и ограничување на меѓуетничкиот контакт на ниво на елитите со цел трансформирање на етничките групи во конструктивни елементи на стабилна демократија.[6] Елазар истакнува дека, „додека федерализмот подразбира структури и процеси на власта, консоционализмот подразбира само процеси“.[7] Иако тоа не значи дека во консоционализмот политичките надлежности на институциите и соодветните постапки не се предвидени со устав и соодветни закони, туку дека политичките процеси не се институционализирани и може да се предмет на договарање на елитите, и покрај законите што ги дефинираат; или обратно, како што вели Стивенсон: „неформалните институции на владеење го формираат однесувањето на елитите“.[8]

Покрај тоа, етничките елити од својата позиција стануваат чувари кои го контролираат не само текот на влезни и излезни политички информации, туку и нивниот етничичко-економски простор. Како што вели О’Лири „истата комбинација на елити се зацврстува на врвот на профитот и повеќе или помалку постојано

[3] Daniel J. Elazar, “Federalism and Consociational Regimes”, *Publius*, Vol. 15, No. 2, Federalisms and Consociationalism: A Symposium, (Spring 1985), стр. 17.

[4] Arend Ljiphart, “Consociation and Federation: Conceptual and Empirical Links” *Canadian Journal of Political Science*, Vol. 12, No.3, стр. 499-515.

[5] Elazar, стр. 19.

[6] Paula Pickering, “The Choices that Minorities Make: Strategies of Negotiation with the Majority in Post-War Bosnia-Herzegovina” in Dimitris Keridis, Ellen Elias-Bursac, and Nicholas Yatromanolakis, (eds.), *New approaches to Balkan Studies*, The Ikpa-Kokkalis Series on Southeast Europan Policy, Volume 2, 2003, стр. 256-7.

[7] *Ibid*, стр. 23.

[8] Dimitris N. Chryssochoou, *Theorizing European Integration,* London, Sage Publications, 2001, стр. 135.

ги заштитува хиерархиите“.[9] Недостатокот на опозиција и дозволува на владејачката коалиција и на етничките елити да се поставаат во центарот на политиката, обезбедувајќи им огромни можности и заштита од непреземање на одговорност за да можат непречено да вршат размени со заемни вета и материјална корист во име на „структури под моноетничко покровителство“ на чиј врв се поставени. Сивер тврди дека „таинствената природа на донесувањето на одлуки од страна на елитите, се чини дека е во судир со теоријата на нормативната демократија“, додавајќи дека некои критичари ја нарекуваат консоцијалната демократија „консоцијална олигархија“, „елитистички заговор“[10], „победнички коалиции“ или „хегемонистичка размена“.[11] Така, олигархиската согласност помеѓу етничките елити служи за целосно спротивставување на намерата на консоцијацијата преку контролирање на националното помирување и обединување, дозволувајќи им на елитите љубоморно да ги штитат односите покровител-клиент на својот етничко-економски простор, како и одобрувајќи им одделни граѓански структури. [12]

Завршната поента на Елазар во врска со споредбата на консоционализмот и федерализмот е дека иако и двата претставуваат политички и опештествени феномени, косоционализмот е можеби дури и во поголема мера општествен феномен од федерализмот.[13] Тој истакнува дека консоционализмот треба да се разбере како политичко средство, а не како политичка цел. Додека федерализмот предизвикува политички форми кои целат кон постигнување на дадени цели, како политичко обединување, демократија, самоуправа, прифаќање на различностите, итн., консоционализмот во најголем дел е последица на компромисот помеѓу страните кои инаку би тежнееле да се надвладеат или меѓусебно да се елиминираат „ако им се укаже прилика“.[14] Меѓутоа, како што Хрисочу потенцира, заемниот страв на партиите од подреденост ги спречува консоцијациите од создавање на

[9] Brendan O'Leary, "Debating Consociational Politics: Normative and Explanatory Arguments", Noel Sid (ed.), *From Power Sharing to Democracy: Post Conflict Institutions in Ethnically Divided Societies*, Montreal, McGill Queen's University Press, 2005, стр. 6.

[10] Brenda M. Seaver, "The Regional Sources of Power-Sharing Failure: The Case of Lebanon," *Political Science Quarterly*, Vol. 115, No. 2, Summer, 2000, стр. 249, 253.

[11] Quoted from Donald Rothchild, David Welsh, "Ethnicity in Sub-Saharan Africa", *International Affairs*, Vol. 72, No.3, 1996, стр. 486; Alex Thomson, *An Introduction to African Politics*, London, New York, Routledge, 2000, стр. 71-72.

[12] Roberto Belloni, "Civil Society and Peacebuilding in Bosnia and Herzegovina", *Journal of Peace Research*, Vol. 38, No. 2, 2001, стр. 163-180; Jan Nederveen Pieterse, "Ethnicities and Multiculturalisms: Politics of Boundaries", in Stephen May, Tariq Modood and Judith Squires, (eds.) *Ethnicity, Nationalism and Minority Rights*, Cambridge, Cambridge University Press, стр. 39.

[13] Elazar, стр. 25-26.

[14] *Ibid*, стр. 26-28. For a critique of Elazar, advocating the presence of a reciprocal relationships between structure and process, see Herman Bakvis, "Structure and Process in Federal and Consociational Arrangements," *Publius*, Vol. 15, No. 2, Federalism and Consociationalism: A Symposium, (Spring, 1985), стр. 57-69

„вистински суверенитет“[15], претворајќи ги во еден вид елитистичка олигархија, како што е наведено погоре. Во исто време, консоционалните структури меѓусебно ја поддржуваат оваа елитистичка надмоќ.

Развиени се неколку критики во врска со неможноста на консоцијациите да се справат со проблемите за кои се создадени да ги решат. Хоровиц тврди дека консоцијациите се „немоќни да го ублажат конфликтот во сериозно поделените општества и многу поверојатно истите се производ на разрешената борба или релативно умерените судири“.[16] Оттука, ако продолжи долготрајниот конфликт, консоционализмот не може да понуди решение бидејќи тој единствено служи за продлабочување на разликите помеѓу групите преку нивна институционализација. Тоа истовремено ја намалува веројатноста за создавање граѓански идентитети, независни од етничките, културните и верските идентитети.[17] Освен тоа, „тие поттикнуваат охрабруваат политика на неподвижност и застој“,[18] посебно поради ефектот на одлговлекување на етничкото вето на носење одлуки. Исто така, со охрабрувањето на [не]пропорционалната застапеност, консоциоанализмот го одобрува формирањето на етнички или партии базирани на религиозни убедувања, што ја поткопува меритократијата и води кон нови неправди. Бидејќи тоа претставува центар на конфликтот, проблемот на застапеност секогаш бара „политички систем на етничка застапеност“ придружен од опсежна поделба на власта.[19] Освен тоа, режимот уште повеќе се зацврстува преку уставните прописи кои го обрзуваат секој граѓанин да се регистрира на еден од етничките избирачки списоци. Нереално се претпоставува дека демократските консоцијации можат да функционираат, или дека нудат можност и соодветна поддршка за трансформација на тековната консоционална форма во поефективна форма, каде граѓаните ќе можат да се определат себеси во групи различни од етничките и верските групи.

Според Липхарт, консоцијацијата се распаѓа кога елитите во широката коалиција ќе престанат да соработуваат. Меѓутоа, дадени теоретски дискусии покажуваат уште еден ироничен аспект на консоционализмот, односно, дека консоцијациите исто така може да се жртви на сопствениот успех. Липхарт спори дека во консоционалните режими пресудна е рамнотежата помеѓу „[уставно] предодредените“ и „[општествено] самоопределените“. Соодветно на тоа, во секој

[15] Chryssochou, стр. 134.

[16] Donald Horowitz, “Constitutional Design: An Oxymoron”, in Ian Shapiro and Stephen Macedo, *Designing Democratic Institutions*, New York, London, New York University Press, 2000, стр. 256.

[17] Hudson Meadwell, “Breaking the Mould? Quebec Independence and Secession in the Developed West”, in Sukumar Periwal, (ed.), *Notions of Nationalism*, Budapest, London, New York, Central European University Press, 1995, стр.139-140. 140.

[18] Brendan O’Leary, “Debating Consociational Politics: Normative and Explanatory Arguments”, Sid Noel (ed.), *From Power Sharing to Democracy: Post Conflict Institutions in Ethnically Divided Societies*, Montreal, McGill Queen’s University Press, 2005, стр. 5.

[19] Matthijs Bogaards, “Electoral Systems and the Management of Ethnic Conflict in the Balkans,” in Alina Mungiu-Pippidi and Ivan Krastev (eds.), *Nationalism after Communism: Lessons Learned*, Budapest, New York, Central European University Press, 2004, стр. 263.

сегмент може да постојат групи кои себеси не се определуваат ниту како етнички А, ниту етнички „Б,“ туку директно како граѓани на државата „В.“ Меѓутоа тие се малцинство и во сегментите и во државата. Липхарт тврди дека во овие случаи, дадените малцинства ќе „создадат нов сегмент, сегмент на „останати“, или нов столб“[20], кој не само што ги отфрла конкретните етнички групи, туку и партиските определувања. Овој сè поголем столб може исто така да е знак на срекниот крај на самата консоцијација, вели О'Лири.[21]

Но, консоционалните искуства во реалноста имаат несреќен крај. Дополнителните фактори кои го забрзуваат распаѓањето на консоционалните режими, покрај својствените дефекти, како што се недостатокот на демократска политичка култура, сложена поврзаност помеѓу статусот и сегментите, иредентизам и меѓународна „системска“ динамика, претставуваат прецизни политички реалности. Со други зборови, ретроспективно, угледот на консоционалните режими е многу низок. Нема евидентирани случаи каде консоцијациите биле жртва на сопствениот успех, но има неколку убедливи примери, како што е Босна, кои укажуваат на тоа дека истите се тврдокорни режими. Консоцијацијата е систем кој дискриминира во полза на послабата страна, но понекогаш претерано до тој степен што наметнува нова институционална конфигурација што може да го загрози самиот режим. Таа може да е пристрастна бидејќи страните вклучени во поделба на власта генерално имаат најголем интерес од продолжувањето на конфликтот. Со други зборови, консоционализмот страда од проблемот на определување меѓу кои страни е потребно да се воспостави поделба на власта. Повеќето уредувања се испланирани под покровителство на трети страни кои тежнеат кон потиснување на тие што навистина се способни да го одржат или ескалираат конфликтот. Односно, како што потенцира Липхарт[22], консоцијациите водат до сериозен проблем на предодреденост. Општо земено, во консоцијалниот контекст судирите се секогаш исплатливи.

Белгија е можеби единствениот пример каде консоцијацијата на мирен начин се развила во еден вид функционален федерализам. Тоа најверојатно произлегува од географската поставеност на оваа држава во срцето на Европската унија, како и од постепената но постојана сегментација на Фламанците и Валонците. Историските искуства ги поддржуваат оние кои ги критикуваат поддржувачите на консоцијациите за игнорирање на фактот дека етничките конфликти се најфлагрантниот облик на конфликти. Како што вели Берге „етничката припадност е толку моќно чувство што кога еднаш ќе се активира многу е тешко да се контролира“.23 Дури и кога консоцијацијата ќе влезе во практика, според идеално

[20] Bakvis, “Federalism and Consociationalism.”

[21] O'Leary, стр. 16.

[22] Ljiphart, ‘Self-determination versus Pre-determination of Ethnic Minorities in Power Sharing Systems.’

[23] L. Adele Jinadu, “ Federalism, the Consociational State, and Ethnic Conflict in Nigeria,”*Publius*, Vol. 15, No. 2, Federalism and Consociationalism: A Symposium, (Spring, 1985), стр.72.

поставување на етничките елити без надворешна контрола, како што е во случајот на Нигерија, таа сепак не може да ги запре длабоко вкоренетите етнички антагонизми кои треба да ги разреши.

Во својата студија за судбината на консоционализмот во Нигерија, Жинаду покажува дека консоцијациите може да се сметаат за еден вид на лек за претходните федерални системи. Дури и во отсуство на посредување на трета страна, елитите можат да стигнат до дадени научени лекции од претходните федерални експерименти, да усвојат иновативни стратегии и да развијат политички институции кои по природа стануваат повеќе консоцијални со цел да ги регулираат конфликтите.[24] Меѓутоа, во реалноста Нигерија е веројатно најдобриот пример за тоа како малигните елитистички израмнувања и нивната цврста контрола врз протекционизмот овозможуваат продолжување на поделбата на власта, иако истите главно остануваат извор на постојани етнички судири и политичка нестабилност. На пример, цитирајќи го Мадунагу, Њоку тврди дека „владите по стекнување на независноста во Нигерија беа во суштина владеење преку протекционизам“[25] бидејќи поголемите етнички групи, претходно формирани од страна на колонијалните владетели и мисионери за да ги задоволат потребите на една модерна држава[26], како главни конкуренти за политичката власт, очајно имаа потреба да ги поддржат помалите групи кои требаше да се купат со „политички состаноци, доделување на договори, стипендии, заеми, дозволи за увоз“.[27]

## Надворешна димензија, поделба на власта и справување со конфликти

Повелбата на ОН предвидува дека сите народи имаат право да се самоопределуваат, но тоа право се толкува ограничено. Според Касесе „самоопределувањето цврсто е вградено во корпусот на општите меѓународни правила во само три области: како антиколонијален стандард, како забрана на надворешна воена окупација, и како стандард за обезбедување на целосен пристап до владата на сите расни групи“.[28] Барајќи рамнотежа помеѓу правото на самоопределување и меѓународната стабилност, Повелбата во следните поглавја повторно ја потенцира „светоста“ на принципите на територијалниот интегритет на државите и неинтервенирањето.[29] За време на Студената војна, правото на самоопределување

[24] *Ibid.*

[25] Raphael Chijioke Njoku, ‘Consociationalism: Its relevance for Nigeria’, *Nationalism and Ethnic Politics*, Vol. 5, No. 2, стр. 8.

[26] David L. Laitin, *Nations, States and Violence*, New York, Oxford University Press, 2007, p. 25. These groups are Yoruba, Hausa-Fulani and Igbos.

[27] Njoku, стр. 8.

[28] Anna Moltchanova, “Stateless National Groups, International Justice and Assymetrical Warfare”, *The Journal of Political Philosophy*, Vol. 13, No. 2, 2005, стр. 194. Quoted from Antonio Cassese, *Self-Determination of Peoples: A Legal Reappraisal* Cambridge, Cambridge University Press, 1995.

[29] Margaret Moore, “On Self-Determination”, *Political Studies*, XLV, 1997, стр. 902.

стана реторички аспект на идеолошката конфронтација помеѓу Истокот и Западот, бидејќи драстичните промени во состојбата „статус кво“, можеа да доведат до катастрофални последици. Меѓутоа, на почетокот на 1990-тите години и со распаѓањето на Советскиот Сојуз и Југославија повторно започна дебатата околу самоопределувањето. Но, дипломатските обиди да се зачува југословенската федерација, според определени институционални измени под туторство на Западот, пропаднаа. Загубите кои произлегоа од лошата процена на моќта на етничкиот антагонизам во Југославија од страна на Западот, подоцна беа надминати преку низа на интервенции и процеси за помирување водени од Западот, засилени со прописи за поделба на власта.

Но, Балканот не е исклучок. Како што вели Ноел „двете политички концепции [федерализам и консоционализам] излегоа на преден план во составувањето на модерните мировни договори“[30] посебно во случаите каде демографските и другите практични причини принудија на комбинација од територијална и етничка поделба на власта. Всушност, од крајот на Студената војна договорите за поделба на власта се спроведуваат во неколку делови на светот под водство на заинтересирани трети страни, вклучувајќи ги и ОН. Но, може да се забележи дека страните на поделбата на власт не се секогаш спротивставени етнички заедници, во поголемиот дел на случаи станува збор за идеолошки или политички конфронтации помеѓу елитите од ист етнички блок.[31] Освен тоа, договорите за поделба на власта ретко создаваат трајни политички институции кои ќе ја сочинуваат основата за полноправно консоцијално уредување. Напротив, податоците за конфликтите укажуваат дека трети страни препорачале или во некои случаи диктирале поделбата на власта да ги спречи, да ги отстрани или да ги трансформира конфликтите. Оваа втора група на договори за поделба на власта создаде политички структури кои имаат поочигледна гравитација со тоа што продолжуваат да опстојуваат во самиот конфликт кој треба да го запрат.

Во спречувањето и отстранувањето на конфликтите, поделбата на власта се однесува на институциите кои се одговорни за обезбедување на страните со гарантирање на основна физичка и економска безбедност.[32] Во врска со нивниот состав, овие институции се пример за она што се дефинира како „широка коа-

[30] Sid Noel (ed.), *From Power Sharing to Democracy: Post Conflict Institutions in Ethnically Divided Societies*, Montreal, McGill Queen’s University Press, 2005, стр. x.

[31] For instance, recently the Malagasy political factions ended political crisis by striking a deal on setting up of a transitional government. BBC New, August 9, 2009, av. online at http://news.bbc.co.uk/2/hi/africa/8191903.stm (last access February 1, 2010)

[32] Caroline Hartzell and Matthew Hoddie, *Crafting Peace: Power-Sharing Institutions and the Negotiated Settlement of Civil Wars*, Pennsylvania, Pennsylvania University Press, 2007, стр. 43-63; Caroline Hartzell and Matthew Hoddie , “Institutionalization Peace: Power-Sharing and Post-Civil War Conflict Management”, *American Journal of Political Science*, Vol. 47, No. 2, 2003, стр. 318-332; Matthew Hoddie and Caroline Hartzell, “Civil War Settlements and the Military Power-Sharing Arrangements”, *Journal of Peace Research*, Vol. 40, No.3, 2003, стр. 303-320.

лиција“ во литературата за консоционализам, бидејќи им гарантираат место во владата на поголемите групи.[33] Меѓутоа, сите видови на договори се само привремено решение и истите се одржливи само преку стравот од неизбежен конфликт и крвава пат-позиција. Во некои случаи сигурниот пораз на една од страните е основната причина, поради загриженоста дека во спротивно поразената страна веројатно ќе бара одмазда кога ќе се створат услови за тоа. Овој вид на поделба на власта е клучен за успех во справувањето со конфликтот, како и одржување на мирот и во повеќето случаи главните учесници се спротивставените етнички групи. Во таквата трансформација на конфликтот договорите за поделба на власта се привремени и се спроведуваат преку „национални преодни влади“, повторно еден вид на широка коалиција.[34] Ваквата поделба на власта се разликува од горенаведените, бидејќи партиите се цврсто решени да го прекинат насилството и да воспостават политички дијалог од кој ќе произлезат уставни институции. Со други зборови, основниот лајтмотив е отпочнување на отворен процес на ненасилно политичко преговарање помеѓу страните што можат да ја определат идната уставна форма на државата, како и надлежностите на релевантните политички институции. Затоа оваа група на договори за поделба на власта треба да се смета како дел од постконфликтното градење на мирот кое се карактеризира со помирување, преодна правда и реконструкција.

Договорите за поделба на власта за спречување и отстранување на конфликти секако се многу кревки и во дадени случаи, како Руанда, водат во „слепа улица“.[35] Искуството во чување на мирот на ОН потврдува дека и покрај соодветните политички институции и меѓународната поддршка, конфликтите може да продолжат. Долговечноста на мировните мисии на ОН, посебно во Африка, покажува дека спротивставените страни сè уште имаат потреба од надворешна помош.[36] Но, неуспехот не е единственото објаснување. Во своите рани фази литературата за решавање на конфликти усвои тесна дефиниција за чувањето на мирот, наменета единствено за спроведување и следење на прекинот на огнот. Но, во моментов чувањето на мирот опфаќа подолг список на задачи, како што е поправање на инфраструктурата, обезбедување на основни социјални услуги, реорганизирање на политичките институции и владини агенции, обучување на

[33] Anna K. Jarstad, “Power Sharing: Former Enemies in Joint Government”, in Anna K. Jarstad and Timothy D. Sisk, (ed.), *From War to Peace: Dilemmas of Peacebuilding*, Cambridge, Cambridge University Press, 2008, стр. 105-133.

[34] *Ibid*., стр. 122, 128.

[35] Rene Lemarchand, “Managing Transition to Anarchies: Rwanda, Burundi and South Africa in Comparative Perspective”, *Journal of Modern African Studies*, Vol. 32, No. 4, 1994, стр. 581-604.

[36] Pierre Engelbert, Denis M. Tull, “Post-Conflict Reconstruction in Africa: Flawed Ideas about Failed States”, *International Security*, Vol. 32, No.4, 2008, стр. 107. Of the 19 complex UN missions since 1989, ten have been deployed to the continent. Until 2005, more than 51,000 blue helmets were stationed in Africa (about 82.4 percent of UN peacekeepers worldwide).

безбедносните сили, обезбедување на психолошка рехабилитација, итн.[37] Секако, големиот број на обврски на мировните мисии во денешно време од нив бара подолг престој во конфликтните подрачја. Меѓутоа, тоа не значи дека подолгиот ангажман на мировните мисии влијае на подготвеноста на спротивставените страни да го подобрат она што го постигнале мисиите. Напротив, често дури и за време на мисијата спротивставените фракции започнуваат да ги приспособуваат воспоставените институции на своите нови позиции во конфликтот[38] што значи дека таквото чување на мирот бара постојано надворешно следење, во моментот, а и потоа.

Јанис[39] истакнува дека меѓународните влади поставени по „мултилатерални мировни операции" во Босна, во Косово, во Камбоџа и во Источен Тимор, потсетуваат на старомодните мандати и туторства. Иако овие преодни тела не се создадени како реинкарнирани форми на претходни колонијални институции и нивната легитимност е доделена од страна на резолуциите на Советот за безбедност на ОН, тие се водат од различни држави, на пример САД, Франција и Австралија, кои имаат свои интереси во дадениот регион и ги раководат високи функционери со исклучителна моќ. На пример, тие, специјалните претставници на генералниот секретар на ОН или високите службеници, може да ги искористат своите права на кооптирање за да ја избегнат сложеноста на мнозинската демократија,[40] да ги отфрлат влијателните политички лидери кои го загрозуваат мировниот процес[41] и да ја игнорираат, ако е потребно, демократската волја на локалното население преку поништување на законодавството донесено од демократски избраните собранија.[42]

---

[37] Hugh Miall, Oliver Ramsbotham, Tom Woodhouse, *Contemporary Conflict Resolution*, Cambridge, Polity Press, 2000, стр. 65-91.

[38] Ian S. Spears, "Understanding Inclusive Peace Agreements in Africa: The Problems of Sharing Power", *Third World Quarterly*, Vol.21 No.1, 2000, стр. 106. Spears quoted that Marian Ottaway call such power-sharing agreements "power-sharing pacts."

[39] Alexandros Yannis, 'The Creation and Politics of International Protactorates in the Balkans: Bridges over Troubled Waters', *Journal of International Relations & Development*, Vol. 5, No. 3, 2002, стр. 258-274

[40] UNMIK Regulation 2002/11, which regulated the municipal elections, endowed the SRSG with the ultimate authority to certify the legality of the voters' lists and election results. The SRSG also held authority for the recount of the ballots and repeating the voting in any polling station.

[41] In 1995, the High Representative (HR) in Bosnia, Carlos Westendorp, sacked President Nikola Poplasen of the Bosnian Serb Republic. The Higher Officers also firmly used their authority derived from the Bonn powers (1997) to remove nationalist or corrupt politicians deemed to be obstructing the implementation of the Dayton Agreement. For instance, in 2005, HR Paddy Ashdown dismissed the Croatian co-President of BiH. The current HR, Valentin Inzko, also declined to give up powers allowing him the authority to fire any official or cancel any law.

[42] HR Inzko used this authority in June 2009 to annul a decision of the Republika Sırpska parliament, regarding the entity's veto rights over state level matters. See online at European Forum for Democracy and Solidarity, "High Representative in Bosnia Annuls Controversial Parliamentary Resolution of Republica Sırpska", (last online 18.01.2010) http://www.europeanforum.net/news/649/high_representative_in_bosnia_annuls_controversial_parliamentary_resolution_of_republika_srpska

Но, и покрај структурните сличности, овие преодни влади не се еднакво успешни. Во Косово постојаните меѓуетнички несогласувања предизвикаа продолжување на мандатот на меѓународната влада и привремената влада во Косово (УНМИК), како и во Босна под водството на коалиција од држави, ЕУ и ОН. Во Камбоџа, преодната влада на ОН (УНТАК), најголема мировна операција досега, се повлече во 1993 година, оставајќи зад себе идеолошки поделена земја на работ на граѓанска војна.[43] Во Источен Тимор, Мисијата на ОН во Источен Тимор (УНАМЕТ) договори референдум за независност и ги убеди партиите кои се залагаа за незавнисност и автономија да формираат широка коалиција за спроведување на процесот за помирување, откако народот на Тимор го одреди конечниот статус на територијата.[44] Меѓутоа, резултатите од референдумот во полза на независноста доведоа до ескалирање на насилството и ја присилија меѓународната заедница да ја зајакне постојната мировна мисија на островот во 1999 година. Преодната влада на ОН во Источен Тимор (УНТАЕТ) ја наследи апсолутната законодавна и извршна власт на УНАМЕТ, како што се случи и со претходните меѓународни влади. Иронично, успешни се покажаа единствено преодните меѓународни влади кои ја поддржаа самоуправата по стекнување на независноста. Останатите, кои презедоа туторство над институциите за поделба на власта помеѓу претходно конфронтираните фракции беа принудени неколкупати да ги продолжат своите мандати. На пример, по прогласувањето на независноста на Источен Тимор во 2002 година, туторството на ОН продолжи до 2005 година, овој пат со Мисијата на ОН за поддршка на Источен Тимор (УНМИСЕТ), наменета да го зајакне потеницијалот на земјата за самоуправа. УНМИК најверојатно ќе остане во Косово до моментот кога оваа млада независна држава ќе почне ефикасно да го води владиниот апарат. Но никој не би можел да предвиди кога ќе заврши меѓународното туторство во Босна.

## Заклучок

Во суштина, сите договори за поделба на власта би требало да имаат привремен карактер. Овој оптимизам произлегува од идеалот или вербата дека претходно конфронтираните страни разумно ќе решат да ги одржуваат воспоставените институции како извор на мирен соживот или да ги подобрат ако тоа е потребно. Оваа логика се темели на мислењето дека конфликтите ги уништуваат сите мостови кои ги поврзуваат различните групи преку отстранување на комуникацијата и трговијата, разгорувајќи

[43] Grant Curtis, *Cambodia Reborn? Transititon to Democracy and Development*, Washington, Brookings Institution Press, 1998; Pierre P. Lizeé, *Peace, Power and Resistance in Cambodia, Global Governance and Failure of International Conflict Resolution*, London-New York, MacMillan Press-St. Martin Press, 2000.

[44] Ian Martin, *Self-Determination in East Timor: The United Nations, the Ballot and International Intervention*, London, Builder, Lynne Rienner Publishers, International Peace Academy, Occasional Papers Series, 2001, стр. 69-70.

омраза олицетворена во предрасуди, стереотипи, губење на индивидуалноста, па дури и отчовечување. Овој став, исто така, се темели на очекувањето дека со решавање на конфликтот,[45] задоволувањето на потребите на групите и создавање на социопсихолошка основа за простување и заборавање на минатото, политичките договори може да дадат разумна можност на општествата да опстојат и понатаму да се развиваат. Меѓутоа, во тој контекст, како што истакнува Пикеринг, поголемиот дел на националистички лидери кои ја воделе војната остануваат на власт, спроведувајќи политики насочени кон етнички сепаратизам и попречување на мултиетничкото владеење на национално ниво.[46] Затоа не е изненадување што наивните очекувања за поделба на власта остануваат неисполнети. Ова се однесува и на вештачки создадените држави во Африка и на новосоздадените држави во Европа, како што е Босна. Во последниов пример, консоцијалните структури се претворија во различна форма на државно уредување: дефинирање на поделбата на власта како процес, како што го нарекува Бибер,[47] кој дозволува институционални промени само доколку се неопходни поради дипломатски иницијативи.

Треба да се сфати дека консоцијалната теорија сериозно зависи од природното губење на претходните генерации кои додека се живи се сеќаваат на минатите конфликти. Но, практиката на поделба на власта му пркоси на времето, бидејќи се темели на етничко покровителство кое се состои од „статичен мултикултурализам“[48], преку кој воспоставените институци се осудени да се создаваат и размножуваат; оттука истата е осудена на незавршеност. И покрај тоа, изненадувачки, токму оваа нецелосност на косоцијалните проекти, посебно слабите изгледи за подигање на нов социјален столб на мета-идентитет, или „градина на култури“, како што го нарекува Гелнер, што ќе ги обезначи етничките и религиските идентитети,[49] повикува на нови договори кои бараат вонредна политичка, дипломатска и академска посветеност. Од друга страна, има голема можност дека гравитацијата на консоцијалните структури ќе ги задржи во својата орбита истите дипломатски и академки страни, како и вмешаните страни, доколку не се постави мудро рамнотежата помеѓу концепциите на демократско самоопределување и опсесивна бескрајна деливост. Оттука произлегува дека сѐ додека поделбата на власта им носи придобивки на дипломатските и академски кругови со гарантирање на политичка контрола во различни облици, излегувањето на академскиот кадар од нејзината „орбита“ ќе биде помалку пожелно.

---

[45] Kenneth R. Dombrovski, *Peacekeeping in the Middle East as a Regime*, New York, Routledge, 2007, стр. 12. Dombrovski quotes one of the members of the International Peace Academy (IPA) as saying: “Often the peacekeeping operation has done all that it was created to do in bringing about a cessation of hostilities and a measure of stability, but the advantages that have resulted from a reduction in the violence and fighting have not been exploited by the politicians.

[46] Pickering, стр. 257.

[47] Florian Bieber, “Power Sharing as Ethnic Representation in Postconflict Societies: The Cases of Bosnia, Macedonia, and Kosovo”, in Alina Mungiu-Pippidi and Ivan Krastev, *Nationalism after Communism: Lessons Learned*, Budapest, New York, Central European University Press, 2004, стр. 244. By the way, the PITF score of Bosnia is 7.9.

[48] Pieterse, p. 39.

[49] Anthony D. Smith, *Nationalism and Modernism*, London, New York, Routledge, 1998, стр. 38.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Adeney, Katherine. 2006. *Federalism and Ethnic Conflict Regulation in India and Pakistan,* Gordonsville: Palgrave Macmillan.
2. Bakvis, Herman. 1985. "Structure and Process in Federal and Consociational Arrangements," *Publius*, *Federalism and Consociationalism: A Symposium* 15(2): 57-69.
3. Belloni, Roberto. 2001. "Civil Society and Peacebuilding in Bosnia and Herzegovina", *Journal of Peace Research*, 38(2): 163-180.
4. Bieber, Florian. 2005. "Power Sharing After Yugoslavia: Functionality or Dysfunctionality of Power-Sharing Institutions in Post-War Bosnia, Macedonia and Kosovo", in Sid Noel (ed.), *From Power Sharing to Democracy: Post Conflict Institutions in Ethnically Divided Societies*, Montreal: McGill Queen's University Press, 85-103.
5. Bogaards, Matthijs. 2004. "Electoral Systems and the Management of Ethnic Conflict in the Balkans," in Alina Mungiu-Pippidi and Ivan Krastev (eds.), *Nationalism after Communism: Lessons Learned*, Budapest, New York: Central European University Press, 249-269.
6. Burton, John. 1998. 'History of Conflict Resolution', An entry prepared for the Institute of Peace Studies, Seoul, Korea, for its *World Encyclopedia of Peace, March 1998*, reissued on the net by Occasional Paper Series, available online at http://www.natsoc.org.au/html/publications/occasionalpapers/conflict.html#post (last access June 12, 2008).
7. Cassese, Antonio. 1995. *Self-Determination of Peoples: A Legal Reappraisal,* Cambridge: Cambridge University Press.
8. Chryssochoou, Dimitris N. 2001. *Theorizing European Integration,* London: Sage Publications.
9. Crawford, Neta C. 2003. "The Slippery Slope to Preventive War", *Ethics & International Affairs*, 17(1): 30-38.
10. Curtis, Grant. 1998. *Cambodia Reborn? Transititon to Democracy and Development*, Washington: Brookings Institution Press.
11. Dombrovski, Kenneth R. 2007. *Peacekeeping in the Middle East as a Regime*, New York: Routledge.
12. Elazar, Daniel J. 1985. "Federalism and Consociational Regimes", *Publius*, *Federalisms and Consociationalism: A Symposium* 15(2): 17-34.
13. Engelbert, Pierre; Tull, Denis M. 2008. "Post-Conflict Reconstruction in Africa: Flawed Ideas about Failed States", *International Security*, 32(4): 106-139.
14. George, Alexander L. 1999. Strategies for Preventive Diplomacy and Conflict Resolution: Scholarship for Policymaking", *PS: Political Science and Politics*, 33(1): 9-19.
15. Hartzell, Caroline; Hoddie, Matthew. 2003. "Civil War Settlements and the Military Power-Sharing Arrangements", *Journal of Peace Research*, 40(3): 303-320.
16. Hartzell, Caroline; Hoddie, Matthew. 2003. "Institutionalization Peace: Power-Sharing and Post-Civil War Conflict Management", *American Journal of Political Science*, 47(2): 318-332.
17. Hartzell, Caroline; Hoddie, Matthew. 2007. *Crafting Peace: Power-Sharing Institutions and the Negotiated Settlement of Civil Wars*, Pennsylvania, Pennsylvania University Press, 43-63.
18. Horowitz, Donald. 2000. "Constitutional Design: An Oxymoron", in Ian Shapiro and Stephen Macedo, *Designing Democratic Institutions*, New York, London: New York University Press, 253-284.

19. Jackson, Robert H. "Quasi-States, Dual Regimes, and Neoclassical Theory: International Jurisprudence and the Third World." *International Organization,* 41: 519-549.
20. Jarstad, Anna K. 2008. "Power Sharing: Former Enemies in Joint Government", in Anna K. Jarstad and Timothy D. Sisk, (ed.), *From War to Peace: Dilemmas of Peacebuilding*, Cambridge: Cambridge University Press, 105-133.
21. Jinadu, L. Adele 1985. "Federalism, the Consociational State and Ethnic Conflict in Nigeria,"*Publius*, *Federalism and Consociationalism: A Symposium,* 15(2): 71-100.
22. Laitin, David L. 2007. *Nations, States and Violence*, New York: Oxford University Press.
23. Lemarchand, Rene. 1994. "Managing Transition to Anarchies: Rwanda, Burundi and South Africa in Comparative Perspective", *Journal of Modern African Studies*, 32(4): 581-604.
24. Lijphart, Arend. 1979. "Consociation and Federation: Conceptual and Empirical Links" *Canadian Journal of Political Science*, 12(3): 499-515.
25. Lizeé, Pierre P. 2000. *Peace, Power and Resistance in Cambodia, Global Governance and Failure of International Conflict Resolution*, London-New York: MacMillan Press-St. Martin Press.
26. Ljiphart, Arendt. 1997. 'Self-determination versus Pre-determination of Ethnic Minorities in Power Sharing Systems' in Will Kymlicka (ed.) *The Rights of Minority Cultures*, Oxford: Oxford University Press, 275-287.
27. Martin, Ian. 2001. *Self-Determination in East Timor: The United Nations, the Ballot and International Intervention*, London, Builder, Lynne Rienner Publishers, International Peace Academy, Occasional Papers Series.
28. Meadwell, Hudson. 1995. "Breaking the Mould? Quebec Independence and Secession in the Developed West", in Sukumar Periwal, (ed.), *Notions of Nationalism*, Budapest, London, New York: Central European University Press, 129-161.
29. Mehta, Pratap Bhanu. 2003. "Empire and Moral Identity", *Ethics and International Affairs*, 17(2): 49-62.
30. Miall, Hugh; Ramsbotham, Oliver; Woodhouse, Tom. 2000. *Contemporary Conflict Resolution*, Cambridge: Polity Press.
31. Moltchanova, Anna. 2005. "Stateless National Groups, International Justice and Assymetrical Warfare", *The Journal of Political Philosophy*, 13(2): 194-215.
32. Moore, Margaret. 1997. "On Self-Determination", *Political Studies*, XLV: 900-913.
33. Njoku, Raphael Chijioke. 1999. 'Consociationalism: Its relevance for Nigeria', *Nationalism and Ethnic Politics*, 5(2): 1-35.
34. Noel, Sid. (ed.). 2005. *From Power Sharing to Democracy: Post Conflict Institutions in Ethnically Divided Societies*, Montreal, McGill Queen's University Press.
35. O'Leary, Brendan. 2005. "Debating Consociational Politics: Normative and Explanatory Arguments", Sid Noel (ed.), *From Power Sharing to Democracy: Post Conflict Institutions in Ethnically Divided Societies*, Montreal, PQ: McGill Queen's University Press, 3-42.
36. Pickering, Paula. 2003. "The Choices that Minorities Make: Strategies of Negotiation with the Majority in Post-War Bosnia-Herzegovina" in Dimitris Keridis, Ellen Elias-Bursac, and Nicholas Yatromanolakis, (eds.), *New approaches to Balkan Studies*, The Ikpa-Kokkalis Series on Southeast Europan Policy, 2: 255-.283.
37. Pieterse, Jan Nederveen. 2004. "Ethnicities and Multiculturalisms: Politics of Boundaries", in Stephen May, Tariq Modood and Judith Squires, (eds.) *Ethnicity, Nationalism and Minority Rights*, Cambridge: Cambridge University Press, 27-49.

38. Rothchild, Donald; Welsh, David. 1996. "Ethnicity in Sub-Saharan Africa", *International Affairs*, 72(3): 477-491.
39. Seaver, Brenda M. 2000. "The Regional Sources of Power-Sharing Failure: The Case of Lebanon," *Political Science Quarterly*, 115(2): 249, 253.
40. Sisk, Timothy. 1997. *Power Sharing and International Mediation in Ethnic Conflicts*, Washington: Carnegie Commission and United States Institute of Peace.
41. Smith, Anthony D. 1998. *Nationalism and Modernism*, London, New York: Routledge.
42. Spears, Ian S. 2000. "Understanding Inclusive Peace Agreements in Africa: The Problems of Sharing Power", *Third World Quarterly*, 21(1): 105-118.
43. Stivachtis, Yannis A. 2007. "The EU as an International Actor: Civilian, Normative or Military Power?" in Y.A. Stivachtis (ed.), *The State of European Integration*, Hampshire, Burlington: Ashgate, 2007, 41-58.
44. Stroschein, Sherril. 2003. 'What Belgium Can Teach Bosnia: The Uses of Autonomy in Divided House States", *Journal of Ethnopolitics and Minority Issues in Europe (JEMIE*), 3: 1-31.
45. Tarlton, Charles. 1965. "Symmetry and Asymmetry as Elements of Federalism: A Theoretical Speculation." *Journal of Politics,* 27(4): 861-874.
46. Thomson, Alex. 2000. *An Introduction to African Politics*, London, New York: Routledge.
47. Yannis, Alexandros. 2002. 'The Creation and Politics of International Protactorates in the Balkans: Bridges over Troubled Waters', *Journal of International Relations & Development*, 5(3): 258-274.
48. *Relations & Development*, 5(3): 258-274.

325.254.4:316.063.3(497.7)
Прегледен научен труд

# ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД КОНФЛИКТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИМИГРАНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Ирина ЧУДОСКА БЛАЖЕВСКА**[1]

**Апстракт:** *Миграциската криза во Европа не ја одбегна Македонија, напротив, од 2015 година, Македонија е една од земјите кои беа најпогодени од масовниот прилив на имигранти од Блискиот Исток, како дел од Медитеранската рута. Сепак, во најголем дел, Македонија беше транзитна земја до Германија и до други земји од Северна Европа за повеќе од 800.000 имигранти и бегалци. Границата помеѓу Грција и Македонија стана една од тензичните области. По затворање на Медитеранската рута, Македонија ја следи одлуката на другите земји со затворање на границата, а Атина беше принудена да го прифати распоредувањето на граничната полиција на ЕУ со цел на имигрантите да им биде оневозможен излез од северниот дел на Грција. 2.425.306 бегалци и имигранти ја преминале границата со Македонија, во периодот од август 2015 година до март 2016 година. Врз основа на очекувањата дека околу 600 до 800 имигранти ќе останат во Македонија како резултат на барање на азил, оваа студија ја предвидува нивната идна интеграција преку дефинирање на два различни извори на потенцијални конфликти. Оваа студија, исто така, ќе се обиде да даде насоки за нивно управување и минимизирање.*

***Клучни зборови**: миграциска криза, интеграција на имигранти, спречување на конфликти.*

## Вовед

Долго време Република Македонија се смета за релативно успешна приказна во регионот: отсуство на големи конфликти, прилично успешен процес на градење на државата и затворени прашања во однос на територија. Како резултат на повеќегодишната посветеност кон охридскиот Рамковен договор Македонија доби кандидатски статус во ЕУ во декември 2005 година, а до 2008 година ги исполи критериумите за влез во НАТО. И покрај постоењето и спроведување на договорот, сè уште е присутен недостатокот на заедничка визија и заедничко чувство на припадност кон општеството, а членство во ЕУ и НАТО се важни алатки во обединувањето на македонските и албанските етнички групи. И покрај долготрајниот спор за името со Република Грција, поради кој процесот на

[1] Авторот е вонреден професор на Факултетот за политички науки и дипломатија, ФОН Универзитетот во Скопје, Р. Македонија

евроатлантските интеграции е во стагнација, исполнувањето на демократските стандарди, владеењето на правото и особено спроведувањето на фер избори имаат клучна улога во иднината на земјата. Според извештаите на ОБСЕ, повеќето критериуми се исполнети на претседателските и локалните избори во 2009 година, како и на локалните избори во 2011 година.[2] Сепак, по изборите во 2014 година, Македонија се наоѓа во сериозна политичка криза и длабок политички конфликт. Настаните во мај и во јуни 2015 година се потсетување дека Македонија стана плодна почва за насилство и етноцентрична мобилизација. Високата стапка на невработеност во Македонија нуди дополнителни причини за социјални немири, и покрај подобрувањата во текот на изминатата деценија, повеќе од 30% од работната сила на земјата останува без работа.

Миграциската криза во Европа не ја одмина Македонија, напротив, од октомври 2014 година, Македонија е една од земјите кои се најмногу погодени од масовниот прилив на имигранти од Блискиот Исток, како дел од Медитеранската рута. Притоа, Македонија беше транзитна држава за барателите на азил кои се обидуваат да стигнат до Германија и други земји од Северна Европа со број од над 800.000 имигранти и бегалци.[3] Ситуацијата се комплицира кога земјите долж Балканскиот рута почнаа да ги затвораат своите граници.

Меѓународната правна рамка за заштита на лицата под ризик или лицата под закана не ги одразуваат тенденциите на модерната миграција. Имајќи ја предвид актуелната криза, може да се заклучи дека светот брзо се менува, како резултат на потребите на луѓето кои живеат во земји во кои има постојани воени конфликти. Во последните неколку години, глобалните трендови на миграција укажуваат на тоа дека традиционалните push и pull-фактори треба да се ревидираат. Меѓународната правна рамка за заштита на правата на бегалците, економските имигранти и странците стана основа не само за правна битка меѓу меѓународни политички организации, и злоупотреба на меѓународните стандарди на човековите права, но и алатка која се користи во популистички цел од страна на владејачките партии, посебно во ЕУ. Нискиот економски развој, модерно ропство, војните, внатрешните конфликти, тероризмот и другите форми на радикално угнетување на Глобалниот Југ, ја играат улогата на push-фактори за лицата кои се принудени да бегаат кон глобалниот Север. Драстично поразвиени земји на Глобалниот север, особено неколку од земји на европскиот континент преставуваат pull-фактори за луѓето од Блискиот Исток и африканскиот континент. Сè поевидентна е потребата за потесна соработка помеѓу земјите-членки на Обединетите нации (ОН) со Советот на Европа (СоЕ) и Европската унија (ЕУ), со цел да не се блокираат можностите за вистинско хуманитарно реагирање, давање помош и заштита на заедничките вредности. Овие случувања на глобалната политичка сцена се одразија врз севкупната безбедност на т.н. земји-домаќини или земјите кои се крајна дестинација за многу луѓе од Блискиот Исток и од Африка, како и на транзит-земјите.

За жал, експерименталните планови и одговори ја продлабочија миграциската криза и ги изложија луѓето кои пристигнуваат на европскиот континенти на дополнителни ризици. Проблемите со управувањето на надворешните граници, договорот помеѓу ЕУ

[2] http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/77359, http://www.osce.org/node/57993

[3] https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133

и Турција,[4] Балканскиот план од 17 точки[5], Планот на полициската соработка со Македонија што го спроведе Вишеградската група[6] со Австрија, придонесоа за зголемување на несигурноста, губење на човечки животи, ширење на болести, расцвет на шверцот и организираниот криминал на Медитеранската и Балканската рута. На системско ниво, земјите-домаќини во Европа се судрија со пораст на обемот на вакви слични проблеми и општествените појави. Ксенофобијата, исламофобијата, говорот на омраза и криминални дела придружени со насилни демонстрации на екстремно- десничарските и терористички групи се појави кои, всушност, ја играат улогата на фактори кои го градат чувството на несигурност и страв кај граѓаните. Неконзистентните политики и негативната пропаганда на локано ниво се креатори на потенцијалните конфликти, а имено:

1. Сегрегација, користење на мерката притвор и затворањето на имигрантите се елементи кои дополнително ја овозможуваат интеракцијата помеѓу луѓето на држава-домаќин со имигрантите. Големи групи на луѓе, оставени незгрижени со месеци стана плодна почва за ширење на болести и поттикнување на внатрешни конфликти помеѓу различните националности на имигрантите, како и извори на надворешни конфликти на имигрантите со полициските службеници и чувари на влезните точки долж Балканската рута.
2. Преземените безбедносни мерки за заштита на т.н. надворешните граници на ЕУ им овозможи на земјите кои не се членки на ЕУ да ја следат истата политика, што придонесе кон дополнително зголемување на опасностите за имигрантите-поединци на патот кон посакуваните европски дестинации, преку отворање на нови можности за криумчарење на Медитеранската и Балканската рута. Локалното население се вклучи во криминални активности , додека имигрантите останаа без друг избор освен да ги користи

На овој начин, Република Македонија, која ја има улогата на тампон зона кон земјите на ЕУ стана еден од клучен елемент во геополитиката. Ефектите од справувањето со кризи според меѓународните и националните стандарди укажуваат на слаб менаџмент, недостаток на ресурси и капацитет за обезбедување соодветен хуманитарен одговор и помош во однос на лица кои имаат потреба од него.

Според Министерството за внатрешни работи, 979 бегалци и имигранти ја преминале границата со Македонија, во периодот од 4 до 31 март 2016 година. Од Гевгелија, на 1 јули 2015 година околу 778.768 бегалци и емигранти ја напуштиле државата. Според статистиката на Министерството за внатрешни работи, бројот на лица кои се произнесле дека имаат намера да поднесат барање за азил достигна 477.856. Од овие, 148.245 (31%) се деца, од кои 18.349 (или 4% од децата) се регистрирани како деца без придружба, во периодот од 19 јуни 2015 година до 7 март 2016 година. Од нив 260.897 (55%) се Сиријци, 122.289 (26%) Авганистанци, 73.329 (15%) Ирачани, а останатите 21.441 (4%) претставуваат други националности како Иранци, Палестинци, Пакистанци, Сомалијци, државјани на Конго и Бангладеш. Од регистрираните 49% се жени и деца.[7] Во периодот од 1 јануари до 31 мај 2016 година, поднесени се 54 барања за азил, а од 1 јануари 2015 до 31 март 2016 година - 2,215 барања за азил, од кои 1.035

4 http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A22014A0507(01)

5 http://ec.europa.eu/news/2015/docs/leader_statement_final.pdf

6 http://www.visegradgroup.eu/calendar/2016/joint-declaration-of

7 https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133

(47%) се поднесени од Сиријците, 405 (18% ) од страна на Авганистанци и 181 (8%) од страна на Ирачани.[8] До 31 март само 2 лица биле признаени како бегалци во 2015-2016 г., и двете децата без придружба, едното од Ирак и другото од Сирија. Во периодот од 1 јануари до 31 март вкупно се поднесени 443 апликации.[9]

На крајот на март 2016 г. 1.223 бегалци и имигранти се наоѓале во земјава, од кои 1.033 во центарот во Табановце, 135 лице во „Винојуг" прифатниот центар, 43 лица во прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово. На крајот на јуни во прифатните центри во Македонија се наоѓаат 224 имигранти, од кои 133 се во Табановце и 91 во „Винојуг".[10]

## Основен дел

Поаѓајќи од очекувањата дека околу 600 до 800 имигранти ќе останат во Македонија како резултат на искористување на правото на азил, целта на овој труд е да се предвиди нивната идна интеграција преку идентификација на два различни извори на потенцијални конфликти. Првиот конфликт ќе биде помеѓу самите бегалци. Оваа претпоставка се темели не само на фактот дека различни етнички групи и националности се принудени да живеат заедно и притоа го носат товарот на историски конфликти меѓу нивните држави, но исто така и од искуството на работата на терен во камповите и прифатните центри, каде конфликтите на етничка база се секојдневие. Вториот извор на конфликт би бил помеѓу имигрантите и локалното население и би се базирал на ксенофобија, исламофобија и гледањето на имигрантите како економска закана.

Со оглед на фактот дека постојат два извори на потенцијални конфликти, неопходно е тие да бидат одделно разгледани.

Во првиот случај, кој се однесува на конфликтите помеѓу самите имигранти од различни националности, неопходно е да се издвои дека тие првенствено се должат на незадоволството од фактот на неуспех да стигнат до посакуваната дестинација во една од земјите на ЕУ (пред сè, Германија). Така, прифаќањето на овој факт би требало да биде првиот чекор кон помирување со ситуацијата. Следен чекор за преодолување на незадоволството би требало да биде прифаќањето на неопходноста да се живее „рамо до рамо" со луѓе од оние националности кои не се посакувани да бидат во нивното опкружување. Дополнителен е проблемот на лична адаптација кон новата средина и справувањето со траумите здобиени по пат и во процесот на интеграција во македонското општество. Во исто време, треба да се земе предвид дека степенот на истрауматизираност може да се разликуваат

[8] https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133

[9] https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133

[10] https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133

во зависност од локацијата на која биле сместени: кампови или прифатни центри и времето поминато во пат. Јасно е дека можноста за конфликт се намалува со подобрување на условите за секојдневен живот, како и со пристап до социјалните бенефиции на кои имаат право граѓаните.

Земјите на прием мора да бидат свесни и мора да ги земат предвид културните разлики на лицата кои треба да се интегрираат, нивната религија, културните особености, разликите помеѓу мажите и жените во нивните култури, и како сето тоа може да биде причина за, и последица од конфликтите.

Што се однесува до вториот потенцијален извор на конфликт, а имено интеракцијата на имигрантите со локалното население, изворите на незадоволство претставуваат комбинација или група на стравови. Основен е стравот од некој различен да стане дел од секојдневното опкружување или прифаќање на различности. Ова прашање е многу остро, особено за земја во која веќе постојат внатрешниот етнички тензии меѓу Македонците, припадници на православната вера и на Албанците, припадници на исламот, и каде во македонската етничка заедница се почесто се поставува прашањето за губење на својот, иако мнозински, идентитет. Освен со овие емоционални препреки, ќе се соочиме со многу попрагматични прашања, како на пример лошата економска состојба и високата стапка на невработеност, прашања кои придонесуваат на имигрантите да се гледа како на луѓе кои би можеле да ги заземат потенцијалните работни места на локалното население.

Според УНХЦР, во Македонија досега има 477.856 регистрирани лица со намера да аплицираат за азил.[11] Оваа бројка се очекува да се зголеми во текот на наредната година. Границата помеѓу Грција и Македонија стана една од спорните области. По затворање на Медитеранската рута, Македонија ја следи одлуката на останатите земји со затворање на границата, а Атина беше принудена да го прифати распоредувањето на граничната полиција на ЕУ за да го спречи насилното влегување на имигрантите од Македонија во соседниот камп „Идомени" во Грција. Овие активности секако дека придонесоа до намалување на бројот на нови имигранти, но во исто време ги изложија имигрантите на безбедносен и хуманитарен ризик, како на пример, шверцери, кривични локални банди.

Во овие околности, важно е да се направи краток опис на преземените активности од страна на официјалните власти и невладини организации. Покрај политичката криза, земјата се соочи со предизвик во управувањето со хуманитарна криза како резултат на зголемениот број лица кои се движат преку необезбедени патишта и железнички пруги. На државно ниво овој проблем е менаџиран од страна на Владата, пред сè од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, додека хуманитарните организации, граѓаните и активи-

[11] https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133

стите помагаат во обезбедување на прехранбена и непрехранбена хуманитарна помош. Нерегистрираните влегувања на територијата на државата се сметаат за кривично дело, што резултира со притвор на имигрантите во центарот во Гази Баба.[12] Од друга страна, поради недоследности во Законот за азил и супсидијарна заштита, на имигрантите не им се обезбедени правни средства за транзит низ земјата. Со согледување на овој недостаток Законот за азил е променет[13], а лицата од притворниот центар беа ослободени, во согласност со новата клаузула во законот за слободен транзит во рок од 72 часа со потпишувањето на намера за барање азил. Со ова на имигрантите/бегалците им беше овозможено слободно движење и  користење на јавен превоз.

Центарот за управување со кризи ги координира инфраструктурните потреби на транзитните центри, додека Министерството за труд и социјална политика ги згрижува децата без родител или законски старател, барателите на азил и обезбедува прехранбени и непрехранбени производи. Министерството за внатрешни работи управува со безбедноста, идентификација и процесот на документација, додека Министерството за здравство е задолжено за обезбедување на соодветна здравствена заштита.

Што се однесува до невладиниот сектор, кој е постојано активно вклучен во работата со имигрантите, неопходно е да се истакне ангажираноста на локалните невладини организации, волонтерите, граѓаните и активистите во обезбедување на: хуманитарна помош во форма на прехранбени и непрехранбени производи[14], правна помош, работа со документи, регистрација и во процедурата за барање азил,[15] забележување на случаите на кршење на човековите права, подобрување на целокупната состојба во камповите.[16] Посебен придонес беше направен од здружените напори на три локални граѓански организации[17] во обезбедување на хуманитарна и правна помош во транзит-центрите и необезбедените патишта и железнички пруги.

Со согледување на општата ситуација, дефинирање на можните конфликти, како и поставување на проблемите кои би можеле да се појават во процесот на интеграција на имигрантите/бегалците во иднина, во понатамошниот текст следуваат предлог-програми и активности кои се темелат на следниве хипотези:

Како прво, програмата која следи се базира на премисата дека ако демократскиот капацитет на граѓанското општество се подобри, тогаш општеството ќе биде поподготвено за вклучување во него на оние коишто ги сметаат за раз-

[12] http://www.legis.mk/news/21/macedonia-thousands-trapped-and-at-risk-of-violence-as-border-sealed

[13] http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/azil.pdf

[14] NUN cultura, https://www.facebook.com/NuN-Civil-Association-1626738200877187/posts/ O.K.H.Merhament, https://www.facebook.com/okh.merhamet/,  Legis, http://www.legis.mk/

[15] Macedonian Young Lawyers Association (MYLA), http://www.myla.org.mk/

[16] Macedonian Helsinki Committee (MHC), http://www.mhc.org.mk

[17] http://www.mhc.org.mk, http://www.myla.org.mk/, http://www.legis.mk

лични од себе. Тоа би се постигнало преку предвидените активност кои би им помогнале на локалните субјекти да престанат да ги гледаат мигрантите/бегалците како закана за нивниот начин на живот, социјална сигурност, економскиот развој и политичка стабилност. Под овие услови, втората теорија е: доколку бидат зајакнати граѓанските капацитети за меѓусебно признавање и залагање за заемно меѓуетничкото разбирање, тогаш, тие самите ќе придонесат за интеграција на имигрантите/бегалците. Подобрувањето на демократските капацитети на локалните заедници во Македонија преку создавање инклузивно и партиципативни промени ќе придонесат за намалување на можностите за конфликт во мултикултурните општества. Третата теорија би била: доколку намалувањето на незадоволството се одвива преку непосредно учество на граѓаните, тоа ќе створи услови за приспособување на имигрантите/бегалците кон новата средина. И, последно, доколку локалното население од непосредната близина на камповите и прифатните центрите оствари контакти со имигрантите/бегалците и со тоа ги разберат тешкотиите со кои се соочуваат овие лица и доколку на имигрантите/бегалците и барателите на азил им се обезбеди поддршка во надминување на нивните психолошки трауми и активно да учествуваат во општеството, тогаш, тие ќе можат самоуверено да учествуваат како во алтернативно решавање на спорови, инциденти и судири, така и во креативни значајни социјални активности и собири, а комуникацијата меѓу локалното население и барателите на азил ќе се подобри. Кога се подобрува комуникацијата, тогаш социјалните контакти и заемната доверба се зголемуваат, и лицата ќе бидат помалку склони да се вклучат во инциденти и конфликти, бидејќи стекнатите знаења, разбирањето на разликите и довербата се вешти учесници во контролата на негативните емоции.

Соодветно на тоа, предложените програми и активности се дизајнирани со цел да се постигне постојан контакт на локалното население со имигрантите и бегалците кои живеат во нивните заедници, создавајќи социјални врски преку активна двонасочна комуникација и соработка, нудење на услуги кои би биле достапни за сите и би биле од заеднички интерес. Вака специјално дизајнираните програми ќе овозможат континуирано подобрување на капацитетите за засегнатите страни, што придонесува за демократизација и диверзификација на општеството во целина.

Подолу опишаните програми се поделени во две поголеми компоненти и се составени во согласност со гореопишаните потенцијални извори на конфликт, кои се претпоставува дека ќе се случуваат во местата на живеење на имигрантите/бегалците и во непосредната околина. Затоа, првата компонента вклучува подготвителен период за активности во локалната средина, јакнење на капацитетите и спроведување на социјални активности надвор од камповите - Програма 1. Втората компонента се фокусира на обезбедување на оние услуги кои недостасуваат, зајакнување на вештини, решавање на внатрешните конфликти меѓу различните културни групи во рамките на местото на живеење на азилантите- Програма 2.

Со цел да се развие капацитетот за колективна и индивидуална поддршка неопходно е да се направи следново:

1. Идентификација на специфични целни групи во рамките на целокупното население на имигранти/бегалци.
2. Процена на ситуацијата и индивидуалните потреби на корисниците, како хуманитарни така и развојни.
3. Процена на расположивите средства за решавање на проблемите во местата на сместување на имигрантите/бегалците.
4. Потребите на поединците и групи кои ќе бидат непосредно ангажирани во работата со имигрантите/бегалците.

## Програма 1 - Градење на капацитети и ресурси

Општините во Македонија имаат формирано Меѓуетнички комисии составени од членови на Советот на локалната самоуправа. Имено, мешовитите локални заедници со малцинствата кои сочинуваат повеќе од 20% од вкупното население, имаат формирано совети за правно застапување и лобирање за решавање на меѓуетничките прашања во чиј состав влегуваат претставници на етничките заедници. Во овој случај, предлагам да се работи со избраните членови на Советот со цел да се зајакне капацитетот на општината за вклучување на имигрантите/бегалците. Понатаму, овој начин на соработка може да создаде врска помеѓу општината и имигрантите/бегалците и да се воспостави функционален механизам за решавање на внатрешните и надворешните конфликти во согласност со националното законодавство.

Во насока на обезбедување поддршка и јакнење на капацитетите на општинските училишта и вработените во нив, програмите на општината треба да се приспособат во насока на овозможување на тренинзи за наставниците во оние основни и средни училишта каде што децата имигранти/бегалци ќе бидат вклучени во образовниот процес. Овие активности ќе се одвиваат паралелно со програмите за подготовка на децата за нивното интегрирање во јавните училишта.

А) **Изготвување на образовни програми и материјали**: едукативните програми и материјали треба да бидат изготвени во согласност со потребите на три различни групи на корисници, и тоа: имигранти - деца на предучилишна возраст, ученици, младинци, девојки и жени и стари лица. Меѓународната практика за задоволување на потребата од психосоцијална терапија на лицата кои доаѓаат од конфликтни подрачја и се дел од миграциските текови може да се искористат и да се приспособат во согласност со македонските потреби. Посебно внимание треба да се посвети на имигрантите во однос на јакнење на нивните капацитети и вештини со цел да се олесни и нивната социјална инклузија во заедницата и општеството и во исто време да им се овозможи да го зголемат своето

ниво на толерантност кон различни култури и етнички групи. Како силен столб за обезбедување на соодветно вклучување на имигрантите/бегалците во образовниот процес, треба се ангажираат национални и меѓународни експерти од областа на човековите права, управување со конфликти и градење на мирот, образование на бегалци и емигранти, здравствена и психосоцијална поддршка и заштита**.**

Б) **Материјали и ресурси кои ќе се користат во работата со** имигрантите/бегалци, вклучуваат образовни и развојни работилници, информативни и креативни сесии, со фокус на следниве области: јазични програма (официјалниот јазик (јазици) на земјата, странски јазици), здравствена култура (здравјето и хигиената, ментално здравје), поддршка во основното образование, психосоцијална поддршка (програми за жртви на насилство и злоупотреба), животни вештини (вработување и само вработување, вештини, креативност и ракотворби).

В) **Тренинг-програми за луѓе кои се вклучени во работата со имигранти и други засегнати страни,** вклучувајќи ги и претставниците на локалните заедници и институции, кои се вклучени во интеграцијата на имигрантите во својата секојдневна работа, како и волонтери и активисти од други организации за обезбедување на: безбедна и стимулативна средина за учење, квалитетно педагошко и партиципативно учење, вклучување во заедницата, управување со конфликти и градење на мирот, образование за социјална правда, борба против предрасуди итн.

Г) **Зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи. За** ефективна имплементација на целокупната програма, неопходна е организација на обука за сите инволвирани лица во работата со имигранти во областите на: решавање на конфликти и управување, меѓуетничко и верско помирување, социјална правда, обуки за борба против предрасудите, посебен пристап кон особено ранливи групи и поединци, идентификација на лицата под ризик со терапија и советување, создавање безбедна и стимулативна околина за учење, основите на квалитетна педагогија, психосоцијална работа со имигранти/бегалци, еманципација на жени, младински активизам и учество, ефикасна родителска практика, застапување и претставување. Претставниците на локалната самоуправа ќе бидат вклучени за да обезбедат адекватни капацитети кои се неопходни за постигнување на целта, поточно за вклучување на имигрантите/бегалците во секојдневниот живот.

Претходно презентираните активности треба да бидат поделени во 2 комплементарни активности, од кои првата е ориентирана кон вклучување на граѓански иницијативи, медиуми и научна заедница, додека втората се фокусира на вклучување на младите во општеството и подигање на јавната свест.

Активностите поврзани со застапување на правата на имигрантите ќе се фокусираат на политика на социјално застапување, започнување на иницијални иницијативи, стапување на активисти во формални и неформални граѓански движења и инволвирање на медиумите и новинарите преку:

1) Навремено спроведување на постапката за барање азил и пристап до правата кои им припаѓаат на имигрантите / бегалците.
2) Соодветна помош за ранливите групи (жени, деца без родители, малолетници, стари лица и лица со инвалидитет).
3) Користење на човековите права, слободата на движење, слобода и сигурност. Зајакнување на односите со граѓанското општество како катализатор на промени и обезбедување на стимулативна поддршка на граѓанските иницијативи, медиуми и истражување.

Со цел да се создадат услови за поголема вклученост на граѓанското општество и да се отвори простор за социјална дебата за миграциските прашања, потребно е да се создаде:

1) План на политички активности за подобрување на тековните политики и практики, вклучувајќи јавни дебати.
2) Шема на социјално застапување преку обезбедување на поддршка за борба против ксенофобијата, расизмот, исламофобијата, кампањи на социјалните медиуми, социјални активности на локално ниво, поддршка и партнерство од страна на медиумите и новинарите.
3) Подигнување на мултимедијални кампања и фестивали на културна разновидност на национално ниво, како една поширока компонента во сензибилизирањето на јавноста во однос на овие прашања.

## Политики и социјално застапување

Неопходно е да се воспостави формална мрежа на поддржувачи, со цел да се развие застапувањето и стратегијата за лобирање во државните институции, особено во Собранието и Владата на Р. Македонија со цел да се направат сеопфатни промени на постојното законодавството. Да се поттикне намалување на ограничувањата и да се подигне интересот кон истражувањата на теми кои се од интерес за граѓанското општество, како што се: пристапот до социјално-економските и граѓанско-политичките права на национално и на меѓународно ниво; да се поттикне и да се рашири позитивно јавно мислење, да се подготви и да се обезбеди листа на експерти кои би можеле да се приклучат во тимот. Неопходно е создавање и на надворешна неформална мрежа на поддржувачи и граѓански организации кои би можеле да придонесат кон појава на реакции и акции во јавноста при спроведување на политики за ограничување на човековите права или со цел да се постигнат посакуваните системски промени.

Од создавањето на ваквиот тим на поддржувачи се очекува да се развие стратегија за лобирање во државните институции, Собранието и Владата, со

вклучување на пратениците во Собранието во јавната расправа, да предлагаат закони или промена на постоечки закони, да обезбедат полесен пристап до правата на имигрантите/беглаците, да се работи во насока на економска интеграција на имигрантите/бегалците.

## Активности за подигнување на јавната свест

Работата со јавното мислење е една од најважните работи во Македонија поради недостатокот на интерес на јавноста да се вклучи во дискусијата за азил, миграција, ефектите и подготвеноста на државата да ги приспособи луѓето кон интеграција како држава-домаќин. Се набљудува недостаток во ангажирање на експерти, академски работници, студенти и граѓани во процесот на приспособување и интеграција на имигрантите/бегалците. Инволвирањето на ваквиот профил на експерти е неопходно за да се подготват и да се спроведат активностите кои се наменети за зголемување на интересот на јавноста преку пренос на непристрасни информации.

**а)** Организирање на најмалку 3 предавања на државните и приватните универзитети и воспоставување на соработка со други европски универзитети и поканување на научници и експерти за дискусија на теми поврзани директно или индиректно со миграцијата.

**б)** Мултимедијални кампањи за подигање на свеста, по 1 годишно (во зависност од потребата за информирање на пошироката јавност и потребата за намалување на стравот и вознемиреноста кај јавноста).

**в)** Културни, образовни и донаторски ориентирани фестивали со цел културата и уметноста на земјите на потекло на имигрантите/бегалците да се пренесе во земјата- домаќин.

**г)** Јавни дебати организирани според потребите.

**д)** Конференции за активисти, формалните и неформалните даватели на услуги - зајакнување на соработката со јавните конференции, размена на идеи и „know-how“.

Овој вид на пошироката кампања ќе придонесе и за зголемување националната свест против ксенофобијата, исламофобијата, антирасистичките и говорите на омраза, кривични дела и ќе придонесе за спречување на дискриминаторско и антисоцијално однесување и намалување на можностите за конфликт во локалните заедници каде што се присутни имигрантите/бегалците. Како резултат на целокупната културна и образовна програма би можел да се организира голем фестивал на отворено со приспособена програма за претставување на културата од земјата на потекло на имигрантите/бегалците на земјата-домаќин и обратно. Програмата се состоела од музички, од уметнички и занаетчиски точки, кратки филмови и документарци и приспособени говори.

## Креативен генератор

Креативните генератори ќе им овозможат на младите имигранти и на граѓаните на Македонија да работат заедно и да станат свесни едни за други, за сличностите и разликите преку креативни активности. Би можело да се организираат 3 креативни генератори со по 20 учесници - млади луѓе со одредени вештини кои сакаат да ја поддржат иницијативата за подобрување на соработката и намалување на можноста за  конфликтот како во нивните заедници, така и кај Македонците. Сите заинтересирани млади луѓе би можеле да се пријават и да бидат дел од оваа работилница за развој на иницијативата.  Како резултат на работата на трите генератори ќе произлезат 9 иницијативи кои ќе имаат цел да ја подигнат свеста, да креираат услови за солидарност и стимулирање на активностите за соработка. Потенцијални иницијативи се: заеднички волонтерски акции, културни ноќи, настани во камповите, активности во јавниот простор и други.

**а) Заеднички младински работилници:** дискусии, состаноци, обуки и активности ќе се организираат за младите Македонци и имигранти, со цел да се создаде платформа за учење едни од други и споделување животни искуства, зголемувањето на солидарноста, кршење на стереотипите и спречување на конфликти. Како резултат на 10 организирани акции (филмски проекции, дискусии, дегустација на храна), ќе биде изградена заедничка платформа за понатамошно работење.

б) **Мултимедијални алатки за информации:** Мултимедијално презентираните содржини ќе бидат наменети за широката јавност и за младите луѓе, а ќе ги презентираат фактите, причините за миграциите, како и личните искуства на имигрантите/бегалците. Целта на овие кампањи е да се информира јавноста и да ги спои со имигрантите/бегалците, како и да ја спречи негативната пропаганда, стигматизација и дискриминација. Околу триесет иновативни и аргументирани веб-базирани статии би можеле да бидат произведени  на следниве теми: фактографска проверка (врз основа на извештаите на проверка на фактите медиуми), борба со митовите (борбата против популарните предрасуди и пропаганда), потребни факти (информативни содржини за имигрантската криза, политики и трендови) и други. Околу дванаесет видеа би можеле да бидат создадени од личните истории на имигрантите/бегалците кои ќе бидат дистрибуирани преку интернет и социјалните мрежи. Целта на овие видеа е да и се овозможи на македонската јавност да ги види, да ги сослуша и да ги разбере имигрантите/бегалци и нивните потреби. Сите видеа ќе  прикажуваат позитивни примери на солидарност и разбирање и лични приказни на бегалците, активистите, волонтери и други граѓани во камповите во Македонија.

Работењето во овие насоки од една страна се фокусира на обезбедување на услуги во рамките на центарот за азил , а од друга страна ги подобрува вештините и самодовербата на имигрантите/бегалците кои се клучни во адаптацијата кон една нова фаза од нивниот живот.

## Програма 2 – давање на услуги

### Здравствена превенција

Што се однесува до примарната здравствена превенција, подигнувањето на свеста за чувствителните медицински прашања е од првостепено значење и се адресира директно до лицата под ризик. Развојот на целокупната политика на здравствена промоција потребно е да го содржи следново: создавање на соодветни животни услови; поддршка на активностите за промоција на здравјето и здравствени услуги кон унапредување на здравствена заштита. Секоја од темите би била разработена преку организирани часови кои би се одржувале еднаш месечно во форма на предавања со различни содржини, на соодветно приспособен јазик и простор погоден за таа цел, во рамките на камповите и / или општинските центри. Според досегашните статистики за здравствената состојба на имигрантите/бегалците се предлага предавањата да ги опфатат следниве теми: рак на дојка и матка, превенција и заштита, промени на кожата, планирање на семејството и сексуално преносливи болести, родова еднаквост и заштита од семејно насилство.

Со цел да се влијае на здравјето на имигрантите/бегалците, од суштинско значење е да се постигне нивно разбирање на меѓусебната поврзаност на условите и фактори кои влијаат на нивното здравје, како на пример: образованието, домувањето, соодветна исхрана, социјална помош и пристапот до здравствените услуги. Потребно е да се нагласи неопходноста од инволвирање на специјално обучените едукатори кои би ги спроведувале политиките и активностите насочени кои подобрување на здравствената состојба. Секоја сесија на предавањата би била придружена со соодветен број на преведувачи и работата на координаторот на здравствени активности.

### Здравствена грижа

Здравствената заштита е логична последица на потребите на имигрантите/бегалците, со цел освен соодветна грижа, да се обезбеди заштита од преносливите болести и појава на епидемии на локално и на државно ниво. Јавната здравствена политика за образование и поддршка треба да се фокусира врз здравјето на луѓето, со акцент на здравствената состојба, еднаквост и мултидисциплинарен пристап во согласност со принципите на примарната и секундарната здравствена заштита.

### Образование

а) **Неформални курсеви** на англиски, на германски и на македонски јазик би требало да се организираат како интервенција во образовниот јаз на имигрантите/бегалците во насока на подобрување на општествените односи и кохезија во локалната заедница преку комуникативни вештини. Наставните програми би биле во согласност со Конвенцијата од 1951 г. за статусот на бегалците (член 22), Конвенцијата од 1989 г. за

правата на детето (член 2). Курсевите ќе ја зголемат интеракцијата меѓу различните национални и етнички групи на имигранти/бегалци, како со локалното население, фокусирајќи се на нивната социјална инклузија во локалната заедница, така и со македонското општество во целост. Исто така би можело да се состават и дистрибуираат печатени и илустрирани „џебни речници" на два јазици (македонски и соодветниот странски јазик), за подобрување и олеснување на процесот на интерактивното учење. Исто така, се предлага и формирање на библиотека за слободно користење од донации на стари книги.

б) **Програма за деца до 6-годишна возраст** би била составена од образовни и наставни програми со акцент на подобрување на вештините и знаењата на мајките и на бремените жени. Во создавање на програмата ќе се земат предвид традициите и специфичностите на етничките и националните групи, бариерите, можностите и нивните искуства. Програмата ќе биде целосно фокусирана на децата и семејството, а ќе вклучува когнитивни и психосоцијални компоненти, поврзани со здравјето, исхраната и развојните потреби на децата и семејствата. Во оваа програма ќе најдат одраз и националните стандарди за развој на соодветните возрасна групи со цел да се обезбеди достигнување на соодветно развојно ниво на секое дете, што е неопходно за вклучување во формалниот образовен процес на земјава. Посебно внимание ќе биде посветено на совладување на официјалниот јазик (а) којшто се зборуваат во општината.

в) **Подготвителна образовна програма за деца на училишна возраст.** Со цел да се олесни запишувањето во образовна институција и едукацијата на децата имигранти/бегалци на возраст од 6 до 18 години во локалните основни и средни училишта, ќе бидат организирани едукативни активности како: совладување на јазикот на кој се одвива настава во заедницата, стекнување со знаења и вештини неопходни за учество во училишниот процес, со посебен фокус на математиката, природните и општествените науки и јазиците (македонски и странски). Во овој процес е неопходно вклучување и соработка со локалните училишта и образовниот кадар. Посебно внимание ќе се посвети на едукацијата во насока на јакнење на свеста против насилството и агресивното однесување. По запишувањето на децата на училиште оваа програма ќе обезбеди дополнителна помош и домашна поддршка и едукација.

г) **Програма за развој на вештини** ќе се состои од активности насочени кон младите и жените за да се обезбеди стекнување со вештини, кои ќе им помогнат во нивната интеграција во општеството преку работа, овозможувајќи им да се здобијат со нови или да ги подобрат веќе стекнатите вештини. Локалните бизнис-заедници би можеле да се вклучат во идентификација на минатото образование или работно искуство и да

предложат краткорочни програми за обука со акцент на практиката. Работните капацитети на мигрантите/бегалците, во традиционалната уметност и занаети ќе добијат можност да се пренесат на широката јавност и работодавачите, што ќе резултира со зголемување на самодовербата и ќе се демонстрира можноста за зачувувањето и пренесувањето на традициите и културните вредности.

### Психосоцијална поддршка и советување

а) Индивидуално советување и советодавни сесии од експерти за процена на потребите на поединците ќе обезбедат: правни совети и помош, психичка и социјална поддршка и терапија за лица изложени на ризик или лица со претрпена траума, во согласност со меѓународната практика.

б) Психосоцијална поддршка и советување: Во областа на програмата психосоцијална рехабилитација ќе бидат вклучени техники на меѓуетничкиот дијалог за да се постигне граѓанско помирување. Користењето на сеопфатен пристап ќе овозможи третирање на предрасудите и ќе се поттикне општествена одговорност кај имигрантите/бегалците. Програмата би била составена од работилници во мали групи, каде што имигрантите/бегалците заедно со локалното население ќе учествуваат во културна размена, организација на заеднички настани и работилници за справување со посттрауматски стрес и психолошка траума.

**Правна помош:** Организираните обуки за правна помош и советување ќе им помогнат на барателите на азил и давање на правни совети на илегалните имигранти во согласност со меѓународните конвенции за човекови права и законската регулатива. Интерните обуки на персоналот во локалните и во државните институции ќе го обединат професионалното знаење на сите партнерски организации во однос на правниот пристап на застапување на правата на имигрантите. Лобирање за издавање на работни дозволи за имигрантите/бегалците и нудење на професионална експертиза за бизнис-планови ќе ги подобрат капацитетите на државните и на локалните институции да донесуваат ефикасни мерки поврзани со овие прашања. Месечни дебати ќе се одржуваат со цел да се подигне свеста на регионалните државни установи и служби во кои се наоѓаат имигрантите/бегалците и да се обрне внимание на опасностите на инволвирање во илегална имиграција и трговија со луѓе.

### Заклучок

Очекувањето е дека влијанието врз имигрантите/бегалците и општеството треба да биде направено што порано со цел да се зголеми на способноста на населението и на имигрантите/бегалците да остварат сопствени приходи преку образовни, едукативни и

културни активности, почитување одредени кодекси на однесување или нивно вклучување во демократските процеси.

Активностите предложени во овој труд се дизајнирани со цел да се воспостави цврста основа за успешна долгорочна можност за интеграција на имигрантите/бегалците преку прифаќање и спроведување на план за приспособување и интеграција. Програмите претставени во овој труд се конципирани како резултат на анализа на проблемите и научените лекции во последните 2 години. Имајќи ја предвид политичката и економска состојба на земјава, како и отсуство на позитивно искуство во интеграција на имигранти, неопходна е отпочнување со специјално дизајнирана и јасно насочена програма со цел да се обезбеди соодветен хуманитарен одговор од страна на државата за барателите на азил и имигрантите/бегалците. Оттука потекнува широкиот спектар на услуги и активности кој го нуди овој труд, а е насочен кон согледување на предизвиците со кои се соочува Р. Македонија во однос на привременото сместување на имигрантите/бегалците и со предизвикот на интегрирање на дел од нив кој допрва ќе се одвива. Со детектирање на потенцијалните извори на конфликт рака под рака оди и опасноста од заразни болести која исто така може да стане дополнителен предизвик, а за превенција од есенцијално значење е навремен и соодветен одговор од страна на засегнатите државни институции Предложениот план има цел да се зајакнат капацитетите на земјата -домаќин, како што се државните институции на централно и на локално ниво, да обезбедат различни услуги во локалните самоуправи, соработка со локалните невладини организации, неформалните движења и младите како клучен дел од создавањето на социјалните врски во духот на човечката солидарност.

**РЕФЕРЕНЦИ:**


1. Agunas, Dolvelyn Rannveig.2013.How за подобрување на дијаспората ангажманот. *Гардијан,* 20 February 2013 www.theguardina.com/global-development-professionals-network/2013/feb/20/improving-asian-diaspora-institutions .
2. Балон Dagupan.2014.City Создава BRGY OFW Мигранти Desk, прво во Region.20 ноември 2014 година http://dagupan.gov.ph/2014/11/city-creates-brgy-ofw-migrant-desk-first-in -на-регион / .
3. Brubaker R. 1995 *ето на Империјата и Unmixing на народите: Историски и компаративна перспективи, етнички и расни студии* , vol. 18, бр. 2.
4. Chudoska I. 2015 година, *имиграцијата во Europan унија, Дефиниција на Scial проблеми и решавање на проблеми методи ",* списание за општествени науки " Vizione "број 22, Скопје: весник Vizione на 2015 година, pp.291-303.
5. Chudoska I. 2009 година, *интеграција на муслимански имигранти во ЕУ,* Глобал бр.4, Ревија на Институт за економија стратегии и меѓународни Relations- "Охрид", Скопје: Институт за економија стратегии и меѓународни односи "Охрид", pp.5 -17
6. Cesari, Jocelyne.2013 *Религија и дијаспората: Предизвиците на земјите-кандидати за иселеништво.* INTERACT Извештај од истражување 2. Фиренца. Европскиот универзитетски институтhttp://interact-project.eu/docs/publications/Reasearch%20Report/INTERACT-RR-2013 -01.pdf

7. Збирка на документи и истражување на Меѓународната програма конференција за интеграција на бегалците во Бугарија. Софија, 17-18 октомври 2000 година, во рамките на Партнерството во акција (PARinAC), објавен од страна на УНХЦР ВО Софија 2001, стр 168.
8. Доминик Muazi "Судир на емоции - страв, понижување, треба и за Новиот Светски Поредок" Ле Монд Дипломатик, # 2, 02,2007.
9. Изменето од Бухари ZH, Nyang.SS, JLEsposito . 2005 година *муслиманите место во јавниот плоштад американскиот: надеж, стравови и стремежи* . САД; Lanham, Мериленд САД .
10. Iontcev VA 2001 *иселеништво на населението. 3ed издание. Меѓународната миграција* . Москва, П. 72-8
11. Заедничка декларација на министрите за внатрешни работи. Состанок на Министрите за внатрешни работи на Вишеградската група и Словенија, Србија и Македонија. 19 јануари 2016 годинаhttp://www.visegradgroup.eu/calendar/2016/joint-declaration-of
12. Средба на лидерите на прилив на бегалци по должината на Западен Балкан. Изјава лидери. Http://ec.europa.eu/news/2015/docs/leader_statement_final.pdf
13. Легис. Македонија: Илјадници заробени и изложени на ризик од насилство како граница sealed.01 октомври 2015 година http://www.legis.mk/news/21/macedonia-thousands-trapped-and-at-risk-of-violence-as-border -sealed
14. Orozco, Manuel.2010. Jac *n Барај на политички опции и решенија. Семејството Приватните трансфери од странство, дијаспората партнерства и можности за развој* Мадрид: Fundacion Интернационал у став Iberoamerica де Administración у Politicas Publicas (FIIAP)
15. Reaport ОБСЕ. Почетокот на 2011 година ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 5 јуни 20011 http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/77359
16. ОБСЕ. Европа бегалци и емигранти за одговор при катастрофи на ден Проценето пристигнувања по земја тече низ Западен Балкан на патот 4 од септември 2016 година https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133
17. Penninx, Rinus, Карен Kraal, Марко Matinello и Стивен Vertovec. 2004 *државјанство во европските градови. Immigranta, локални политики и политики за интеграција* Алдершот: Ешгејт.
18. Регулативата (ЕУ) 2015/941 на Европскиот парламент и на Советот од 9 јуни 2015 година за одредени постапки за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европските заедници и нивните земји членки, од една страна, и поранешната југословенска Република Македонија , од друга страна . 9 јуни 2015 година.
19. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1474122291102&uri=CELEX:32015R0941
20. Регионална бегалци и мигранти одговор план за Европа, финансирање на слика, како на 15 август 2016 година (план кој опфаќа периодот од јануари до декември 2016 година). УНХЦР.Https://data.unhcr.org/mediterranean/documents.php?page=1&view=list&Country%5B%5D=133
21. Snel, Ерик, Godfries Engberse и Apjен Leerkes.2007. Транснационалните вклучувања и социјалната интеграција. ***Глобалните мрежи 6 (3):*** 285-308.

321.7: [006:172.4
Прегледен научен труд

# МОРАЛНИОТ СТАНДАРД ВО ПРОФИЛИРАЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКИОТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

**Љупчо РИСТОВСКИ**[1]

**Апстракт:** *Генералната цел на овој труд е евалуација на значењето од инволвирање на повисок морален стандард во општествените односи при ре-позиционирањето на општествениот систем на повисоко ниво на развој и прогрес. Емпириски е потврдено дека ова е единствено возможно доколку општествените стандарди се базирани врз одредени вредности и доблести.*
*Политичкиот систем, анализиран од аспект на демократијата како досега највисока фаза на општествен развој, се соочува со објективна потреба од реформација во смисла на системско преструјување кон нови морални норми, вредносно ориентирани норми и односи. Политичките идеологии треба да отворат простор за етаблирање на влијанието на моралните стандарди низ постојниот процес на политичка социјализација. Политичката култура ќе биде подобрена тогаш кога моралните вредности ќе доминираат на јавната сцена и ќе започнат да ја катализираат промената на општествата во посакуваната насока.*
*Индивидуалните животи на луѓето и севкупните општествени достигнувања се променија значајно, како резултат на процесот на реформација во 16 и во 17 век. Тезата на овој труд е дека доколку општествата се поотворени за моралните елементи, односно вредносно-базираните елементи, и доколку се дозволи вредностите и доблестите значајно да навлезат во што повеќе сегменти на општеството, тогаш постои можност за отворање на повеќе простор за постигнување на нова прогресивна фаза во севкупниот развој на човештвото.*

**Клучни зборови:** *морал, стандарди, политички систем, демократија*

## Вовед

„Социологијата е научното проучување на интеракциите помеѓу луѓето... Социологијата на религија за проучување селектира еден аспект на општествена интеракција – онаа интеракција која е примарно религиска по природа."[2]

На самиот почеток, законите на Стариот Завет беа основата за нормирање на односите помеѓу луѓето, притоа овозможувајќи му на општеството морален фундамент за организирање на животот. Во добата на Новиот завет, религијата претрпи сериозно

[1] Авторот е доктор на науки, ИНТЕГРА – Институт за вредносна и доблесна политика

[2] Vernon, Glenn M.(1982). *"Sociology of religion"*.New York: McGraw-Hill, p. 4

престројување под влијание на Христовата порака за добрина и милост, а во рамка на новозаветните книги кои нудат вера, надеж и љубов. Тие елементи се однесуваат не само на односите на индивидуите една со друга, туку и на општествените односи, генерално. Во последните два милениума пораката на религијата имаше големо влијание врз животите на луѓето. Општествата поминаа низ многу промени, подеми и падови, државите беа променети под притисок на религијата, се случуваа крвави војни, дури и во рамките на христијанството, многу погрешни учења и заблуди беа наметнати од страна на црквата, и цикличниот прогрес и просперитетот на нациите и индивидуите беше постојано попречуван.

„Изучувањето на социологијата на религија не е истражување за утврдување на вистинитоста или невистинитоста на религиските идеи...Изучувањето на социологијата на религија не е обид да се потенцира точноста на одреден сет на религиски вредности, а да се нагласи неточноста на друг сет религиски вредности, ниту, пак, треба биде разбрана како обид за детерминирање на религиските шеми за кои социолошкиот научник т.е. социологот верува дека се точни или неточни. Во сферата на моралните вредности, тој сепак не е авторитет. Студијата на социологијата на религија не е напад врз религијата. Сферата на натприродното и сферата на моралните вредности не можат легитимно и вистински да бидат „нападнати“ со помош на научноистражувачки алатки. Изучувањето на социологијата на религија не е обид да се одговори на прашањето дали некоја религија е „добра“ или „не“, затоа што тоа повторно би било вредносен суд. Помеѓу останатото, ќе ја испитуваме функцијата на религијата во општеството...“ (Ibid., p. 17)

Генералната перцепција во општествените науки е дека религијата има огромно влијание низ вековите. Сепак, кога институционализираната религија, преку официјалните цркви се инволвира во државнички работи, тогаш настануваат проблеми, но и конфликти, исто така. Општествата не можат да ја диференцираат, дури ниту денес, улогата на верата како интимна релација на индивидуата со живиот Бог, од една страна, од улогата на црквата како институционален организиран субјект, од друга страна.

„Религијата е општествена институција... религиското однесување на човекот е комплексно поврзано со неговите однесувања во други сфери како економската, фамилијарната, и политичката. Од аспект на културата, нагласуваме дека институцијата на религија игра интерактивна улога во релациите со другите институции – впрочем, другите елементи на културата влијаат врз религијата исто како што религијата влијае на другите елементи на културата. Религијата не постои во изолација, ниту, пак, религиското однесување на човекот се случува во општествена изолација. Во која било форма на општествена организација, религијата е една од позначајните варијабли кои треба да се земат предвид.“ (Ibid., p. 77)

Религиската инволвираност на црквата во општествените релации има влијание скоро врз сите сфери на општеството, вклучувајќи ја и политиката како една од најпроминентните области на човечкиот живот и како сегмент на општеството кој директно влијае врз секојдневието на луѓето, преку процесот на носење политички одлуки.

Зошто религиските стандарди постојано се наоѓаат на врвот во процесот на нормирање на односите во кое било општество? Одговорот изгледа се наоѓа во фактот што религијата како институција е во единствена позиција, штом само таа има „џокер“ со кој се наметнува да го диктира однесувањето на луѓето преку т.н. натприродни, универзални, вечни санкции. И така, нормите кои се востановени и пропагирани од страна на религијата и преку кои се добива санктификација, имаат специјална сила, особено за индивидуите или групите кои ќе го прифатат религискиот елемент во истите тие норми...Затоа штом

религијата обезбедува натприродни дефиниции кои се прифатени од страна на групата и се инкорпорираат во моралот на групата, тогаш религијата веќе дејствува како моќен „општествен елемент", кој служи за зачувување на општествениот ред во групата и обесхрабрување на општествената дезорганизација. (Ibid., p. 80)

Социолошката религиска мисла ја има прифатено влијателната улога на религијата, на црквата и на верата. Религиските фактори стануваат сериозен играч во политичкиот живот на општествата.

„Процедурата на Бела[3] е да ги идентификува и разграничи трите типови на дејствување, со кои се занимаваат социолозите на религија. Најпрво, ја имаат разбрано религијата како централен проблем на општествената акција. Второ, го имаат поврзано религискиот фактор со други варијабли како што се државата, економијата, политичкиот живот и класниот систем. И трето, религијата им ставила на располагање систем на институции, организации, и улоги кои станале објект на екстензивни социолошки истражувања."[4]

Исто така има и мислења кои тврдат дека улогата на религијата во општествата е прецeнета.

„Се застапува тезата дека социологијата на религија досега била многу преокупирана со религијата во институционалниот контекст на црквите и деноминациите, а во суштина фокусот на социологијата на религија треба да се прошири за да опфати нови форми на верувања и посветеност, кои служат при целта да се одржи чувството за реалност и конзистентноста, потребна за стабилно одржување на секојдневниот живот."[5]

## Теоретски постулати

„Социологијата, според Моберг, не е можно да не содржи сама по себе, принципи на морални вредности. Тој ги гледа како доблести оние вредности кои тој ги застапува, а листата на таквите вредности вклучува правда, љубов, понизност, интегритет, визија, и објективност."[6]

Вебер е еден од основачите на социологијата како наука. Тој беше заинтересиран за прашањето на инволвираноста на организираната религија и црковните деноминации во општествениот живот генерално, а особено во економската сфера.

„...Ригорозноста, влијателноста и зголемената виталност на современата религија во Америка ја потврдуваат Веберовата хипотеза за различните економски однесувања на католиците и протестантите."[7]

Весли и методистичкото движење постигнаа значајно обликување на британското и американското општество, како резултат на исчекор во напредокот после реформацијата.

[3] Bellah, Robert N. (1968).*"Sociology of Religion";International Encyclopedia of the Social Science 3*.Edited by David L. Sills. New York: Macmillan and Free Press,p. 406-414

[4] Homan, Roger(1986). *"The Sociology of Religion: A Bibliographical Survey"*.New York: Greenwood Press, p. 36

[5] Berger, Peter L. and Luckmann Thomas.(1963).*"Sociology of Religion and Sociology of Knowledge"*.Sociology and Social Research 47, p. 417-427

[6] Morbeg, David O. (1978).*"Presidential Adress: Virtues for the Sociology of Religion"*. Sociological Analyses 39, p. 1-18

[7] Lenski, Gerhard. (1961).*"The Religious Factor: A Sociological Study of Religion's Impact on Politics, Economics and Family Life"*. New York:Doubleday

Стјуарт го анализира „...влијанието на методизмот врз општествената и политичката промена“ и донесува позитивни заклучоци во врска со влијанието на методизмот врз општествените промени и севкупниот развој на општествата.[8]

Религијата и политиката слеани една со друга можат да предизвикаат прогрес, но можат исто така и да предизвикаат проблеми и конфликти. Во која и да е смисла, има меѓусебно влијание помеѓу двете, и конекцијата и односите помеѓу овие два проминентни сегменти на општеството се очигледни.

Хамонд тестира „...подиректна врска помеѓу теологијата и политиката од аспект на улогата на обновата која ги трансформираше религиските ориентации, кои своевремено беа релевантни за прашањето на робовладетелството.“[9]

Мартин дава коментар, „...во врска со моралните доблести на корпоративните субјекти, особено за црквата и државата – онака како што досега ги афектираат етичките аспекти на политичките одлуки и проучување на тензијата помеѓу корпоративните етички морални вредности наспроти индивидуалниот носител на одлуки.“[10]

Вебер го анализира влијанието на религиските сили и интензитетот со кој тие имаат импакт врз квалитативната експанзија на духот на моралните вредности низ светот... како и корелациите помеѓу формите на религиски верувања и практичната етика.[11](Weber, 1930; p. 277)

„Сфаќањето на повисок повик во суштина беше продукт на реформацијата,“ истакнува Вебер и се фокусира на „евалуација на исполнување на обврските во овоземните случувања, како највисока форма на морално-етичка активност која една индивидуа може да ја оствари.“ (Ibid., p. 168)

Вутхновите емпириски истражувања се стремат да отворат простор за поинтензивни истражувања во сите сфери на животот вклучувајќи ги и политиката и стилот на живот, а исто така и религијата. (Ibid., p. 253)

Религијата игра одредена општествена улога, и дава оправдување за постапките како и легитимност на навиките, обичаите, и општествените уредувања... Затоа, религијата има и општествена и индивидуална димензија. (Ibid., p. 273)

Оттука, социологијата на религија овозможува отворен простор за научен пристап при откривањето на основите врз кои општеството гради и развива општествени односи.

Таканаречените „градители на царството“ имаат претензија да се окарактеризираат себеси, како со песимизам кон сегашниот поредок, така и со оптимизам дека е возможно да се случи фундаментална промена кон подобро. Понекогаш

---

[8] Andrews, Stuart. (1970).*“Methodism and Society”;* London:Longman

[9] Hammond, John I. (1974).*“Revival Religion and Antislavery Politics”*. American Sociological Review 39, p. 175-186

[10] David, Martin. (1973).*“Ethical Commentary and Political Decision”*. Theology 76, p. 525-531

[11] Hamilton, Malcolm. (2001).*“The Sociology of Religion: Theoretical and Comparative Perspectives”*.2nd Edition. London:Routledge, p. 165-166

се верува дека во основа злобните човечки суштества ќе се трансформираат во основа, во совршени човечки суштества коишто [на база на таа совршеност] ќе живеат во небесното општество, а понекогаш се верува и дека базично лошото општество ќе се промени во општество со базично небесни карактеристики, и оттука, таквото општество ќе дозволи да се појават [морално, етички, и карактерно] совршени индивидуи.[12]

Не постои идеално општество, исто како што не постојат идеални меѓучовечки односи. Единствениот идеал којшто му беше понуден на човештвото, на самиот почеток на созданието, во Еденската градина, не резултираше со успех, поради погрешниот пристап на човекот кон животот. Ништо се нема сменето до денес. Современиот човек и општеството во целина сè уште имаат погрешен пристап кон животот. Политиката, исто така, сè уште го има истиот погрешен пристап, сè уште е доминирана од страна на себични интереси, алчност за моќ, желба за влијание врз другите, себичност. Христијанските вредности и доблести се исчезнати од јавната сцена. Прашањето е дали политичките науки или социологијата на религија можат да дадат соодветен и задоволителен одговор на овој развој на настани.

„Политиката вклучува три елементи кои било која издржана теорија мора да ги земе предвид: интереси, акција и последици. Политичките интереси се најнереални, вклучувајќи ги и нивните објективни и нивните субјективни компоненти како што се акцијата или вниманието... Политичкиот субјект и видот на интерес кој религијата го има во него... може да биде културен или организациски, економски или владин/правен. Така, политичкиот живот на напредните општества е насочен во владините и правните институции...“ (Ibid., p. 6)

Кога зборуваме за христијанска теологија и политика, се мисли на библиски заснован етички морал во политиката. Некои се обидуваат да го пропагираат овој сегмент во нивните истражувања преку еден вид на мапирање на етичко морален поредок во општеството,[13] со цел да се искористи религијата за да се обезбеди некој вид на морален компас...за општеството, дури и во конфликтни ситуации. (Ibid., p. 381)

За целта на овој труд ќе ја анализираме демократијата како политички систем, заедно со нејзините севкупни достигнувања. Прашањето е дали постулатите на напредната форма на демократскиот систем се извлечени од некакви морални основи, или се едноставно научно достигнување базирано на емпириски искуства.

Компетитивниот и партиципативниот модел на демократија, како моментално најнапредната форма на политичка организација, има многу потенцијал за понатамошно позитивно профилирање и модифицирање на политичкиот систем.

[12] Shupe, Anson and Jeffrey K. Hadden (Editors).(1988).*“The Politics of Religion and Social Change: Religion and the Political Order”* Vol. 2. New York: Paragon House, p. 36

[13] Dillon, Michele. (2003).*“A Handbook of the Sociology of Religion”.* Cambridge, England: Cambridge University Press, p. 331

Политичките партии се доминантна форма преку која овој потенцијал може да добие шанса да се ефектуира. Луѓето како политички суштества се групираат на база на нивните вредности и нивните политички гледишта профилирани низ политичкиот процес, нешто коешто политичките науки го нарекуваат „политичка социјализација.“ Овој процес на социјализација овозможува соодветно обликување на одреден вид на политичка култура.

Оние коишто се политички и морално етички профилирани се адаптираат на или придонесуваат кон етаблирање, градење, и развивање на одредена политичка идеологија, која тие самите ја сметаат за потенцијално најдобра да постане премиса за подобрување или модификација на постојниот политички систем.

Емпириски потврден факт е дека не постои општество и политички поредок кој успешно се стреми кон прогрес и просперитет без да биде заснован на одреден сет на морални вредности и доблести.

Демократијата и политичкиот модел којшто произлегува од неа, беше откриена со цел да се постави индивидуата во центарот на политичкото внимание, и колку што е можно повисоко на општествената хиерархија. Оваа цел треба да биде постигната преку инвенцијата за владеење на мнозинството, т.е. мала избрана група треба да владее во име на мнозинството. Прашањето е дали е ова воопшто можно, без постоењето на добро етаблирани морални основи на општеството, базирани на морални вредности и доблести коишто се поволни и посакувани од страна на целото општество.

Друго прашање кое треба да биде поставено во овој контекст е следново: За каков тип на вредности и доблести говориме? Од каде извираат и дали сме сигурни дека точно тие вредности и доблести се вистинскиот патоказ?

„Каква било експлорација на етичкиот морал мора да вклучи потрага по изворот на моралната обврска.“[14]

За Кант, постоењето на Бог е постулат на моралниот закон. Оттука, тој верува дека религијата, конкретно верувањето во постоењето на Бог не е потребно, за да се има теоретска основа за моралноста, напротив, потребно е да се има практична основа за истата. Понатаму тој вели дека, доколку Бог е илузија, тогаш вредностите и доблестите се илузии, исто така. Со цел некој да поверува во својот сопствен дигнитет и во совршеноста/квалитетот на сопствената душа и душите на другите луѓе, тој најпрво мора да верува во супериорните принципи на почит и совршеност, кои во суштина извираат од Бог и неговата форма, во која сме создадени.[15]

[14] Burns,Robert P.(2008).*“OntheFoundationsandNatureofMorality”*.HarvardJournalofLaw&PublicPolicy, p. 13

[15] Janet,Paul. (2010; re-print 1884).“*ElementsofMorals-WithSpecialApplicationoftheMoralLawtotheDutiesoftheIndividualandofSocietyandtheState”*.Charleston:NabuPress,p. 311

## Дефиниција на проблемот

Генерално прифатениот поим за слободата е дека слободата е човечко достигнување кое потекнува од иманентната потреба на човекот да го прави она кое што го сака на база на она кое што сам го смета за добро и исправно. Слободата практикувана на овој начин води до анархија и хаос во општеството.

Од спротивна страна, според христијанскиот концепт на слобода, кога општеството живее без каква било морална норма во центарот на своето функционирање, се појавува ситуација во која секој го прави со сопствениот живот она коешто го сака или што било од она што го перципира како добро и корисно за себеси.

Политичките слободи се еден од основните критериуми на демократските системи.

Оттаму, погрешното разбирање на концептот на слободата, и отсуството на морално вредносен модел на комуникација, од една страна, како и порозноста на демократијата како систем во смисла на покажување дискреционо самоволие на малцински избраните политички елити на власт кои дејствуваат во име и за сметка на мнозинството, од друга страна, водат кон бројни несовршености т.е. пропусти во функционирањето на демократијата како политички систем.

Многубројните дисторзии создадени преку несовршеното функционирање на демократијата, т.е. практикување на своеволност со премногу дискрециони права за избраните политички елити на власт, ја наметнува потребата од сериозна и длабока критичка научна евалуација на демократијата, со цел поттикнување на процес за модификација на истата. Крајната политичка и општествена цел не може да биде постигната на таков начин на арбитрарно, неконтролирано практикување на демократијата.

## Генерална цел

Целта на овој труд е да се поттикне проактивно размислување помеѓу редовите на академската и политичката елита во врска со потенцијалот кој морално вредносниот корпус го има во процесот на градење и развивање на политичка култура, и соодветно на тоа да се поттикне и соодветна модификација на политичките идеологии кои „de facto“ ги профилираат модалитетите на демократијата.

Преоцената е дека ваквиот пристап е од сериозна важност по севкупниот општествен развој и поконкретно за политичкиот систем, дека профилирањето на институциите на политичкиот систем потребно е да бидат засновани на база на солидни „бенчмарк“ вредности кои би биле гаранција дека одредени морални стандарди ќе бидат „изгравирани“ во политичките идеологии, и кои дополнително би создале нови општествени вредности и оттаму понатамошен прогрес во општеството и личен развој за секоја една индивидуа.

## Моралниот стандард и демократијата

Емпириски потврдена реалност е дека високоразвиените западни демократии се најпросперитетни демократии во светот. Тие ги заземаат првите места на врвот на сите референтни научни истражувања и индексации, особено во областа на социоекономските перформанси, исто така и во поглед на демократските достигнувања на политичките поредци. Како дополнителен аргумент, може да се цитира финалниот извештај на демократски достигнувања на земјите низ светот за 2013, издаден од страна на „Freedom House“ (2013).[16]

Доколку ги анализираме фундаментните основи врз кои овие нации и држави се постулирани, секако ќе дојдеме до заклучокот дека тоа се општества кои се речиси целосно базирани на морални вредности, изградени врз Христијанскиот концепт на правда и правичност, милост и добрина, слобода и еднаквост пред Бог, општества со висок степен на вреднување на индивидуите како што се истите перцепирани низ „Божјите очи.“ Повеќето од овие доблести и принципи се вбризгани во нормативните структури на нивните општества. Норвешка, Обединетото Кралство и САД со право се сметаат за главни демократии и најголеми пропоненти на демократскиот систем, но се исто така и проминентни примери копирани од страна на многу нации и држави. [повеќе кај: Ристовски (2009)]

Основните категории во сетот на политичките права и граѓански слободи, соодветно на тоа слободни и фер изборни процеси, политички плурализам, учество во и пристап кон политичкиот процес за сите заинтересирани групи, како и отворено и транспарентно функционирање на владата, се во суштина екстрахирани од споменатите морално вредносно базирани основи.

Слободата на изразување и практикување на религија, вклучувајќи го и сетот на религиски слободи и права, слободата на здружување, владеењето на правото, личната автономија и индивидуалните права, се исто така вклучени во тој сет на граѓански слободи.

Ваквите наведени перформанси на демократијата се прифатени од најголемиот дел на нации и држави низ светот. Во едно истражување на УНЕСКО (1951), спроведено од страна на многу истражувачи во тоа поле, дојдено е до заклучокот дека демократијата е систем којшто ветува и дава надеж, и систем којшто е генерално, пријателски прифатен помеѓу најголемиот број нации.[17]

Едно од главните својства на демократијата е практиката на т.н. „популарна контрола врз политичарите“, и ова е првиот и основен принцип на демократијата. Институционалното етаблирање на овој принцип, универзално се смета за неделив од модерните демократии, преку чинот на одбирање изгласани политички претставници на соодветни, однапред определени временски интервали. (Mayo, 1960; p. 246 +)

---

[16] FreedomHouse; *“Freedominthe World 2013”*<http://www.freedomhouse.org/sites/default/files/FIW%202013%20Booklet%20%20for%20Web_0.pdf>

[17] UNESCO, Paris (1951).*“Democracyin a World ofTensions”,* p. 526-530 <http://unesdoc.unesco.org/images/0013/001335/133513eo.pdf>

Но, секако нема простор ни за идеализирање на демократијата. Демократијата, иако сметана за досега ненадминат политички систем, сепак е во зона на сериозна потреба од длабока критичка опсервација на истата.[18]

Во својот труд, Липинкот прави осврт на моменталните критики на постојните модели на демократија. Според него, дел од критиките се осврнуваат на условите под кои демократијата содржи доза на некомпетентност, понатаму демократијата многу бавно се придвижува кон разрешување на конфликти, притоа дозволувајќи отворен простор за постпонирање на преземени акции, владини политики кои се претопуваат во бескрајни политички дебати со константно одложување на процесот на носење одлуки, потоа има премногу предизборно калкулирање, непотребно политизирање, и сл., така што и во ситуации кога се појавува потреба за брзи одговори и реакции од страна на институциите во општеството, демократијата не ги дава очекуваните  и потребни резултати.

Липинкот ја смета демократијата за систем кој е поволен и кој нуди повеќе предности за помали системи, но не и за опција која е подготвена да се носи со предизвиците и комплексноста на глобалниот свет. Демократијата не може позитивно да одговори на прашањето за ефективно лидерство, т.е. во креирањето на поволни услови за компетентни и вистински морално доблесни лидери. Другите негативни импликации на демократијата се тврдењата дека демократијата овозможува отворен простор за институционализирана корупција, измама, и организирани криминални активности, особено преку дозволените дискрециони права на избрани политички партиски елити, дозволува девијации на хипокризија, чести скандали, итн. Некои критичари реферираат кон фактот што граѓаните се во конфузна ситуација и не можат потполно да ги разберат комплексностите на менаџирање на владините јавни политики, ниту пак методите и операционализацијата на истите. Резултатот е изневерување на моралните очекувања на граѓаните, создавање на сè поголема апатија помеѓу електоратот и појава на опасноста од загрозување на целиот систем. (Ibid.)

Во сите овие критики, очигледно се пресликува дефиницијата на политиката како борба за што поголема моќ, интерес, и влијание во општеството, борба за попривилегирана позиција во истото.

Во подоцнежниот случај, христијанскиот светоглед е дека дури и во случај на веќе постоечки идеален систем и легислатива која строго ограничува какви било дискрециони злоупотреби, сепак сè уште нема да бидат задоволени сите можности за аморално однесување на одредени индивидуи, во главно поради грешната природа на човекот. Според библискиот концепт, човекот се раѓа во грев, и живее во грешно телесно опкружување. Единствениот начин да се прекине овој круг на проклетството на гревот е преку вера во Бог и втемелување на длабоки морални премиси во срцата на индивидуите и во основите на политичкиот поредок.

[18] Benjamin E. Lippincott. (1938).*"VictorianCriticsofDemocracy: Carlyle, Ruskin, Arnold, Stephen, Maine, Lecky"*.London:H. Milford, OxfordUniversityPress,

Лорд Актон рекол: „Моќта корумпира, а апсолутната моќ апсолутно корумпира.“[19]

Со цел да се справиме со проблемите на политиката ќе мора да ги проследиме внимателно моралните компоненти на теоријата, исто така.[20]

Политичките науки ги етаблирале водечките принципи во политичката теорија на демократијата. (Held, 2006), (Heywood, 2000; p. 125), (Heywood, 2004; p. 221), (Sorensen, 2008), (Dahl, 2003).

Друго прашање е кој би можел воопшто да тврди, во име и за сметка на општеството, што е мудро а што не е, и да го одреди вистинскиот извор на мудрост кој е потребен за соодветно и успешно носење на одлуки.

Сетот на критичка анализа на научната политичка мисла во оваа област е следнава:

- најпрво, мнозинството носи политички одлуки преку нивните претставници, во рамката на политичките слободи. Овие слободи се земаат здраво за готово, и се есенцијална компонента на демократијата. Што се случува во случај кога оние кои се мнозинство со владејачка моќ започнат да ги узурпираат политичките права и слободи, или кога легитимната опозиција исчезнува од политичката сцена, доброволно или не? Дали системот ќе остане демократски, и покрај тоа што постои случај на јасно прекршување на неговите основни принципи? ;
- друг проблем кој произлегува е постоењето на значајно малцинство или опозициска партија која ги користи или е способна да ги злоупотреби политичките слободи со цел да ја урне демократијата;
- секој од овие принципи може да биде нарушен во процесот на операционализација.

Џон Морлеј ја дефинира демократијата како систем во кој врховната контрола на машинеријата на власта е предадена на одредено обемно мнозинство во општеството.[21]

Карит верува дека демократијата е влада на целокупното општество преку мнозинството, генерално етаблирана преку избрани претставници на тајно гласање на возрасните граѓани.[22]

Томас Пајн верува дека најдобрата влада треба да има најмала авторизација за владеење – помалку владеење е подобро владеење. Оваа дефиниција се базира на разликите во перцепција на државата и општеството. Општеството постои со цел да ги поддржи и промовира индивидуалните вредности и доблести во луѓе-

[19] Dalberg-Acton, John Emerich Edward and J. Rufus Fears (Editors).(1988).*“Selected Writings of Lord Acton”*. Vol. 3: Essays in Religion, Politics, and Morality; Liberty Fund, Inc.

[20] Wollheim, R.(1958).*”Democracy”*. (reprint) Journal of the History of Ideas XIX, p. 225-242

[21] Morley, John. (1923).*“Oracles on Man and Government”*.London:Macmillan and co. Ltd.

[22] Mayo, H.B.(1960). *“An Introduction to Democratic Theory”*.New York: Oxford University Press, p. 150

то, додека, пак, државата постои за превенција, контрола, и казнување на злото заедно со сите негови својства и пороци.

Вебер верува дека со ставање на принципот на послушност на прво место, протестантскиот аскетизам ги има поставено основите на специјалниот историски карактер на модерната демократија на нациите, под влијание на пуританизмот, и сето ова е поинаку од претходните основи поставени во латинскиот дух.[23]

Според Мајо, во една демократија, само рационален консензус може да егзистира и му е потребен договор базиран на вредности... моралниот императив на демократија се наметнува како сериозно добра алатка за постигнување на овие цели. (Ibid., p. 305)

Основното барање за целосно и конзистентно постигнување на објективите на ефективно и ефикасно функционирање на демократијата како модел н политички систем, во сите нејзини елементи, е моралниот императив и вредносен постулат кој е изведен од единствениот емпириски потврден извор на знаење и божествена премудрост дадени преку откровение на пишано слово, а коешто содржи доволно промисла за да внесе ред и мир во хаосот на постојните интраопштествени релации, особено во областа која што најдиректно влијае врз квалитетот на животот на индивидуите и нациите во целост.

## Заклучоци

Демократијата како политички систем е едно од најголемите достигнувања во историјата на организираните држави. Релевантното прашање коешто треба да биде понатаму соодветно анализирано и одговорено е прашањето зошто човештвото чекало толку долго за да испрофилира приближно пристоен модел на организирано општество во форма на демократија. Зошто на човештвото му биле потребни неколку милениуми за да луѓето го сфатат, го прифатат и го применат, најдобро што било можно во дадените околности, концептот за почит кон другиот, за предност на корисноста во однос на другиот, како врховен стандард на градење и организирање општества?

Сè додека има општоприфатена перцепција и третман на политиката според макијавелистичкиот концепт на непомирливата борба за приграбување на повеќе моќ, влијание и интереси само за себеси, концепт чиишто цели се строго ориентирани кон личните задоволства и интересите на мали групи и сè додека разбирањето на Макијавели и неговото карактеризирање на владетелот како „лисица“ и „лав“, истовремено е присутна во сфаќањата на политичките научници и политичарите, сè дотогаш демократијата ќе заостанува зад вистинските потреби на општеството.

[23] Weber, Max. (2002).*“The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism”.*London:Penguine Books

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Andrews, Stuart. (1970). *"Methodism and Society";* London: Longman
2. Bellah, Robert N. (1968). *"Sociology of Religion";International Encyclopedia of the Social Science 3.*Edited by David L. Sills. New York: Macmillan and Free Press
3. Benjamin E. Lippincott. (1938).*"VictorianCriticsofDemocracy: Carlyle, Ruskin, Arnold, Stephen, Maine, Lecky".*London: H. Milford, Oxford University Press
4. Berger, Peter L. and Luckmann Thomas.(1963). *"Sociology of Religion and Sociology of Knowledge".*Sociology and Social Research 4
5. Bonta, Steve. (2003).*"MoralityMatters: IfAmericaContinuestoShedtheValuesofHerJudeo-ChristianHeritage, SheWillSurelyFollowAncientRomeintoBondage. FreedomCannotLongCoexistwithMoralDepravity",*TheNewAmerican 19
6. Burns,Robert P. (2008).*"OntheFoundationsandNatureofMorality".*HarvardJournalofLaw&PublicPolicy
7. Dalberg-Acton, John Emerich Edward and J. Rufus Fears (Editors). (1988). *"Selected Writings of Lord Acton".* Vol. 3: Essays in Religion, Politics, and Morality; Liberty Fund, Inc.
8. David, Martin. (1973). *"Ethical Commentary and Political Decision".* Theology 76
9. Dillon, Michele. (2003). *"A Handbook of the Sociology of Religion".* Cambridge, England: Cambridge University Press
10. Fukuyama, Francis. (1999).*"Howtore-moralizeAmerica".*TheWilsonQuarterly23
11. Hamilton, Malcolm. (2001). *"The Sociology of Religion: Theoretical and Comparative Perspectives".* 2nd Edition. London: Routledge
12. Hammond, John I. (1974). *"Revival Religion and Antislavery Politics".* American Sociological Review 39
13. Homan, Roger (1986). *"The Sociology of Religion: A Bibliographical Survey".* New York: Greenwood Press
14. Janet,Paul. (2010; re-print 1884).*"ElementsofMorals- With Special Application of the Moral Law to the Duties of the Individual and of Society and the State".* Charleston: NabuPress
15. Lenski, Gerhard. (1961). *"The Religious Factor: A Sociological Study of Religion's Impact on Politics, Economics and Family Life".* New York: Doubleday
16. Mayo, H.B. (1960). *"An Introduction to Democratic Theory".* New York: Oxford University Press
17. Morbeg, David O. (1978). *"Presidential Adress: Virtues for the Sociology of Religion".* Sociological Analyses 39
18. Morley, John. (1923). *"Oracles on Man and Government".* London: Macmillan and co. Ltd.
19. Pieper, Joseph. (1966).*"The Four Cardinal Virtues".* Notre Dame: University of Notre Dame Press
20. Shupe, Anson and Jeffrey K. Hadden (Editors). (1988). *"The Politics of Religion and Social Change: Religion and the Political Order"* Vol. 2. New York: Paragon House
21. Vernon, Glenn M. (1982). *"Sociology of religion".*New York: McGraw-Hill

22. Weber, Max. (2002). *"The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism"*. London: Penguine Books

23. Wollheim, R. (1958). *"Democracy"*. (reprint) Journal of the History of Ideas XIX

24. Ристовски, Љупчо. (2009). *"Тајната на просперитетните нации". Скопје: Маран ата*

## Internet sources and documents

1. FreedomHouse;*"Freedominthe World 2013"*<http://www.freedomhouse.org/sites/default/files/FIW%202013%20Booklet%20%20for%20Web_0.pdf>

2. UNESCO, Paris (1951).*"Democracyin a World ofTensions",* p. 526-530 <http://unesdoc.unesco.org/images/0013/001335/133513eo.pdf>

323.285:179.7]:355.45:321.7(100)
Прегледен научен труд

# САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ – ЗАКАНА ПО НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА СОВРЕМЕНИТЕ ДЕМОКРАТСКИ ДРЖАВИ

**Кире ЈАНЕВ**[1]
**Методија ДОЈЧИНОВСКИ**[2]
**Ненад ТАНЕВСКИ**[3]

**Апстракт**:*Еден од најголемите предизвици во 21 век е борбата против тероризмот. Тероризмот е дизајниран да предизвикува страв, паника и секако публицитет помеѓу народните маси заради остварување на своите цели. Карактеристично за терористичките напади на почетокот на 21 век е појавата на самоубиствениот тероризам. Ако се земе предвид големиот број на терористички напади извршени токму од терористи-самоубијци и огромните човечки жртви и материјални штети кои што ги предизвикува, станува јасно дека самоубиствениот тероризам претставува една од најголемите закани по националната безбедност и опстанокот на државите. Самоубиствениот тероризам ескалира во области во кои се изведуваат борбени дејствија или во држави со слаба политичка власт. Меѓутоа најновите терористички напади кои што се случија во Франција и во Белгија укажуваат на тоа дека терористичките организации се подготвени да го користат самоубиствениот тероризам на кој било дел од Земјината топка, како најефикасна алатка за остварување на нивните геополитички и економски цели.*
*Во овој труд мисловната претпоставка, главната хипотеза, се заснова на тврдењето дека самоубиствениот тероризам како глобален феномен кој преку своето делување предизвикува огромни човечки жртви, во отсуство на стратегија за негово неутрализирање од страна на современите демократски држави, претставува основна алатка за постигнување на целите на глобалните религиозни милитантни организации.*

**Клучни зборови**: *самоубиствен тероризам, национална безбедност, закана, терористички организации.*

## Вовед

Во минатото самоубиствениот тероризам не бил честа метода при извршувањето на терористички напади. Познати по самоубиствениот тероризам биле Тамилските Тигри,

[1] Авторот е магистер и вработен во АРМ
[2] Авторот е вонреден професор на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје
[3] Авторот е доцент на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје

но тоа не било вообичаена тактика. Кон крајот на 20 и почетокот на 21 век сведоци сме на сè поголемиот број на терористички напади во кои главната улога ја има самоубиствениот тероризам кој станува една од главните методи при извршувањето на терористичките напади кај исламистичките терористички организации. Терористичките напади врз САД, самоубиствените напади во Ирак, Авганистан, нападите од чеченските терористи -познатите „црни вдовици", нападите во Турција, Франција, Белгија и голем дел од другите најголеми терористички напади, што се извршени при крајот на претходниот и почетокот на 21 век па до денес се извршени токму од вакви терористи-самоубијци. Еден од најголемите терористички напади извршени од бомбаши самоубијци се нападите врз касарните на американската и француската војска во Бејрут 1983 година. Самоубиствениот тероризам е доста често користен, а најголем и најпознат е терористичкиот напад врз САД 2001 година, овој тероризам продолжува и во Ирак, Авганистан, Сирија, Либија, во последно време се префрла и на територијата на Европа. Пример за тоа ни се терористичките напади во Франција и Белгија. Самоубиствениот тероризам стана доста ефикасна метода за која нема ефективна одбрана. Д-р Рамадан Шалах генерален секретар на „Палестинскиот исламски џихад" во една прилика истакнал[4]: **„Нашите непријатели го поседуваат најсовременото оружје на светот, а нивната војска е многу добро обучена, ние нема со што да се бориме против нападите и убиствата врз нас, освен со оружјето како што е маченииштвото. Лесно е, и не чини само со сопствените животи, овие луѓе бомби не можат да бидат поразени со ништо па ниту со нуклеарни бомби".**

Карактеристично за овој вид тероризам е тоа што секоја операција е многу едноставна и евтина бидејќи не се прават планови за тоа како и каде да се нападне а да животот на терористот не се доведе во опасност, не се бараат алтернативни патишта при повлекување, нема опасност од тоа дека ако го уапсат терористот тој ќе предаде важни информации, а исто така ако се изврши на право место и во право време ефектот од овој напад е неминовен.

## Поим и причини за појава на самоубиствениот тероризам

Самоубиствените напади претставуваат целна употреба на самоуништувачки лица против перципираниот непријател за политички цели[5]. Самоубиствен бомбашки напад е смртоносно насилство, во кое што е вклучено самоубиство на извршителот насочено против перцепираниот непријател со цел да се предизвика страв и да се поткопа способноста на државата за одржување на јавниот ред[6]. Смртта на извршителот претставува клуч на успехот на извршителот на нападот, и тој однапред знае дека успехот во потполност зависи од неговата смрт[7]. Терористите

[4] Кире Јанев.( 2013).Појавни облици на тероризам на глобално ниво, необјавен магистерски труд, ФОН, Скопје, 46.

[5] Тања Милошевска.( 2013). Глобален самоубиствен тероризам, Современа македонска одбрана, бр.24 ,Скопје,74.

[6] Riaz Hassan.(2011). Suicide bombings, Taylor & Francis e-Library,New York, p.18, достапно на http://sacredartichoke.com/latarsha/Nonfiction%20Ebook%20Pack%20January%202012%20PHC/Suicide.bombings.Riaz.Hassan.9780415588867.pdf [26.03.2016].

[7] *Зоран* Крстић,Суицидни бомбашки напади исламистичких терористичких организација, достапно на http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2014-leto/66-2014-2-17-Krstic.pdf[пристапено на 26.03.2016].

самоубијци се суперпредатори. Тие убиваат огромен број на невини луѓе во секој напад[8]. Поимот на самоубиствениот убиец се приспособува точно на природата на делото: да се убиеш себеси предизвикувајќи смрт кај противниците, со цел да се добие поволна промена на односот на материјални и морални сили во рамки на конфликтот[9].

Причините за самоубиствениот тероризам се поделени во три поголеми групи:

- Првата категорија за самоубиствениот тероризам ги опфаќа личните карактеристики и мотиви на сторителот.
- Втората категорија ги објаснува самоубиствените терористички напади како инструменти и стратегиско оружје од страна на спонзорирани организации кои ја претставуваат послабата страна во асиметричните конфликти. Претставува бенефит за политички организации кои ги користат на два начина: Прво за присила на противникот, и за давање предност на една организација во однос на својот ривал во смисла на поддршка од гласачкото тело.
- Третата категорија се фокусира на општествените услови. Овие услови можат да вклучуваат угнетувачка окупација на „татковината" од страна на еден моќен непријател. Окупацијата се карактеризира со политиките и практиките да се девалвира културата, кодот на честа на предметната група создавајќи чувство на понижување. Тоа може да го поттикне растот на социјални движења кои што не се институционализирани, спонтани социјални сојузи кои го изразуваат своето незадоволство[10].

Може да се каже дека постои и четврта категорија која ги опфаќа амбициите на одредени терористи за создавање на една светска исламска држава. Таков пример е „Исламската држава" на Ирак и Левант (ИСИС), која зафаќа дел од Сирија, Ирак, а во последно време своите дејствија ги проширува и во делови од Африка, а започна и со извршување на самоубиствени терористички напади и на територијата на Европа.

Ако се изврши преглед на терористичките организации во периодот од 1982-2015 година, ќе забележиме дека за најголемиот број на самоубиствени терористички напади причина е мотивацијата да се одговори на воената интервенција, односно на воената окупација на територија која што терористите ја сметаат за своја татковина. Така на пример, „Хамас" има за цел да ги протера израелските сили од окупираните територии, „Хезболах" настанал како реакција на навлегувањето на израелските сили на територијата на Либан, „Курдската работничка партија" се бори за создавање на сопствена држава на териториите

[8] Robert A. Pape, James K. Feldman.(2010). Cutting the fuse,The university of chicagopress , Chicago, p.7

[9] Жерар Шалијан, Арно Блин(2009). Историја на тероризмот, Табернакул, Скопје ,422.

[10] Riaz Hassan.(2011). Suicide bombings, Taylor & Francis e-Library,New York, 2011.p.35достапнонаhttp://sacredartichoke.com/latarsha/Nonfiction%20Ebook%20Pack%20January%202012%20PHC/Suicide.bombings.Riaz.Hassan.9780415588867.pdf [пристапено на 26.03.2016].

на Турција, Сирија и Ирак, „Ал каеда“ настанала како одговор против советската окупација на Авганистан, а потоа против американската воена интервенција во оваа држава, ИСИС настана по воената интервенција од страна на САД врз Ирак и соборувањето на Садам Хусеин од власт, при што распуштањето на ирачките сили за безбедност доведе да илјадници обучени и незадоволни војници и полицајци останат на улица[11]. Тој хаос станал идеална почва за присоединување на радикалните сунитски групи да се соединат под името „Исламска држава“[12].

## Социопсихологија на водачите и терористите-самоубијци

Саможртвувањето се разликува не само по културите туку и по околностите. Муслиманската традиција го забранува самоубиството. Во „Куранот“ воопшто не се споменува. Се верува дека Мухамед изјавил дека кој било што сам ќе си го одземе животот дека ќе го испроба огнот на пеколот а вратите од рајот засекогаш ќе му останат затворени[13]. Кругот на мачеништво и самоубиствената техника е карактеристична за шиитскиот огранок на исламот, за разлика од исламот кој го забранува самоубиството како чин кој води кон пекол и проклетство[14]. Психологот од универзитетот од Тел Авив – Ариел Мерари извршила сеопфатна студија на самоубиствениот тероризам. По проучувањето на повеќе од 50 муслимански самоубијци од „Хезболах“, „Амала“ и секуларните просириски организации во Либан, како и „Хамас“ и „Палестинскиот исламски џихад“ во Израел, дошла до заклучок дека не постои единствен психолошки или демографски профил на терористот-самоубиец[15]. Нејзините резултати од истражувањето наведуваат на заклучок дека интензивните конфликти произведуваат неколку типови на луѓе со потенцијална желба да се жртвуваат за општите цели. Понатаму, Мерари се држи на ставот дека ниедна организација не може кај луѓето да ја предизвика желбата за смрт. Работата на луѓето кои ги врбуваат терористите самоубијци не е да предизвикаат таква желба, туку да идентификуваат склоност на самоубиство помеѓу регрутите и да ја зголемат[16]. Тие често ја користат верската мотивација и ги индоктринираат идните бомбаши, користејќи ги нивните убедувања да ги зголемат самоубиствените мотиви кои постоеле и порано. Но и други силни мотиви ја зацврстуваат склоноста кон самоубиство како што се: патриотизам, омраза кон непријателот и чувството на виктимизираност[17]. Психолошкиот профил открива

[11] www.rudaw.net/english/middleeast/09022015 [пристапено на 18.03.2016].

[12] Ибид.

[13] Samoubilacki terorizam достапно на: file:///C:/Users/kiro/Downloads/SP%C5%BD%20%20 Samoubila%C4%8Dki%20terorizam.pdf,76 [пристапено 17.05.2016]

[14] Митко Котовчевски.(2004). Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, Скопје ,72.

[15] Razumni fanatici достапно на https://www.bhdani.ba/portal/arhiva-67-281/223/t22313.shtml[пристапено на 21.05.2016].

[16] Ибид.

[17] Ибид.

дека терористите-самоубијци се разликуваат, исто како и мотивите поради кои се борат. Така, издвојуваме неколку типа психолошки профили[18]:

- „Хамас“ и „Палестинскиот исламски џихад“ ги користат мачениците (шехидите) во борбата против Израел. Тие, пред сè, се мажи, верници, неженети и невработени, со средно образование, стари помеѓу 18 и 27 години. Многумина од нив ги изгубиле своите роднини или пријатели.
- Припадниците на „Тамилските тигри“ се млади, неженети и невработени, социјализирани во општествениот и културниот живот, каде се воздигнуваат жртвувањата и се слават многубројните мртви херои.
- Од петнаесет луѓе во последните пет години кои ги извршиле самоубиствените напади во името на „Курдистанската работничка партија“, само четворица извршители не се жени. Овие многу млади девојки имаат помеѓу 17 и 27 години, не се вработени и се со низок степен на образование, без оформена професија, со потекло од сиромашни и големи семејства од рурални, традиционални средини .

Во своето истражување за самоубијци и психопати Мелој и Мек Елштрим ги забележуваат сличностите помеѓу двете групи и тоа: голема самобендисаност, емоционална бесчувствителност, недостаток на каење и наклонетост да се вклучат во криминално однесување[19].

Нема многу литература во која што се пишува за лидерите-водачите на терористичките организации. Стренц се обидел да изгради психолошки портрет на терористички лидер. Овие лидери се цврсто посветени, сомнителни и високо мотивирани. Таа или тој своите грешки и недостатоци им ги препишува на оние што не се согласуваат со нив. Лидерот е убеден во својата праведност и основното зло на оние кои му се спротивставуваат. Лидерот е посветен но не како лажлива или параноична личност. Таа или тој не е ментално болен[20]. Важно е да се сфати дека колективната мобилизација речиси секогаш се развива под импулси на водечка група, предводена од харизматичен или пророчки лидер[21]. Харизмата може да се дефинира како талент, способност да ги залаже следбениците да го следат. Тој успева колективно да ги убеди следбениците да веруваат во неверојатни нешта.

Според едно друго толкување пак, постојат две категории на водачи: инспиратори и инструктори[22]. Првите се далечни, опкружени со некоја трагична длабока почит. Тие ја инкарнираат и ја кажуваат каузата. Вторите се обучувачи од близина, обучувачи на корпусот на доброволците за смртта. Тие создаваат непре-

[18] Дојчиновски М. Петрески Д. & Ѓозо Ќ.,(2011). Самоубиствените напади – новото лице на тероризмот, Современа македонска одбрана, бр.20 ,Скопје.

[19] Jordan Maile, Tali K. Walters, J. Martin Ramirez, and Daniel Antonius, Aggression in terrorism, достапно на: http://eprints.ucm.es/9995/2/353_CSP-Chapter_02.pdf.[ пристапено на 05.07.2016].

[20] Randy Borum.(2004).Psychology of Terrorism, University of South Florida,60.

[21] Joseph L. Soeters.(2005). Ethnic conflict and terrorism, Routledge,94.

[22] Жерар Шалијан, Арно Блин.(2009). Историја на тероризмот, Табернакул, Скопје 448.

кинат синџир, постојано заменуван, кој дава услов за постоење на доброволците за смртта[23]. Водачите ретко потекнуваат од сиромашните средини, туку напротив, тие главно припаѓаат на привилегираните слоеви на општествата од третиот свет, кои се во развој веќе две или три генерации. Интелигентни и многу учени, тие се делат меѓу слободните професии, лекарите, наставниците и свештеничката каста[24].

**Материјали и методи**

Прикажувањето на статистичките податоци за самоубиствениот тероризам е насочено кон добивање на слика за динамиката на самоубиствените напади, како и неговата ефикасност, односно предизвикувањето на големи човечки жртви. Во секој случај многу е тешко и речиси неизводливо да се презентираат прецизни податоци за вкупниот број на самоубиствени терористички напади и жртвите на терористичките напади не само поради неговата голема распространетост, туку и поради фактот што голем дел од овие напади се случуваат на територии зафатени со војна, од каде што не може да се добијат прецизни податоци за бројот на загинати и повредени. Во овој труд се презентирани статистичките податоци од универзитетот во Чикаго, преку проектот за безбедноста и тероризмот (CPOST)[25]. Во трудот се врши презентација и секундарна анализа на веќе добиените податоци, за бројот на самоубиствени терористички напади во периодот од 1982 до 2015 година, број на жртви и повредени од овие терористички напади, како и податоците за терористичките организации кои го користат самоубиствениот тероризам. Податоците се во функција на аргументација на претпоставките дека: самоубиствениот тероризам предизвикува огромни човечки жртви, и самоубиствениот тероризам станува глобален феномен и сѐ повеќе се користи од страна на терористичките организации за постигнување на своите цели.

## Резултати и дискусија

Анализата на податоците започнува со табеларен приказ на податоците каде што се прикажани вкупниот број на самоубиствени терористички напади во периодот од 1982 до 2015 година, вкупниот број на жртви и повредени во овие напади како и просечниот број на мртви и ранети во еден напад. Со анализа на податоците ќе се воочи дека во периодот од 1982 до 2015 година се извршени 4814 самоубиствени терористички напади, во кои што напади вкупно 48 465 лица го изгубиле животот, а дури 122 606 се повредени, односно просечно по еден самоубиствен терористички напад животот го изгубиле 10,1 а повредени се 25,5 лица. Резултатите упатуваат на тоа дека претпоставката дека самоубиствениот тероризам

[23] Ибид.449.

[24] Ибид.449.

[25] Riaz Hassan.(2011). Suicide bombings, Taylor & Francis e-Library,New York, 2011.p.35достапно наhttp://sacredartichoke.com/latarsha/Nonfiction%20Ebook%20Pack%20January%202012%20PHC/Suicide.bombings.Riaz.Hassan.9780415588867.pdf [ пристапено на 26.03.2016].

предизвикува огромни човечки жртви, е точна и дека тоа е зло што носи огромни загуби, како во однос на жива сила, така и во однос на материјалните ресурси.

| | |
|---|---|
| Вкупно самоубиствени терористички напади | 4.814 |
| Вкупно загинати | 48.465 |
| Вкупно повредени | 122.606 |
| Просечен број на мртви на еден напад | 10.1 |
| Просечен број повредени на еден напад | 25.5 |

**Табела бр. 1 Вкупен број на самоубиствени терористички напади во периодот од 1982 2015 годна[26]**




**Графикон бр.1. Број на самоубиствени терористички напади и жртви на годишно ниво во периодот 1982-2015 година**

Во период од 34 години просечниот број на самоубиствени терористички акти е 142 годишно, додека пак просечниот број на загинати е 1425 годишно. Најголем број на самоубиствени терористички напади во една година биле 551 во 2014 година, додека пак најмногу загинати во една година е 6105 во 2007 година.

[26] Извор: http://cpostdata.uchicago.edu/search_results_new.php [пристапено на 24.03.2016]

## Терористички организации кои што го користат самоубиствениот тероризам

Со оглед на ефикасноста што ја има самоубиствениот тероризам и постигнувањето на основната цел на тероризмот, а тоа е предизвикување на паника, страв и несигурност помеѓу луѓето, огромен е бројот на терористички организации коишто го користат самоубиствениот тероризам. Терористичките организации го користат самоубиствениот тероризам систематски само доколку нивната заедница (во некои случаи држава странски клиент) ја одобрува неговата употреба.[27] Нападот врз светскиот трговски центар односно нападот врз САД е без сомнение најпознатиот и најголемиот самоубиствен терористички напад во светот. Вкупниот биланс на загинати од овие напади е 2997[28]. Одговорноста за нападите му се припишува на Осама бин Ладен и неговата „Ал каеда", иако тоа не беше никогаш докажано. Според базата на Чикашкиот проект за безбедноста и тероризмот (CPOST)[29] од вкупно 103 терористички организации дури 95 терористички организации или 92,23% го користеле самоубиствениот тероризам како метода за постигнување на своите цели. Овие терористички организации извршиле вкупно 2449 самоубиствени терористички напади во кои што имало 27.625 загинати и 73.115 повредени лица, додека пак на 2365 самоубиствени терористички напади не е позната припадноста на извршителите. Само 8 терористички организации или 7,77% не го користеле самоубиствениот тероризам како метода за остварување на своите цели.

| N | group name | attacks | killed | wounded | lethality |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1920 Revolution Brigade | 2 | 10 | 19 | 5 |
| 2 | Abdullah Azzam Brigades | 6 | 115 | 860 | 19,2 |
| 3 | Aden-Abyan Army | 1 | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Ahrarul-Hind | 1 | 9 | 43 | 9 |
| 5 | Aisha Umm-al Mouemeneen | 1 | 27 | 226 | 27 |
| 6 | Al Madina Regiment | 1 | 2 | 7 | 2 |
| 7 | Al-Aqsa Martyrs Brigade | 38 | 93 | 973 | 2,4 |
| 8 | Al-Haramayn Brigades | 1 | 6 | 148 | 6 |
| 9 | Al-Jaysh al-Islami li Tahrir al Amaken al Muqaddasa | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Al-Mourabitoun | 1 | 3 | 16 | 3 |
| 11 | Al-Qaeda Central | 11 | 344 | 5871 | 31,3 |

[27] Rational fanatics достапно на:http://foreignpolicy.com/2009/11/20/rational-fanatics/ [пристапено 17.05.2016]

[28] Адријан Гелке.(2009). Новата ера на тероризмот, Магор, 10.

[29] Chicago project on security &terrorism достапно на:http://cpostdata.uchicago.edu/search_new.php[ пристапено на 24.03.2016].

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Al-Qaeda in Iraq | 103 | 1050 | 2273 | 10,2 |
| 13 | Al-Qaeda in the Arabian Peninsula | 21 | 370 | 454 | 17,6 |
| 14 | Al-Qaeda in the Land of the Islamic Maghreb | 20 | 216 | 1058 | 10,8 |
| 15 | al-Qanoon | 1 | 12 | 51 | 12 |
| 16 | Al-Shabaab | 58 | 566 | 645 | 9,8 |
| 17 | Amal | 2 | 103 | 101 | 51,5 |
| 18 | AmjadFarooqi Group | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Ansar al-Islam | 1 | 5 | 9 | 5 |
| 20 | Ansar al-Mujahedin | 3 | 10 | 36 | 3,3 |
| 21 | Ansar al-Sharia | 4 | 158 | 367 | 39,5 |
| 22 | Ansar al-Sunna | 27 | 318 | 1376 | 11,8 |
| 23 | Ansar Beit al-Maqdis | 9 | 69 | 345 | 7,7 |
| 24 | Arab Egyptian League | 1 | 30 | 0 | 30 |
| 25 | Arab Resistance Movement - Al-Rashid Brigades | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 26 | Arab Socialist Ba'ath Party - Lebanon | 4 | 38 | 32 | 9,5 |
| 27 | Armed Struggle Group | 1 | 115 | 28 | 115 |
| 28 | Army of Palestine | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 29 | BabbarKhalsa International | 1 | 18 | 30 | 18 |
| 30 | Benghazi Revolutionaries Shura Council | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 31 | Boko Haram | 17 | 165 | 598 | 9,7 |
| 32 | Caucasus Emirate | 6 | 116 | 398 | 19,3 |
| 33 | Chechen Republic of Ichkeria | 9 | 59 | 111 | 6,6 |
| 34 | Egyptian Islamic Jihad | 1 | 17 | 60 | 17 |
| 35 | Fatah al-Islam | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 36 | Free Sunni Brigade | 1 | 3 | 4 | 3 |
| 37 | Free Syrian Army | 1 | 4 | 3 | 4 |
| 38 | GazotanMurdash group | 1 | 41 | 120 | 41 |
| 39 | Great Eastern Raiders Front | 4 | 56 | 693 | 14 |
| 40 | HAMAS | 67 | 448 | 2561 | 6,7 |
| 41 | Hezbollah | 5 | 15 | 69 | 3 |
| 42 | Hizb-i-Islami | 7 | 36 | 93 | 5,1 |
| 43 | Hizbal Islam in Somalia | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 44 | Hizbul Mujahedin | 3 | 8 | 45 | 2,7 |
| 45 | Iraqi Government | 1 | 4 | 0 | 4 |
| 46 | Islambouli Brigades of Al Qaeda | 1 | 8 | 48 | 8 |
| 47 | Islamic Army in Iraq | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | Islamic Front (Syria) | 2 | 35 | 50 | 17,5 |
| 49 | Islamic Jihadist Union | 1 | 2 | 5 | 2 |
| 50 | Islamic Movement of Uzbekistan | 6 | 17 | 121 | 2,8 |
| 51 | Islamic Pride Brigades in the Land of the Nile | 1 | 3 | 18 | 3 |
| 52 | Islamic Resistance | 2 | 7 | 11 | 3,5 |
| 53 | Islamic State | 181 | 1932 | 3875 | 10,7 |
| 54 | Islamic State - Hijaz Province | 1 | 15 | 9 | 15 |
| 55 | Islamic State of Iraq | 103 | 1374 | 3947 | 13,3 |
| 56 | Islamic State of Iraq and Syria | 99 | 928 | 2221 | 9,4 |
| 57 | Islamic Unity Brigades | 2 | 34 | 171 | 17 |
| 58 | Jabhatan-NuбNoJrah li-Ahl ash-ShДЃm | 44 | 539 | 1198 | 12,3 |
| 59 | JaishAnsar al-Sunnah | 5 | 93 | 285 | 18,6 |
| 60 | Jaish-e-Muhammad | 5 | 70 | 139 | 14 |
| 61 | Jama'at Al-Tawhid Wa'al-Jihad | 24 | 341 | 1078 | 14,2 |
| 62 | Jamaa Al-Islamiya Al-Alamiya | 2 | 34 | 171 | 17 |
| 63 | JamaatAnsarullah | 1 | 2 | 25 | 2 |
| 64 | Jamaat-ul-Ahrar | 4 | 23 | 86 | 5,8 |
| 65 | JamaatulMujahideen Bangladesh | 2 | 11 | 67 | 5,5 |
| 66 | Jemaah Islamiya | 1 | 10 | 180 | 10 |
| 67 | Jihad Islami | 1 | 3 | 11 | 3 |
| 68 | Jund al-Islam | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 69 | Jund al-Sham | 1 | 1 | 12 | 1 |
| 70 | Jundullah (Iran) | 4 | 123 | 273 | 30,8 |
| 71 | Jundullah (Pakistan) | 5 | 129 | 132 | 25,8 |
| 72 | Karwan-e Naimatullah | 1 | 22 | 50 | 22 |
| 73 | Kurdistan Workers Party | 9 | 33 | 119 | 3,7 |
| 74 | Lashkar-e Islam | 1 | 6 | 52 | 6 |
| 75 | Lashkar-e Jhangvi Al-almi | 14 | 259 | 638 | 18,5 |
| 76 | Lashkar-e Taiba | 2 | 0 | 0 | 0 |
| 77 | Lebanese Communist Party | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 78 | Lebanese Islamic Jihad (Hezbollah) | 6 | 389 | 302 | 64,8 |
| 79 | Lebanese National Resistance Front | 9 | 155 | 66 | 17,2 |
| 80 | Liberation Tigers of Tamil Eelam | 48 | 463 | 858 | 9,6 |
| 81 | LiwaAhrar al-Sunna | 1 | 4 | 7 | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 82 | Movement for the Oneness and Jihad in West Africa | 5 | 4 | 56 | 0,8 |
| 83 | Mujahedi Masr | 2 | 47 | 400 | 23,5 |
| 84 | MujahideenShura Council | 9 | 69 | 146 | 7,7 |
| 85 | Mujahideen Youth Movement | 3 | 10 | 0 | 3,3 |
| 86 | Nusra and Jihad Group in Greater Syria | 2 | 21 | 120 | 10,5 |
| 87 | Palestinian Islamic Jihad | 37 | 135 | 900 | 3,6 |
| 88 | Partisans of the Sunni | 1 | 14 | 23 | 14 |
| 89 | Popular Front for the Liberation of Palestine | 11 | 26 | 270 | 2,4 |
| 90 | Popular Resistance Committees | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 91 | Revolutionary People's Liberation Party/Front | 2 | 2 | 7 | 1 |
| 92 | RiyadusSalikhiin | 11 | 260 | 667 | 23,6 |
| 93 | Shumukh al-Islam | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 94 | Soldiers of the Prophet's Companions Group | 1 | 35 | 122 | 35 |
| 95 | Syrian Social Nationalist Party | 8 | 58 | 50 | 7,3 |
| 96 | TajamoAnsar al Islam | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 97 | Taliban (IEA) | 601 | 2547 | 6250 | 4,2 |
| 98 | Taliban (Pakistan) | 7 | 80 | 211 | 11,4 |
| 99 | Tehrik-i-Taliban Pakistan | 122 | 1628 | 3981 | 13,3 |
| 100 | TeyrГЄbazГЄnAzadiya Kurdistan | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 101 | Turkistan Islamic Party | 1 | 5 | 38 | 5 |
| 102 | Unknown Group | 2365 | 20840 | 49491 | 8,8 |
| 103 | Vanguard of Arab Christians | 1 | 5 | 24 | 5 |
| 104 | YekineyenParastina Gel | 1 | 24 | 0 | 24 |

**Табела бр.2 Број на самоубиствени терористички напади извршени од страна на терористичките организации[30]**

Најмногу самоубиствени терористички напади имаат извршено Талибаните 601, па следува ИСИС (заедно со своите афилијации кои го имаат зборот „Исламска држава“ во своето име) 384, „Ал каеда“ (заедно со своите афилијации кои го имаат „Ал каеда“ зборот во своето име) 155, „Хамас“ 67, „Ал шабаб“ 58,

[30] Извор: http://cpostdata.uchicago.edu/search_results_new.php [пристапено на 24.03.2016 година].

„Тамилските тигри“ 48. Самиот факт дека дури 95 терористички организации или 92,23% го користеле самоубиствениот тероризам, податокот дека најмногу самоубиствени терористички напади извршиле: Талибаните, ИСИС, „Ал каеда“, „Хамас“, „Ал Шабаб“ и „Тамилските тигри“, односно моментално најголемите и најактивните терористички организации, ја потврдува нашата претпоставка дека самоубиствениот тероризам станува глобален феномен, и сè повеќе се користи од страна на терористичките организации за постигнување на своите цели. Методите на користење на самоубиствениот тероризам од страна на терористичките организации се различни, па така: „Хезболах“ ги користел автомобилите и камионите со експлозив во нападите на добро утврдени цели, „Хамас“ и „Палестинскиот исламски џихад“ ги праќале бомбашите-самоубијци меѓу цивилите[31]. Нападите пак, на „Ал каеда“ на Светскиот трговски центар и други цели во САД уште еднаш докажаа колкав дијапазон на можности носи со себе овој вид терористички напади. Последните години поточно од 2000 година палестинските исламистички терористички организации: „Палестински исламски џихад“ и „Хамас“ за изведување на своите самоубиствени бомбашки напади ангажираат жени[32]. ИСИС за изведување на своите самоубиствени терористички акти користи браќа или луѓе кои се семејно поврзани бидејќи се покажало дека така нападите ќе бидат успешно изведени[33].




**Графикон бр. 2 Вкупен број на самоубиствени терористички напади во периодот 1982-2015 година**

[31] Зоран Крстич, Суицидни бомбашки напади исламских терористичких организација достапно на: http://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0042-8426/2014/0042-84261402288K.pdf,стр.292. [пристапено на 18.05.2016].

[32] Ибид.

[33] Постојат причини зошто ИСИС за самоубиствени напади користи браќа http://tocka.com.mk/1/190862/postojat-pricini-zosto-isis-za-samoubistveni-napadi-koristi-braka[пристапено на 18.05.2016].

Од претходниот графикон се забележува дека самоубиствениот тероризам во 21 век бележи зголемен интензитет и се наметнува како сериозна закана.

Исто така и анализата на податоците од Табелата бр.4 упатува на тоа дека самоубиствениот тероризам станува глобален феномен. Дури во 45 држави се случиле самоубиствени терористички напади во приодот 1982 – 2015 година.

| n | country | attacks | killed | wounded | lethality |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Afghanistan | 969 | 4356 | 10881 | 4,5 |
| 2. | Algeria | 23 | 263 | 1380 | 11,4 |
| 3. | Argentina | 1 | 0,85 | 200 | 85 |
| 4. | Bangladesh | 2 | 11 | 67 | 5,5 |
| 5. | Bolivia | 1 | 2 | 10 | 2 |
| 6. | Bulgaria | 1 | 6 | 32 | 6 |
| 7. | Cameroon | 4 | 63 | 286 | |
| 8. | Chad | 5 | 59 | 263 | 11,8 |
| 9. | China | 6 | 14 | 115 | 2,3 |
| 10. | Djibouti | 1 | 1 | 15 | 1 |
| 11. | Egypt | 20 | 218 | 1025 | 10,9 |
| 12. | Finland | 1 | 6 | 100 | 6 |
| 13. | India | 15 | 123 | 243 | 8,2 |
| 14. | Indonesia | 7 | 30 | 448 | 4,3 |
| 15. | Iran | 7 | 133 | 295 | 19 |
| 16. | Iraq | 1797 | 17758 | 42583 | 9,9 |
| 17. | Israel | 97 | 577 | 3940 | 5,9 |
| 18. | Jordan | 3 | 57 | 120 | 19 |
| 19. | Kazakhstan | 1 | 1 | 0 | 1 |
| 20. | Kenya | 1 | 200 | 5000 | 200 |
| 21. | Kuwait | 3 | 36 | 300 | 12 |
| 22. | Lebanon | 60 | 962 | 1572 | 16 |
| 23. | Libya | 28 | 130 | 238 | 4,6 |
| 24. | Mali | 13 | 25 | 89 | 1,9 |
| 25. | Mauritania | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 26. | Morocco | 6 | 1 | 12 | 0,2 |
| 27. | Niger | 1 | 1 | 14 | 1 |
| 28. | Nigeria | 104 | 1315 | 2471 | 12,6 |
| 29. | Pakistan | 433 | 4966 | 11722 | 11,5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Palestinian Territory, Occupied | 51 | 64 | 301 | 1,3 |
| 31. | Qatar | 1 | 1 | 12 | 1 |
| 32. | Russia | 76 | 726 | 2268 | 9,6 |
| 33. | Saudi Arabia | 8 | 48 | 335 | 6 |
| 34. | Somalia | 88 | 747 | 888 | 8,5 |
| 35. | Sri Lanka | 72 | 987 | 3223 | 13,7 |
| 36. | Sweden | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 37. | Syria | 146 | 1735 | 2887 | 11,9 |
| 38. | Tajikistan | 2 | 6 | 53 | 3 |
| 39. | Tanzania | 1 | 10 | 74 | 10 |
| 40. | Tunisia | 2 | 21 | 0 | 10,5 |
| 41. | Turkey | 28 | 144 | 1133 | 5,1 |
| 42. | Ukraine | 3 | 5 | 7 | 1,7 |
| 43. | United States | 1 | 1 | 13 | 1 |
| 44. | Uzbekistan | 6 | 12 | 24 | 2 |
| 45. | Yemen | 83 | 1028 | 1497 | 12,4 |

**Табела бр.3 Број на извршени самоубиствени терористички напади според државите во кои се извршени**

Најголемиот број од самоубиствени терористички напади (над дваесет) се сконцентрирани во следните петнаесет држави: Ирак 1797, Авганистан 969, Пакистан 433, Сирија 146, Нигерија 104, Израел 97, Сомалија 88, Русија 76, Шри Ланка 72, Либан 60, Окупираната Палестинска територија (претставува дел од Израел) 51, Турција 28, Либија 28 и Алжир 23. Загрижува податокот дека терористичките организации ги прошируваат своите дејства и надвор од нивните зони на интерес, со што допринесоа да и најстабилните и најсигурните држави веќе не се безбедни, и се под постојани закани од извршување на терористички напади, во кои главната улога ја имаат токму терористите самоубијци.

## Заклучок

Самоубиствениот тероризам станува актуелна метода на терористите, кој постојано расте, достигнувајќи ја својата кулминација во 21 век. Имајќи предвид дека ги исполнува целите на терористите (огромен број на жртви, предизвикува страв, несигурност кај цивилното население), и е многу едноставен и евтин, тешко се открива, нема можност за добивање на информации од извршителите бидејќи тие ги губат своите животи во акциите, сигурно е дека ваквиот тренд на употреба на терористите-самоубијци од страна на терористичките организации ќе продолжи да се користи како една од најефикасните

методи за постигнување на нивните цели. Во прилог на сето ова одат и неодамнешните терористички напади во Франција, Германија, Белгија, Турција, Пакистан. Врз основа на претходно наведеното и од индикаторите кои ги изведовме преку елементарната анализа може да фундираме логична основа за утврдување на одреден степен на основаност и веројатност на поставената хипотеза. Победата на денешната генерација на самоубиствени терористи очигледно ќе биде тешка, но истражувањата во оваа област имаат сериозна општествена оправданост. Како прво, можеме да заклучиме дека иако воено делување како мерка може привремено да го наруши работењето на терористичката организација, ретко во целост ја елиминира заканата. Исто така, „градењето на доверба", преку делумни или целосни отстапки кон справувањето на заканата од страна на Западните демократии, може да предизвика одолговлекување и можност за прегрупирање и поткопување на поддршката од двете страни. Заканата од самоубиствениот тероризам против Западните демократии е активна веќе две децении, а актуелните стратегии и политики за справување со истата очигледно немаат голем ефект. За справување со истата од клучно значење е зајакнување на пограничната контроли и имиграцијата, во поддршка на офанзивна воена акција против милитантните терористички организации. Во исто време, потребна е стратегија која на долг рок ќе ги избалансира односите и интересите на Западните сојузници на Блискиот исток, и потребата за нивна вмешаност во регионот. Овие мерки можеби не се совршено конечно решение, но дефинитивно ќе ја намалат оправданоста на терористичките организации кон нивните следбеници за извршување на терористички напади.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Кире Јанев.(2013). Појавни облици на тероризам на глобално ниво, необјавен магистерски труд, ФОН, Скопје.
2. Тања Милошевска.( 2013). Глобален самоубиствен тероризам, Современа македонска одбрана, бр.24 ,Скопје.
3. Riaz Hassan.(2011). Suicide bombings, Taylor & Francis e-Library,New York, p.18, достапно на http://sacredartichoke.com/latarsha/Nonfiction%20Ebook%20Pack%20January%20 2012%20PHC/Suicide.bombings.Riaz.Hassan.9780415588867.pdf [пристапено на 26.03.2016].
4. *Зоран* Крстић,Суицидни бомбашки напади исламистичких терористичких организација, достапно на http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2014-leto/66-2014-2-17-Krstic.pdf[пристапено на 26.03.2016].
5. Robert A. Pape, James K. Feldman.(2010). Cutting the fuse,The university of chicagopress.
6. Жерар Шалијан, Арно Блин(2009). Историја на тероризмот, Табернакул, Скопје .
7. Razumni fanatici достапно на https://www.bhdani.ba/portal/arhiva-67-281/223/t22313.shtml[-пристапено на 21.05.2016].
8. Дојчиновски М. и Петрески Д. & Ѓозо Ќ.,(2011). Самоубиствените напади – новото лице на тероризмот, Современа македонска одбрана, бр.20 ,Скопје.
9. Jordan Maile, Tali K. Walters, J. Martin Ramirez, and Daniel Antonius, Aggression in terrorism, достапно на: http://eprints.ucm.es/9995/2/353_CSP-Chapter_02.pdf.[ пристапено на 05.07.2016].

10. Randy Borum.(2004).Psychology of Terrorism, University of South Florida.

11. Joseph L. Soeters.(2005). Ethnic conflict and terrorism, Routledge.

12. Rational fanatics достапно на:http://foreignpolicy.com/2009/11/20/rational-fanatics/[пристапено 17.05.2016]

13. Адријан Гелке.(2009) Новата ера на тероризмот, Магор.

14. Chicago project on security &terrorism достапно на:http://cpostdata.uchicago.edu/search_new.php[ пристапено на 24.03.2016].

15. Постојат причини зошто ИСИС за самоубиствени напади користи браќа http://tocka.com.mk/1/190862/postojat-pricini-zosto-isis-za-samoubistveni-napadi-koristi-braka[пристапено на 18.05.2016].

355.231:378.091.214(4)
Стручен труд

# ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА ПОЧЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОФИЦЕРИТЕ

**Златко КУЗМАНОВ**[1]

**Апстракт**: *Со цел да се подготват идните воени лидери да работата на нивните должности во нови сложени околности, кои се обременети со нови предизвици и закани, повеќето воени и одбранбени високо образовни институции во ЕУ се одлучија да ги интензивираат напорите и активностите за делумно заедничко образование и обучување на идните млади офицери. Тоа се постигнува со размена на воени студенти и наставниот кадар. Идните офицери и членовите на научните, академските или менаџерските тимови, се очекува да бидат повеќе отворени за спознавање на нови култури, за стекнување на нови знаења и да помогнат како тоа да биде подостапно во националните наставни програми. Почетните напори кои произлегоа од „Европската иницијатива за размена на млади офицери инспирирана од ЕРАСМУС“, наречена ЕМИЛИО, прераснаа во активности за хармонизација на системот, со цел тој да биде покомпатибилен за размена.*

**Клучни зборови**: *заедничко образование, размена, млади офицери, кадети, модули, линии на развој, семестар.*

## Вовед

По неполни три декади од воспоставувањето на ЕРАСМУС Програмата[2], повеќе од 4000 високообразовни институции се членови од овој договор и повеќе од 2.750.000 студенти и 300.000 професори учествувале во нејзините активности.

Со Комуникето од Ловен, потпишано на 29 април 2009 година, од страна на министрите за високо образование на државите-членки на Европската унија (ЕУ), искажана е јасна определба до 2020 година, најмалку 20% од оние што ќе дипломираат во високото образование во европската област, да имаат одреден период студирано или обука во странство.[3]

---

[1] Авторот е доктор на науки од областа на одбраната и вработен во Министерството за одбрана на РМ

[2] Програмата ЕРАСМУС (European Region Action Scheme for the Mobility of University Students) е програма за размена на студенти на ЕУ воспоставена во 1987 година. ЕРАСМУС + или ЕРАСМУС Плус е нова програма која ги опфаќа сите постојни програми за образование, обука, за млади и спорт и која започна во јануари 2014 година. European Commission, Education and Training. The Erasmus Programme and the new Erasmus for All Higher Education, Brussels 2013.

3 http://www.ond.vlaanderen.be/bologna/conference/Leuven Louvain-la-Neuve Communiqu A9 April 2009. (пристапено 24.02.2014).

Поширока рамка за остварување на така дефинираната цел, овозможува Болоња процесот кој започна во 1999 година. Овој процес ја постави основата за создавање на „Европска област на високото образование“, со главна цел да се обезбедат поспоредлив, покомпатибилни и кохерентни системи во високото образование во Европа. Комплементарно, сите високообразовни институции беа препознаени како една европска сцена, каде е обезбеден пристап кон програмите за финансиска поддршка, давајќи им можност да ја развијат размената на студенти и персонал. Во меѓувреме, 47 европски држави се приклучија на Болоњскиот процес.

Основата за интернационализацијата на високото образование на младите офицери, произлегува од начелата и принципите на Заедничка европска и безбедносна политика, која е водилка за државите-членки на ЕУ да презема конкретни чекори за интензивирање на меѓународната соработка во областа на военото образование.

Институциите за академско воено образование го искористија искуството од мерките кои се преземаат преку Програмата ЕРАСМУС, да создадат дополнителни воени и специфични инструменти. Така, во месец ноември 2008 година, министрите за одбрана на земјите-членки на ЕУ потпишаа Декларација „Европска иницијатива за размена на млади офицери инспирирана од ЕРАСМУС“, наречена „Иницијатива“ или „Меѓународен воен форум за размена на млади офицери – ЕМИЛИО.“[4] Целта на Иницијативата е зајакнување на интероперабилноста на армиските сили и промоција на Европската безбедносна и одбранбена култура.

## Европска иницијатива за размена на млади офицери, инспирирана од Ерасмус-EMILIYO

Европската иницијатива за размена на млади офицери, инспирирана од Ерасмус, (во понатамошниот текст „Иницијатива“) е прва од таков вид и се гради врз темелите на постојниот основен систем за образование и обука, на неговите институции и на неговите респектабилни индивидуални и колективни достигнувања. Министерската декларација[5] како основа за Иницијативата, брзо обезбеди развој на интероперабилноста во основната офицерска обука, со должна почит за специфичните национални особености и традиции. Според тоа, почетните мерки кои се предложени не се гледаат како обид за стандардизирање на наставната програма, туку само како начин/пат за намалување на разликите кои можат да ја попречуваат мобилноста на студентите и наставниот персонал. Способноста на европските вооружени сили да работат заедно стана одлучувачки фактор за подготовка и водење на мултинационални воени операции. Тоа повлекува зголемување

[4] EMILYO -Exchange of military young officers. Размената на млади воени офицери е воспоставена на 10. ноември 2008 година, за време на францускотo претседавање со ЕУ. Министрите за одбрана од 27 држави го подржаа основањето на иницијативата „Акциска шема на Европската заедница за мобилност на студентите на универзитетите“. Извор: http://www.emilyo.eu/. Пристапено на 23.06.2014 година.

[5] Council conclusions on the ESDP, Statement on the European Young Officers Exchange Scheme, Modelled on Erasmus, Brussels 10 and 11 November 2008. Извор: Sylvain Paile-Calvo (2015):”Europeanising the initial officer education:some challenges, many opportunities”.

на соработката помеѓу земјите-членки и на полето на образованието на младите офицери. Иницијативата треба да обезбеди младите офицери од европските држави да имаат можност да ја продолжат нивната основна обука во други земји-членки, бидејќи процедурите се различни; опремата е различна и има различни параметри.

Интероперабилноста и интеркултурните компетенции треба да им помогнат на младите идни офицери да знаат што можат да очекуваат од военото образование во другите земји. На тој начин ќе се промовира мобилност на студентите и на наставниот персонал и се олеснува заедничкиот пристапи кон обуката на младите офицери во Европа[6] Поимот „млади офицери" е преземен од дефиницијата која е утврдена во рамките на Групата за имплементација. Според оваа дефиниција поимот „млади офицери"[7] се однесува на питомците/кадетите кои се во завршна фаза на образование, пред да бидат промовирани во чин, на младите офицери на нивните почетни должности во рамките на вооружените сили , како и на офицерите до ранг на армиски капетан или еквивалент во видовите и службите на вооружените сили.

За постигнување на целите на Иницијативата се спроведуваат повеќе мерки и активности.

Првиот дел се однесува на мерките кои треба да бидат преземени на ниво на Европа. Заедничките мерки на академската и стручната обука, вклучуваат споредба на вештините кои треба да ги поседуваат кадетите во националните програми, создавање на база која содржи програми од Воените академии, формулирање барања за областите кои ќе се променат и идентификација на препреките за остварување на овие промени. Од академски поглед, препораките од Декларацијата ги развиваат модулите за обука за Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и поврзаните прашања за меѓународната безбедност, како и прашањата за олеснување на пристапот кон учењето на далечина засновано на интернет. Целта е да се прошири опсегот на курсеви кои се понудени од институциите, особено на полето на образованието за ЗБОП. Декларацијата исто така повикува на развивање на Кредит трансфер системот, како Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)[8], на Линиите/правците на развој што се понудени од академското образование и механизмите за поддршка на размената за воено-стручната обука.

**Вториот дел** од препораките се однесува на државите-членки и на нивните воени институции. Главно се однесува за имплементација на Болоњскиот

[6] Ref: Council of the European Uniot, Council Conclusions on the ESDP, 2903rd External Relations Council Meeting, Brussels 10th and 11th November, 2008, page.2.

[7] Col Dr. Harald GELL (2014).:„Europeanising the initial Officers' Curriculum Some Challenges – many Opportunities (Visions from the operational Aspect)".

[8] Кредит трансфер систем е заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем, кој овозможува: опис на обврските(оптовареноста) на студентот или обемот на обврските за завршување на студии; Валоризација на завршениот обем на студии и споредба на достигнувањата од учењето и нивен пренос од една на друга високообразовна установа, во која кредитот го изразува квантитетот на работата што ја бара студиската програма во однос на вкупниот квантитет на работата што се бара за да се заврши академската година на студии.

процес: Државите-членки се повикани да ги воведат сите мерки и инструменти понудени со процесот и целосно да ги признаат образовните стандарди во другите земји-членки. Покрај тоа, тие се повикани да ја поттикнат мобилноста на студентите и наставниот персонал и да промовираат учење на странски јазици, со задолжително учење на два странски јазици во нивните институции.

Набрзо по Декларацијата, претставници на институциите од земјите-членки на ЕУ и од Европскиот колеџ за безбедност и одбрана, се сретнаа во Групата за имплементација[9]. Членовите на Групата за имплементација започнале со креирање на платформа за комуникации и информации[10] и прилагодување на рамката на договорот, со цел да се олесни примената на постојните програми за мобилност преку воените образовни институции и за создавање дополнителни можности за размени во краток временски период. Таквиот модел на договор ги зема во предвид и специфичните национални особености на припадниците на армиите, како што е дисциплината и одговорностите за носење на оружје, при склучувањето на договорите/меморандумите за размена помеѓу партнерските институции.

Следејќи ги истражувањата во високото воено образование во Европа, Групата за имплементација воведе нова група на „Линии на развој"[11] со намера да се постигне непречена мобилност.

Групата за имплементација како прво ја нагласи потребата за создавање на систем на кредити за признавање-систем на еквиваленција на резултатите од стручната обука при размената, иако праксата се разликува од една земја-членка во друга, од една институција во друга. Работната група издаде Водич за признавање, кој се заснова на кадетскиот „обем на работа".[12] Долгорочна цел, сепак е, да се стандардизира употребата на прифатен кредит систем, како ЕКТС, кој ги согледува резултатите од обуката како дополнителен фактор за обемот за работа.

Втората линија на развој се однесува на дефинирање на квалификациите понудени во военото образование и обука и нивна оперативна примена во однос на образовните резултати. За да се овозможи споредба помеѓу различни наставни програми на потенцијалните партнери, било потребно да се опишат со заеднички европски вокабулар посакуваните резултати од основното воено образовани и обука. Овој инструмент на заедничко разбирање ќе биде во форма на „Секторска квалификациска рамка за основно образование и обука на офицерите".

---

[9] Првиот состанок на Групата за имплементација (Implementation group) е оддржан на 19. Февруари 2009 година во Брисел, а до месец мај 2016 година Групата оддржала 30 состаноци. Групата за имплементација(IG) е потчинета на Европскиот колеџ за безбедност и одбрана (ESDC) и е составена од експерти од високи воено-образовни институции. Првиот предизвик на Група за имплементација бил да се дефинираат проблематичните области-Линии на развој кои мора да се решат, за да се олесни и да ја поттикне размената на ниво кадети и млади офицери.

[10] At the following address: www.emilyo.eu/.

[11] Sylvain Paile, European Military Higher Education Stocktaking Report, Brussels, Council of the European Union DG F Press, May 2010.

[12] Herald Gell, Users Guide Workloads Calculation of Non-Academic Basic Officer Education. Available: www.emilyo.eu. Пристепно 22.05.2016 година.

Групата за имплементација исто ја префрли базата на податоци со иницијативи од веб страницата, во актуелна платформа со информации за образовниот систем, за институциите и за нивната образовна политика и мобилност. Оваа платформа е наменета да стане важен инструмент за секојдневна размена на податоци и за информирање за военото високо образование во Европа.

Биле дефинирани активностите во медиумите за промоција на иницијативата во јавноста и за посебни целни групи на експерти и корисници во областа на воената мобилност. За таа цел бил создаден и Билтен за воените институции, а изработениот Компедиумот обезбедува детални информации за различните воени високо образовни институции кои постојат во Европа.[13]

Работните групи на Групата за имплементација исто така, ги истражуваат најдобрите практики на постојните програми за мобилност во високообразовниот систем во Европа, каква административна поддршка е потребна за практична примена на размената во рамките или надвор од овие програми. Во меѓувреме се развива заедничка програма за прашањата од заеднички интерес за вооружените сили во Европа и се развиваат и континуирано се доставуваат нови наставни материјали. Националните институции целосно се отворени за соработка и ги прилагодуваат нивните образовни модули за заедничко образование на младите офицери од Европа.

**Линии на развој/ Lines of Development**

| **ЛР Бр.** | **ЛР Назив** | **Опис/Цел** | **Решено/ Во тек** |
|---|---|---|---|
| 1. | Систем за еквиваленција | Затоа што во различни системи за основно/академско образование на офицерите, различни делови од образованието припаѓаат во академското или во стручното образование. Образованието стекнато во странство може да предизвика недоразбирања при признавањето. Усвоениот документ опишува како да се пренесе не-академското образование во ЕКТС и обратно. | Решено |
| 2. | Развивање на компетенции | Проблемот е во тоа што многу институции сеуште се само „влезно-ориентирани“ - што значи дека специјализираните знаења за одредени предмети се многу важни. Усвоениот документ опишува кои компетенции треба да ги имаат идните офицери – кадети, користејќи заеднички дескриптори. | Решено |

[13] Sylvain Paile (Ed.), Europe for the Future Officers, Officers for the Future Europe – Compendium of the European Military Officers Basic Education, Polish Ministry of National Defence, Department of Science and Military Education, Warsaw, September 2011.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Развој на Самостојно учење на далечина- СУД/ Independent Distance Learning-IDL | Подготовката за одредени оспособувања за да бидат поефикасни, треба да се изведуваат преку е-учење. Многу модули за СУД постојат, но потребно е да се надградуваат за да се постигнат целите при учење на далечина. | Во тек |
| 4. | Креирање на ИТ платформи | Платформите се потребни да се обезбеди пристап кон корисни документи, најновите информации и напорите во образованието на земјите членки на ЕУ (www.emilyo.eu).<br>Веб-страницата е активирана во 2015 година. | Решено |
| 5. | Поддршка на развојни механизми/ (Правни рамки) | Како да се справиме со административните и правни прашања кои се опишани во овој усвоен документ. Во принцип, офицерите - кадети од странство, треба да се третираат на ист начин како и сопствените. | Решено |
| 6. | Национална имплементација на Програмата | Националните власти и одговорните лица во врска со размената, треба да ја знаат Иницијативата и да ја поддржуваат. Постојат различни начини на пристап за да се исполни овој комуникациски проток, на пример, Википедија страници или билтен со сите понуди за размена, кој ќе се издава тромесечно. | Во тек |
| 7. | Целоживотно учење (LoD-Lifelong Learning) | Размената може да побарува дополнителни трошоци. Постојат можности да биде поддржана од страна на постојните програми за размена – како што е Еразмус + програмата.<br>Целоживотното учење треба да ги најде овие можности и да обезбеди информации за сите лица кои се одговорни за размена. | Во тек |
| 8. | Заеднички наставни модули | Заедничкиот модул се смета како важен за сите европски офицери/кадети - или за сите заеднички или поединечни служби. Откако ќе бидат донесени од страна на сите претставници на Групата за имплементација, Заедничките модули ќе бидат интегрирани во националните наставни планови. Притоа - чекор по чекор, европските наставни програми ќе се усогласат. Наредното поглавје ги прикажува сите актуелни Заеднички модули. | Во тек |

## Меѓународен форум на воени академии

Со цел интензивирање на напорите за спроведување на „Европската иницијатива за размена на млади офицери инспирирана од ЕРАСМУС", Воената академија „Theresan" од Австрија на петгодишнината од покренувањето на Иницијатива, организираше Меѓународен форум на воените академии.[14] Намерата е да се воспостават годишни интередисциплинарни разговори помеѓу претставници на воените академии, одбранбените универзитети и слични образовни институции, како платформа за академски дискурс, како и за заедничко промислување. Фокусот на ваквите форуми ќе биде на основната тема „Постигнување заедничка европска безбедносна и одбранбена култура".*Меѓународниот форум на Воени академии или скратено „ИМАФ 2013"* овозможи учесниците да ги пренесат претходните искуства, да ги констатираат организациските препреки и да дефинираат нови начини за идна соработка, во духот на Иницијативата.

Договорот кој е потпишан предвидува и во иднина да се организира блиска соработка помеѓу следните партнерски институции:

– Воената академија на копнените сили од Варшава, Полска;
– Националниот универзитет за јавна служба од Будимпешта, Унгарија;
– Академијата на копнените сили од Букурешт, Романија;
– Воената академија „Тхересан" од Виена, Австрија;
– Одбранбениот универзитет од Брно, Чешка.

Првиот член од Договорот ги дефинира целите и улогата на идните меѓународни форуми на воените академии. ИМАФ како научен форум ќе биде институционална годишна работна платформа за разговор помеѓу офицерите за образование и обука, за организирање на институциите и за зајакнување на партнерските институции, воените академии, одбранбените универзитети и други организации кои се занимаваат со образование на офицерите.

*Меѓународниот форум на Воените академии 2014 ( iMAF 2014*)[15] **се одржа исто така во Реишенау, Австрија во периодот од 23 до 27 јуни 2014 година. На „ИМАФ 2014" е обновена идејата за креирање на „Заеднички модули"[16]**. Овие модули треба да бидат основа за содржината на дел од студиските програми за образование и обука на офицерите за сите земји членки, според соодветните национални услови за акредитација. Дел од државите на ЕУ кои ги имаат вградено во наставните програми на воените академии и универзитети го нарекуваат „меѓународен семестар".

---

[14] Меѓународниот форум на Воени академии или International Military Academic Forum (iMAF 2013) е оддржан во периодот од 23. до 28.септември 2013 година во Реишенау,Австрија.

[15] International Military Academic Forum 2014, from 23rd to 27th June 2014, Reichenau an der Rax, Austria.

[16] До 2014 година, постојните Заеднички модули се развиваа преку курсевите од „Европската Иницијатива за размена на млади офицери инспирирана од ЕРАСМУС" и секако допринесоа да се зголеми размената на студенти и наставници. Сите заеднички модули заедно, зафаќаа не цел семестар.

Описот на модулите е согласно насоките на Болоњскиот процец, а фокусот е ставен на „Резултатите од учењето" опишани како „Знаење, вештини и компетенции". Со тоа, се олеснува меѓусебно признавање на наставните содржини и стекнатите сертификати. Идејата е што повеќе воени академии и одбранбени универзитети да се вклучат во иднина. Во таа насока Воената академија „Тхересан" од Австрија, веќе го има направен првиот чекор за развој на „меѓународен семестар" и веќе работи на проширување на една академска година (летен и зимски семестар), што е поврзано со можноста за финансиска поддршка преку Програмата ЕРАСМУС+ на ЕУ.

**Досега се развиени следните заеднички модули:**

| **Назив на модулот** | **Обемот на работа според ЕКТС**[17] | **Кој одговорен за развој** | **Воена академија која го имплементирала** |
|---|---|---|---|
| Почетен воен англиски ( ВМЕ)[18] | 2 | Австрија | X<br>(Модул 0) |
| Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) | 2 | ЕУ (ESDC) | X<br>(Модул Ј) |
| Операции за управување со кризи/ Операции за поддршка на мирот -содржи 4 под модули- | 12[19] | Австрија | X<br>(модул А, Б, Ц и Д) |
| CSDP Olympiad<br>Regulation on how to author & evaluate Essays<br>The aim of this regulation is to assure a common layout, a uniform citation and sequence of essays which are authored by students ear-marked to participate in the CSDP Olympiad. Thus, to increase the scientific quality of essays. | 2 | Кипар | |
| Како да се задоволат медиумите | 2 | Белгија | X<br>(Модул Л) |
| Закон за вооружен конфликт (LOAC-Law of Armed Conflict) | 2 | Франција | X<br>(Модул К) |
| Поморско лидерство | 2 | Франција | |
| Обука на обучувачи | -[20] | ЕУ (ESDC) | |
| **Вкупно** | **24** | | |

Заедничкиот модул за ЗБОП, е применет во Португалија, Шпанија, Грција, Италија и Австрија - во Австрија е составен дел од наставната програма, што значи дека секој австриски офицер-кадет мора да го помине. Во блиска иднина, Италија и Грција ќе го следат истиот приод со интеграцијата на други заеднички модули, кои ќе ја олеснат размената и заемното признавање.

Групата за имплементација го увидела како недостаток фактот што постојните заеднички модули покриваат само еден академски семестар, што било причина организаторите на Меѓународниот форум на воени академии (iMAF 2014) да ангажираат воени експерти[21] за развој на нови модули, кои ќе достигнат статус на „заеднички“[22], а како следен чекор е предвидено истите да се спроведат во институциите на ЕУ за високо воено образование.

[17] Европскиот кредит трансфер систем-ЕКТС има стандардизиран начин како да се пресметува колку ЕКТС е дадено за модулот. Тој податок може да се види во флаерот за ЕКТС на ЕМИЛИО веб страната. Еден ЕКТС претставува приближно 27 часа работно време на студентите. За еднонеделен модул, обично има 2 ЕКТС, ако постои подготвителна фаза. Имајќи во предвид дека поедини земји членки не прифаќаат половина од ЕКТС бодот, Групата за имплементација одлучила да не го наведува ЕКТС бодот по запирката. „Она што сакаме да го избегнеме, јас го нарекувам „ЕКТС инфлација“: тенденцијата на одредени институции да им даваат на нивните курсеви поголема важност со пишување повеќе ЕКТС бодови за модул. Во секој случај, на ректорот на секоја институција е да одлучи, дали и колку многу ЕКТС бодови на крај ќе им даде на студентите“. Извор: Col.Dr.Harald Gell, Sylvain Paile, MS, (2014): “Lessons Learnt from the International Military Academic Forum 2014 “. Publication of the Federal Ministry of Defence and Sports of the Republic of Austria.

[18] Употребата на јазикот е исто така проблематична област. Англискиот е норма. Групата за имплементација даде предуслови во однос на SLP и CERF. Иако еквиваленцијата не е официјална, обично се прифаќаат SLP 2222 соговорници со CERF B2 и SLP 3333 со C1. Извор: Col.Dr.Harald Gell, Sylvain Paile, MS, (2014): “Lessons Learnt from the International Military Academic Forum 2014 “. Publication of the Federal Ministry of Defence and Sports of the Republic of Austria.

[19] Од овие 12 ЕКТС, две недели не се академски во Австрија. Забелешка на авторот Col Dr. Harald GELL (2014).:„Europeanising the initial Officers’ Curriculum Some Challenges – many Opportunities (Visions from the operational Aspect)“.

[20] Овој заеднички модул треба да биде спроведен во текот на 2 дена. Треба да се земе предвид дека овој модул не е во иста категорија како заедничките модули на Иницијативата и беше одобрен од страна на ЕАВ, а не од Групата за имплементација. Забелешка на авторот Col Dr. Harald GELL (2014).:„Europeanising the initial Officers’ Curriculum Some Challenges – many Opportunities (Visions from the operational Aspect)“.

[21] Повеќе од 110 експерти за воено образование од 29 институции и 17 држави учествувале на ИМАФ 2014 во Австрија.

[22] Сите нови заеднички модули се донесени од Групата за имплементација на 10 октомври 2014 година. Извор:Col Dr. Harald GELL (2014).:„Europeanising the initial Officers’ Curriculum Some Challenges – many Opportunities (Visions from the operational Aspect)“. Armed Forces Printing Centre, Vienna, Austria.

**Табеларен приказ на новите заеднички модули:**

| **Назив на модулот** | **Обем на работа според ЕКТС** | **Одговорен за развој** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| Практична обука, обука за мотивација и преживување | 3 | Учесниците на iMAF 2014 | Стручно |
| Заедничко оперативно опкружување | 3 | -//- | Стручно |
| Сеопфатен пристап | 4 | -//- | Академско |
| Културна свест | 2 | -//- | Академско |
| Одбранбена и безбедносна економија | 4 | -//- | Академско |
| Индивидуален личен развој и МЕТА - комуникација | 2 | -//- | Академско |
| Лидерство и Агилност во сложено опкружување | 2 | -//- | Академско |
| Обука на воени инструктори | 3 | -//- | Стручно |
| Тактика во мали единици | 4 | -//- | Стручно |
| **Вкупно:** | **27** | | |

Два модули кои биле во развојна фаза, а се предвидувало во блиска иднина да бидат „заеднички“:

– ЗБОП -Вежби на тактичко ниво - модул со 2 ЕКТС, кој треба да ги зголеми лидерските способности во сложени услови. Пилот-проектот е спроведен во Кипар во август 2015 година.

– Сајбер-безбедност - модул со 2 ЕКТС, која треба да ја подигне свеста на офицерите/кадети за опасностите во врска со електронскиот систем. Пилот-модулот е спроведен во Франција во ноември 2015 година.

Создавањето меѓународен семестар како следен чекор во Заедничкото образование на офицерите во Европа, било главната тема на следниот *Меѓународен форум на Воени академии, ИМАФ 2015*[23] кој е одржан во Сибиу, Романија од 10 до 14 јуни 2015 година, а домаќин била Академијата на копнените сили на Романија. Учесниците излагале за повеќе компетенции кои треба да ги стекнат кадетите за време на спроведувањето на идниот „меѓународен семестар“, кој ќе се спроведува

[23] Меѓународниот форум на воени академии, ИМАФ 2015 се оддржа во Сибиу, Романија од 10 до 14 јуни 2015 година и на истиот учествувале 80 експерти од военото образование, како и 25 кадети и студенти од 15 држави членки на ЕУ и САД, кои претставувале 23 институции за високото воено образование.

на институциите за високо воено образование во државите на ЕУ. Исто така, на ИМАФ 2015 се дефинирани влезните критериуми за кадетите/студентите кои имаа намера да учествуваат на таков семестар.

***Во следната табела е даден преглед на модулите и работната содржина на идниот меѓународен семестар***

| **МОДУЛ** | **ЕКТС** |
|---|---|
| Заеднички модул  Основен воен англиски | 2 |
| Заеднички модул  Сеопфатен пристап | 4 |
| Заеднички модул  Воено хуманитарно право | 2 |
| Заеднички модул  Културна свест&Модул за инеркултурна комуникација | 2+2 |
| Модул  Сајбер-безбедност&Електронско војување | 2+2 |
| Модул Интероперабилност | 6 |
| Модул Воено лидерство | 4 |
| Модул Физичка обука | 4 |
| **Вкупно:** | **30** |

Што се однесува до влезните услови и критериуми, доколку кадетите/студентите сакаат да учествуваат на ваков семестар, треба да ги исполнат следните услови:

-познавање на англиски јазик  ниво CERF  B1;
-физичка подготвеност согласно националните прописи;
-основни критериуми за лидерство и комуникација;
-основни знаења за компјутери, социјални медиуми, воени правила;
-свест за националните армиски сили и сопствената култура;
-тактика на ниво на вод и процес за донесување на воени одлуки;
-подготвеност за прифаќање одговорности.

Модулите кои не се заеднички ќе бидат објаснети од страна на Групата за имплементација, со цел да се прилагодат и да може во подоцнежната фаза и тие да станат заеднички модули.

Во текот на 2016 година се одржа следниот Меѓународен форум на воени академии „ИМАФ 2016“, во Вроклав, Полска, кој претставува продолжување на напорите на воените високообразовни институции на државите на ЕУ, за целосно имплементирање на целите на „Европската иницијатива за размена на млади офицери инспирирана од ЕРАСМУС“, наречена– ЕМИЛИО.[24]

[24] Во таа насока постојат и други регионални иницијативи како што е „**Централно европскиот форум за воено образование**“( Central European Forum on Military Education-CEFME). CEFME е доброволна организација на Воените академии од земјите на Средна Европа, основана

## Заклучок

Националните военообразовни системи на државите на ЕУ, во последните седум години вложиле исклучителни напори да обезбедат соодветна основа за развивање на нивната мобилност, во склоп на европската интеграција на високото воено образование. Во таа насока, Иницијативата успешно ги промовира потенцијалите на високото воено образование и придобивките од „Европеизацијата“, за да се биде признат како образование и обука на високо рамниште. Иницијативата овозможува воспоставување комуникациски канали и мостови, помеѓу учесниците во военото образование и обука и овозможи зголемување на бројот и квалитетот на размената на европските кадети и млади офицери. Нејзините актери, и покрај тоа, континуирано вложуваат напори да ги препознаат идните правци за развој на мобилноста и да се справат со предизвиците.

Европското опкружување на мобилност и знаење навистина е обврска што мора да се одржи од страна на инволвираните држави, особено во поглед на политичките и финансиските аспекти на нивните институции и во поглед на препознавањето на вредностите од размената на наставните програми за самите кадети и за идните воени лидери.

Европеизацијата на основното/академско образование и обука на офицерите во Европа, е предизвик и процес кој се анимира од можноста да постави најсолидна основа за безбедност и одбраната на Европа во иднина.

Крајната цел на Декларација од 2008 година, која е потпишана од министрите за одбрана на членките на ЕУ е водилка во овој процес, а тоа е - завршување на процесот на хармонизација на основното/академско образование на младите офицери во Европската унија.

## ЛИТЕРАТУРА

- Harald GELL (2014).:„Europeanising the initial Officers’ Curriculum Some Challenges – many Opportunities (Visions from the operational Aspect)“.
- Herald Gell, Users Guide Workloads Calculation of Non-Academic Basic Officer Education. Available: www.emilyo.eu.
- Harald Gell, Sylvain Paile, (2014): “Lessons Learnt from the International Military Academic Forum 2014 “. Publication of the Federal Ministry of Defence and Sports of the Republic of Austria.
- Sylvain Paile, European Military Higher Education Stocktaking Report, Brussels, Council of the European Union DG F Press, May 2010
- Sylvain Paile (Ed.), Europe for the Future Officers, Officers for the Future Europe – Compendium of the European Military Officers Basic Education, Polish Ministry of National Defence, Department of Science and Military Education, Warsaw, September 2011
- Sylvain Paile-Calvo (2015):”Europeanising the initial officer education:some challenges, many opportunities”.
- http://www.ond.vlaanderen.be/bologna/conference/Leuven Louvain-la-Neuve
- http://www.emilyo.eu/
- http://tvnewsroom.consilium.europa.eu

2007 година. Основна цел на форумот е поддршка на развојот и унапредувањето на образованието и обуката на припадниците на вооружените сили и на развојот на соработката помеѓу Воените академии и Одбранбените универзитети во сферата на образованието, истражувањето, размената на предавачи и кадети, како и за организирање на заеднички активности. Членки на CEFME се Австрија, Чешка, Естонија, Унгарија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија и Хрватска.

***„СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“***
МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

## УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

**Меѓународното научно списание „*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*** е теоретско списание кое го издава Министерството за одбрана на Република Македонија. Списанието излегува редовно двапати годишно и еднаш годишно како вонредно издание на определена тема. Во Списанието се објавуваат оригинални научни и стручни трудови, прикази на книги од областа на одбраната, безбедноста и мирот, како во национални рамки, така и на регионално и на глобално ниво.

**Во Списанието можат да бидат објавени само рецензирани и класифицирани трудови како: изворни научни трудови, прегледни научни трудови и стручни научни трудови и прикази на книги**.

Прифаќањето на трудот во Списанието ги обврзува авторите да не ги објавуваат и во други списанија.

Трудовите не можат да имаат повеќе од три коавтори.

Ракописот треба да се доставува во електронска форма. Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

Трудовите треба да бидат напишани на англиски јазик, и треба да имаат наслов, апстракт и клучни зборови.

Трудовите што не се предвидени за печатење им се враќаат на авторите со образложување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРУДОТ

**Трудот треба да се состои од:** наслов, автори, институција, апстракт, клучни зборови, вовед, главен дел, заклучок и литература. Целосниот труд не треба да биде подолг од 5000 збора на англиски јазик.

**Наслов на трудот** - 14 points, Times New Roman, центрирано, Насловот на трудот треба да биде кус, но да дава верен одраз на содржините и по можност да содржи што повеќе клучни зборови од опфатената проблематика.

Еден празен ред.

**Автори** - име и презиме, мали масни **(Bold)** букви, 11 points, Times New Roman, центрирано.

Два празни реда.

**Институција -** ракописни букви (Italic), 11 points, Times New Roman, центрирано.

Два празни реда.

**Апстракт -** 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.

Еден празен ред.

**Клучни зборови -** максимум до 5 збора, 11 points, Times New Roman, единечен проред

**Вовед -** 11 points, Times New Roman, единечен проред. Еден празен ред.

**Главен дел на трудот-** 11 points, Times New Roman, единечен проред.

Еден празен ред.

**Заклучок -** 11 points, Times New Roman, единечен проред. Заклучокот треба да претставува кусо резиме од трудот, а да ги опфати и резултатите до кои се дошло со истражувањето.

Еден празен ред.

**Литература -** 11 points, Times New Roman, цитирана според Харвардскиот стил на цитирање. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фуснотите во текстот. Се наведуваат само библиографски податоци што се употребени во текстот. Се цитираат сите видови извори на информации – книги, научни списанија, интернет-страници, компјутерски софтвери, печатена или e-mail кореспонденција, па дури и вербална конверзација.

Во трудовите во кои се користат табели, слики, цртежи, фотографии, илустрации, графикони и шеми, истите треба да се нумерирани последователно, со арапски броеви, а насловот на сликата да е напишан под неа. Секоја слика или група слики се планираат на начин што овозможува прегледност. Сликите во електронска форма се испраќаат како посебен JPG документ со минимална резолуција од 300 dpi. Сликите во боја се печатат како црно – бели.

**Формат:** А4-формат, предадено во електронска форма.

Маргини

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГОРНА | 5 см | TOP | 1.89” |
| ДОЛНА | 5 см или Page Setup компјутерски | BOTOOM | 1.89” |
| ЛЕВА | 4 см параметри во инчи (inch) | LEFT | 1.58” |
| ДЕСНА | 4 см | RIGHT | 1.58” |
| | | GUTTER | 0” |

Уредувачкиот одбор е должен пристигнатите трудови да ги достави до компетентни рецензенти. Рецензентите и авторите остануваат анонимни. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на Уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни, најмногу во рок од 15 дена, да ги извршат неопходните корекции.

Брзината на објавувањето на трудот, покрај останатото, зависи и од придржувањето кон ова упатство.

**Рокови за доставување на трудови -** 30.04. и 31.10. во тековната година на

АДРЕСА:

1. ВОЕНА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ" – СКОПЈЕ

Проф. д-р Александар Главинов, главен и одговорен уредник

Продекан за финансии, инвестиции и меѓународна соработка

e-mail: aglavinov@yahoo.com;

aleksandar.glavinov@morm.gov.mk

тел: 070 403 406

или

2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА -
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И ПРОДУКЦИЈА

Доц. д-р Жанет Ристоска

e-mail: zanet.ristovska@morm.gov.mk
zanet.ristoska@yahoo.com

или

sovremena@morm.gov.mk

*Скопје, 21.01.2013*

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР НА СПИСАНИЕТО***
***„Современа македонска одбрана"***

Списанието излегува два пати годишно

www.morm.gov.mk/sovremena-makedonska-odbrana/

31

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

31

ЃОРГЕ ИВАНОВ

ДРАГЕ ПЕТРЕСКИ, ЗЛАТКО ПАВЛОСКИ, АНДРЕЈ ИЛИЕВ

ОЛИВЕР БАКРЕСКИ, ДРАГАН ТРИВАН, СЕВИЛ МУАРЕМОСКА

РОСЕ СМИЛЕСКИ, ЉУПЧО ШОШОЛОВСКИ

АЛЕКСАНДАР ГЛАВИНОВ, ГОРАН КАМЧЕВ

БИЛЈАНА КАРОВСКА-АНДОНОВСКА, РИНА КИРКОВА

НАЗИФ МАНДАЧИ

ИРИНА ЧУДОСКА БЛАЖЕВСКА

ЉУПЧО РИСТОВСКИ

КИРЕ ЈАНЕВ, МЕТОДИЈА ДОЈЧИНОВСКИ, НЕНАД ТАНЕВСКИ

ЗЛАТКО КУЗМАНОВ

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА